**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**

**ФИЛОЗОВСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**




**Миланчо Б. Чанговски**

# "УЛОГАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО ФУНКЦИЈА НА УСПЕШНО ВОДЕЊЕ НА БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ"

**Магистерски труд**

**Скопје, 2014**

**Ментор:** проф. д-р Митко Котвчевски

**Членови на комисија:**

проф. д-р Митко Котвчевски,

проф. д-р Синиша Даскаловски,

проф. д-р Тони Милески.

**Дата на одбрана:**

Скопје 08.07. 2014 година

**ОПШЕСТВЕНИ НАУКИ**

# Содржина:

ВОВЕД ..... 6
ГЛАВА 1. ТЕРОРИЗАМ ..... 8
1.1 Дефинирање на тероризам ..... 8
1.2 Различни дефиниции за тероризам ..... 9
1.3 Карактеристики на тероризмот ..... 11
1.4 Мотивација за тероризам ..... 12
1.5 Современ тероризам ..... 13
1.6 Нов тероризам против стар тероризам ..... 14
1.7 Новиот тероризам ..... 18
1.8 Одговор на тероризмот ..... 20
ГЛАВА 2. ВООРУЖЕНИ СИЛИ ..... 23
2.1 Вооружени сили ..... 23
2.2 Улогата на вооружените сили ..... 24
2.3 Видови на сили во рамките на вооружените сили ..... 24
2.4 Изменета улога на вооружените сили ..... 26
2.5 Улогата на вооружените сили во внатрешната безбедност ..... 27
2.6 Компаративен преглед на улогите и задачите на вооружените сили ..... 28
2.7 Законска рамка на улогата и задачите на вооружените сили ..... 31
2.7.1 Улогата и задачите на вооружените сили В. Британија ..... 32
2.7.2 Улогата и задачите на вооружените сили во Германија ..... 34
2.7.3 Улогата и задачите на вооружените сили во Италија ..... 36
2.7.4 Законска рамка на дејствување на вооружените сили во Австрија ..... 40
2.7.5 Законска рамка на дејствување на вооружените сили во Франција ..... 45
2.8 Улогата на вооружените сили во справување со катастрофи ..... 48
2.9 Улогата на вооружените сили во заштита на животната средина ..... 49
2.10 Улогата на вооружените сили во помош на заедницата ..... 49
2.11 Фактори на влијание на улогата и задачите на вооружените сили ..... 50
2.12 Потенцијални опасности и можности од вклученоста на вооружените сили во внатрешни улоги и задачи ..... 52
2.13 Вооружените сили во 21 век ..... 53
2.13.1 Борбени операции ..... 54
2.13.2 Меѓународна стабилност и операции за поддршка ..... 54
2.13.3 Цивилна поддршка ..... 55
2.13.4 Национална одбрана ..... 56

2.13.5 Меѓународна хуманитарна помош.....58
2.13.6 Воени операции.....59
2.14 Вооружени сили на НАТО.....60
2.14.1 Воени операции на НАТО.....61
2.14.2 Воена соработка на НАТО.....64
ГЛАВА 3. УЛОГАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ.....65
3.1 Улогата на вооружените сили во борба против тероризмот.....65
3.2 Воена сила.....66
3.3 Примарни мисии на вооружените сили.....67
3.4 Тактики на вооружените сили во справување со тероризмот.....69
3.5 Техники на вооружените сили во справување со тероризмот.....71
3.6 Специјални сили.....73
3.7 Специјално војување.....76
3.8 Улогата на специјалните сили.....77
3.8.1 Специјалните сили во борба против тероризмот.....77
3.8.2 Контра – терористички мерки на специјалните сили.....78
3.8.3 Планирање на анти – терористичките операции.....80
3.8.4 Сили за специјални операции.....83
3.8.4.1 Специјални сили на Русија.....84
3.8.4.1.1 Специјални единици Алфа група, Вимпел.....84
3.8.4.1.3 Специјални сили на воздухопловството.....89
3.8.4.1.4 Сили за специјални операции за брза реакција и авијација.....90
3.8.4.1.5 Специјални сили на Руската морнарица.....91
3.8.4.1.6 Разузнавачка служба за дејство во странство.....92
3.8.4.1.7 Останати сили кои се под Министерство за внатрешни работи и министерство за одбрана на Русија.....92
3.8.4.2 Специјални сили на В.Британија.....93
3.8.4.3 Специјални сили на Германија.....99
3.8.4.4 Специјални сили на Франција.....102
ГЛАВА 4. СТРАТЕГИСКИ ПРЕГЛЕД НА УЛОГАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ.....109
4.1 Стратегиска визија за борба против тероризмот.....109
4.2 Одбрана на потенцијалните цели на напад.....110
4.3 Директен и проширен напад против тероризмот.....110
4.4 Стратегија за победа во борба против тероризмот.....111
4.5 Елементи на контра – терористичка стратегија.....114
4.6 Национален воен стратегиски план за борба против тероризмот.....115

4.7 Национална воена стратегија ... 117
4.7.1 Борба против екстремизмот ... 118
4.7.2 Одвраќање и пораз на агресијата ... 118
4.7.3 Зајакнување на регионалната и меѓународната безбедност ... 119
4.7.4 Обликување на силите ... 119
4.8 Здружени сили ... 120
4.9 Национална стратегија за внатрешна безбедност ... 121
4.9.1Спречување на терористички напади ... 121
4.9.2 Спречување на тероризмот во користење на оружјето за масовно уништување ... 121
4.9.3 Негирање на терористите, нивното оружје и други материјали поврзани со закани врз внатрешната безбедност ... 122
4.9.4 Спречување на користење на патишта од страна на терористичките организации ... 122
4.9.5 Спречување на насилна екстремистичка радикализација ... 122
4.9.6 Идентификација и спречување на изворот на радикализација ... 123
4.9.7 Продолжување на напорите во разбирање на радикализацијата ... 123
4.8 Глобална стратегија за борба против тероризмот ... 124
ЗАКЛУЧОК ... 127
Користена литература: ... 131

# ВОВЕД

Во историјата на човештвото, отсекогаш постоеле определени недоразбирања, спротивности како и поделби врз разни основи. Сите овие појави и причини низ историјата на развојот на човекот како единка, како и на општеството во целина се појавувале и одвивале во разни форми и на разни начини. Меѓузависноста на внатрешните и надворешните противречности укажува на тоа дека животот во современиот свет се одвива во конфликтни услови кои создаваат политичко – безбедносна нестабилност, а сето ова го прави времето во кое живееме да биде исполнето со многу нагласени напнатости.

Во секое уредено демократско општество, политичките, безбедносните и другите интереси на граѓаните од ден на ден се моделираат, се трансформираат и добиваат на содржина во согласност со општите цивилизациски преобразби. На тој пат стојат бројни предизвици и разни форми на деструкција, разни извори на загрозување кои добиваат глобален карактер и ја доведуваат во прашање егзистенцијата и опстанокот на човештвото. Освен тоа, разните форми и инструменти на насилства по пат на тероризам, организиран криминал, наркоманија, оружје за масовно уништување, недвосмислено укажуваат на денежната општествена стварност.

Тероризмот како денешно најголемо зло многу пати спомнуван во секојдневниот говор, полека но сигурно го пронаоѓа патот во секојдневието на денешниот модерен човек.

Неговиот феномен е толку фасцинантен што непрестано се бараат и трагаат начини за негово објаснување и толкување. Со дефинирањето на тероризмот,

објаснувајќи го неговиот феномен, дефиниции, стари модерен тероризам, стариот против новиот тероризам, паралелно се трагаат и начини и постапки за негово сузбивање. Методи, тактики, стратегии, вооружување, сили, луѓе и опрема кои се во служба на конечно искоренување и победа над тероризмот.

Секоја модерна и глобална држава во современиот свет воспоставува заштита од разни безбедносни закани, било тоа да се надворешни или внатрешни. Со континуирано нараснување на безбедносните закани врз националната безбедност на современите држави предизвикани од тероризам, се почесто се поставува прашањето за местото и улогата на војската во борба против овој глобален феномен.

Целта на овој магистерски труд ќе преставува да се прикаже улогата на вооружените сили, нивната улога во справување со закани од внатрешна природа, борба против тероризмот, сили (специјални сили), средства и стратегиското значење на вооружените сили во справувањето со тероризмот.

# ГЛАВА 1. ТЕРОРИЗАМ

## 1.1 Дефинирање на тероризам

Не постои единствена и универзално прифатена дефиниција за тероризмот. Постојат многу причини заради тоа, како и не помалку важно клишето кое кажува дека:

**“терористот од една страна е терорист, а од друга страна преставува борец за човекови права”** [1].

Тероризмот не е нов концепт и тој влече корени од почетокот на запишаната историја. Тероризмот различно се опишува, како тактика, стратегија, кривично дело, оправдна реакција на угнетувањето или пак како света должност. Тероризмот е најчесто ефикасна тактика на послабиот во страната на конфликтот. Како асиметрична форма на конфликт, тој дава принудна моќ со големи предности во воена сила, а мал дел во трошоци. Поради таинствената природа и неверојатната умешност, тие преставуваат организација која е тешко совладлива и вечен непријател на одбранбените сили на секоја држава [2].

Повеќето дефиниции најчесто имаат заеднички елементи кои се ориентирано околу тероризмот како систематска употреба на физичко насилство, вистински или загрозени – борци (неборци), но со широка публика за создавање на општа клима на

[1] Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс, Напад на тероризмот, Нампрес, 2009 година

[2] www.terrorism.com

страв чија цел преставува населението или државните органи за остварување на ефектот на политичка или општествена промена.

Заради подобро разбирање и посликовито прикажување на комплексниот поим тероризам, следниот чекор преставува поглед на различните дефиниции на тероризмот, гледано од страна на различни автори, држави и агенции.

## 1.2 Различни дефиниции за тероризам

Според целите на истражувањето во тероризмот, тероризмот би се дефинирал на следниот начин:

- Според авторот, Брајан Џенкинс, тероризмот се дефинира како употреба или загрозена употреба на сила со цел да се донесат политички промени,
- Според, Валтер Лаквиер, тероризмот преставува нелигитимна употреба на сила за да се постигне политичка цел, кога невини луѓе преставуваат жртви, односно,
- според Џејмс.М Полска, тероризмот преставува предумисла, намерно, систематско убиство, осакатување и закана кон невините за да се создаде страв и заплашување со цел да се здобијат политички или тактички предности кои ќе влијаат на публиката (луѓето).

**САД**, го дефинираат тероризмот како активност која вклучува:

а) Насилни акти, или акти опасни по човечкиот живот кои преставуваат прекршување на кривичните закони на САД, или било која држава, или кривична повреда ако е извршена во рамките на САД, или на било која држава и

б) Актите кои се наменети да се заплаши или принуди цивилното население, да се влијае на политиката на владата од страна на заплашување и принудување, или да се влијае на однесувањето на владата од страна на атентати и киднапирања.

**Европската унија,** според рамковната одлука за борба против тероризмот (2002), го дефинира тероризмот како кривично дело главно составено од прекршоци врз луѓето и имотот, кои со оглед на нивната природа и контекст можат сериозно да ја

оштетат било која земја или меѓународна организација, сериозно да го заплашат населението или прекумерно да ја заплашат Владата или меѓународната организација да изврши или да се воздржи од било каква активност, или пак сериозна дестабилизација или уништување на основните политички, уставни, економски или социјални структури во земјата или на некоја меѓународна заедница [3].

**Воената алијанса – НАТО**, го дефинира тероризмот како глобална закана која не знае за граница националност или религија, предизвик за сите држави сојузи или меѓународни организации [4].

**ФБИ** – го дефинира тероризмот како незаконско користење на сила или насилство против лица или имот за да ги заплаши, или да ја принуди Владата, цивилното население, или било кој сегмент од неа, во продолжение на политички или општествени цели [5].

**ЦИА,** го дефинира тероризмот на следниот начин:

- Поимот тероризам значи предумисла, политички мотивирано насилство извршено врз неборбени цели од локални групи или тајни агенти,
- Изразот меѓународен тероризам, значи тероризам вклучен во територијата на граѓани на повеќе од една земја и
- Терминот терористичка група, значи, секоја група која практикува или има значајни подгрупи кои корстат тероризам [6].

**МИ5**, го дефинира тероризмот како употреба на закана за акција со цел да се влијае на влада или меѓународна невладина организација или за заплашување на јавноста, или дел од јавноста; направени за целите на унапредување на политичка, верска, расна или идеолошка причина и тоа вклучува или предизвикува:

[3] www.terrorism – research.com

[4] www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm

[5] www.fbi.gov

[6] www.cia.gov

- Сериозно насилство против лице,
- Сериозна штета на имот,
- Закана за живот на едно лице и
- Сериозен ризик за здравјето и безбедноста на јавноста или сериозни пречки и нарушување на елктронскиот систем [7].

## 1.3 Карактеристики на тероризмот

Речиси сите дефиниции на тероризмот се состојат од пет одредени елементи:

- **Насилство** – Без насилство или закана од насилство, терористите не можат да ги принудат носителите на политички одлуки да одговорат на нивните барања,насилството се користи за да се постигне тоа,
- **Сторител** – гледано од аспект на сторител, самиот поим е контроверзен. Ако една држава или влада користи насилство и тактики на терор против своите граѓани, ова преставува терористички чин, во таков случај се зборува за државен терор, а не за тероризам. Во случај каде државите ги подржуваат терористичките групи, преку обезбедување на засолништа, финансирање, оружје, интелегенција, обука или други средства може да се зборува за државно спонзорирање на тероризмот,
- **Мотив** – типот на мотивација го определува видот на тероризмот. Во отсуство на политичко/општествен повод, чинот на насилство обично се етикетира како кривично дело наместо терористички чин,
- **Жртви** – во поглед на жртви на тероризмот прашањата се најконтроверзни. Сите споменати дефиниции за тероризам го разгледуваат терористичкиот напад како напад врз цивилите. Главното прашање би било да се смета терористички чин ако е изведен врз воени цели или мировници на меѓународна организација (ООН) и
- **Публика** – се однесува на населението што терористичкиот чин има намера да го заплаши.

[7] www.cia.gov

## 1.4 Мотивација за тероризам

Идеологијата и мотивацијата ќе влијаат на целите на терористичките операции, посебно во однос на жртвата. Групи со секуларни идеологии и не-религиозни цели, често ќе пробуваат многу селективно да извршуваат акти на насилство за да ја постигнат својата одредена политичка цел. Ова често бара од нив задржување на жртвите на минимално ниво за постигнување на целта. Со ограничување на нивните напади, тие го намалуваат ризикот од поткопување на надворешната политичка и економска подршка. Тензиите предизвикани од балансирањето на ваквите размслувања, често преставуваат основен фактор за развој на фракции и вантрешни подлеби во терористичките организации.

Спротивно на тоа, религиозните групи со милениумски цели обично се обидуваат да предизвикуваат колку што е можно повеќе жртви. Поради апокалитичната референтна рамка што ја користат, губењето живот станува ирелевантно, а повеќе жртви преставуваат добитна комбинација. Видот на целите често се одразува на мотивациите и идеологиите. За групи кои исповедаат секуларни политички или социјални мотивации, нивните цели преставуваат симболика на орган: владини канцеларии, банки, национални авиокомпании и мулти национални корпорации со директна врска и утврден редослед. Континуирано без оглед на целите, се вршат и напади врз реперезентативни поединци кои се држат со економските експлоататори, социјалните неправди или политичките неправди.

Друга форма и симболика преставува користењето на терористичко однесување кон одредени годишнини и комеморативни датуми. Извршувањето на терористички акт во денови од особено значење за непријателот, го обезбедува потребното влијание во светот.

Намерите на тероризмот преставуваат:

- Ослободување на затвореници,
- Задоволување на одмаздата,
- Кражби и изнудување на опрема, особено на оружје од витално значење за терористите,
- Влијание врз владини одлуки, законодавството или други критични одлуки,

- Терористичката група или организација се обврзуваат на акти на насилство за произведување на страв, добивањето на внимание од целиот свет, национално или локално признавање на нивната кауза и медиумско внимание,
- Вознемирување, ослабнување и посрамотување на владините безбедносни сили, така што владите ќе делуваат неконтролирано и репресивно,
- Уништување на објекти или нарушување на линии за комуникација, со цел создавање на сомнежи во владата во обезбедување и заштита на своите граѓани,
- Обесхрабрување на странските инвестиции, туризам или помош кои можат да имаа влијание на економијата на земјата и
- Менување на герилската војна со форсирање на владините безбедносни сили на концентрирање на своите напори во урбаните средини. Ова овозможува поврзување на терористичката група со граѓаните во руралните средини [8].

## 1.5 Современ тероризам

Голем број на автори сметаат дека одредени современи карактеристики на општеството ги прават ранливи на тероризам. Добар пример за ова тврдење преставува автономијата на современите градови, односно фактот што мобилното наеление кое го населува станбениот простор често и не знае ништо за идентитетот на неговите најблиски соседи, што остава простор за тајно делување на терористичките ќелии без да се привлече никакво внимание.

Ова значи дека било која група може да се насочи кон таен облик на насилство, без придобивање на симпатии како маска за своите дејствија. Прикажано од космополитски карактер на западните градови и поедноставен начин на транспорт помеѓу нив, тие ги поедноставуваат начините на овие групи да спроведуваат тајни дејствија во овие места.

Најважно од преставеното е дека тајното насилство што се поврзува со тероризмот преставува само една од неколкуте форми на политичко насилство.

[8] www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm

Освен нередите што се возможни во индустриското и постиндустриското општество, или со други зборови вид на политички пресврт каде што поголем број на луѓе можат да носат оружје и да се организираат во герилска војска е возможен само во општества во кои значителен дел од населението сеуште живее во руралните области.

Поради фактот што типовите на организирано насилство се возможни само во високи развиени општества по пат на тајно насилство поврзано со тероризам, именувањето на оние што се занимаваат со тероризам, методолошки преставува копмлексна задача.

Тероризмот се разликува во однос на герилското војување по убивањето, повредувањето или заканите упатени према невини набљудувачи. Поврзувањето на тероризмот со политичкото насилство од најнизок степен, го става во контекст на ситуации во кои што вистинскиот ризик е исклучително низок за многу цивили.

Но она што е најмногу важно е преставувањето на јавниот впечток дека нивната стратегија е намерно насочена спрема цивилите и набљудувачите. Во контекст на изложеното, различната јавност било да е странска или домашна има различен поглед во однос на прашањето за тероризмот, а токму тоа може да преставува фактор за потенцирање на виновниците за политичко насилство [9].

## 1.6 Нов тероризам против стар тероризам

Што преставува новиот тероризам? За одговор на ова прашање потребно е соодветно дефинирање на терминот нов и негова доследна примена во денешните околности.

Терористичките напади од 11 септември, целосно го променија и перцептивно го трансформираа тероризмот во целиот свет. Заради таквиот поглед и измена на тероризмот потребно е нов приказ на транснационалниот и меѓународниот тероризам, заради загриженоста на влијанието на тероризмот врз националната и меѓународната безбедност.

Разликата помеѓу транснационалниот и меѓународниот тероризам се преставува во следните толкувања:

[9] Адријан Гелке, Новата ера на тероризмот и политичкиот систем, Магор, Скопје 2009 година

- “Транснационалниот тероризам работи во една земја, но на моменти работи и надвор од нејзината територија” и
- “Меѓународниот тероризам не само што работи надвор од својата територија, туку е со седиште во неколку земји и е составен од припадници од различни националности”.

Влезот на модерниот тероризам преставува Ал – Каеда, вистинска меѓународна организација, пример за нов тероризам, феномен на тероризам од катастрофални последици и во судир со сите досегашни познати лекции за феноменот теорризам. Тероризмот денеска вклучува нови непријатели, нови мотивации и нови методи. Основни разлики помеѓу стариот тип на тероризам и новиот тероризам преставуваат територијалноста, мотивацијата и индивидуализацијата.

**а) Територијалност**

Стариот или традиционалниот тероризам имал влијание и последици само врз земјата – домаќин, нејзините институции, население, имот и политики. Со стариот тероризам, целта преставувала земјата – домаќин и нејзините ресурси. Поради тоа, антитерористичките стратегии на државите не вклучувале други држави, заради невлијанието на терористичките цели на странски влади или нивни интереси.

Со новиот вид на тероризам, државите мора да соработуваат со разузнавачките агенции и безбедносни сили на другите држави, со цел да одговорат на основните причини на тероризам. За таа цел, од страна на ООН и нејзиното тело, Канцеларијата на ООН за дрога и криминал, воспоставена била програма за специјализирана помош од страна на Канцеларијата за дрога и криминал за ратификација и спроведување на глобалните конвенции и протоколи поврзани за превенција и сузбивање на меѓународниот тероризам и поставување на ефективни механизми за глобална соработка

Денешните терористички групи и организации не познаваат граници и не работат во рамките на една земја [10].

[10] The United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC)

**б) Мотивација**

Новите терористички групи се карактеризираат со расфрлани структури и цели низ целиот свет и цели кои се повеќе религиозни, отколку политички и одат подалеку од верувањето што преовладувало во минатото, на организација со “цврста преграткa и мистични верувања”.

Тероризмот од поновата ера станал повеќе религиозен, за разлика од традиционалниот тероризам кој повеќе имал политички корени, новиот бран на терористи се повеќе ја вклучува религијата како основа на своите терористички акти. Ал – Каеда и нејзината терористичка мрежа се пример на новиот бран на тероризам. Сепак, новиот тероризам не е ограничен само на радикални исламистички групи. Сегашниот тренд, особено на западните општества да го фокусираат тероризмот со исламот, е во поглед посебно од страна на исламската религија погрешно, бидејќи насилната религија не е подржана ниту во светата книга на мислиманите – Куранот. Новиот бран на тероризам, катастрофален тероризам во себе освен религиозните трендови, ги опфаќа и трендовите на оружје за масовно уништување.

Тероризмот се повеќе се темели на употреба и закани за употреба на ова оружје, напади на складишта со бојни и хемиски отрови, уцени со напад на железнички станици, градски водоводи, сето тоа преставува нов вид на тероризам кој е многу пострашен и и понепредвидлив од старите форми на тероризам – една бомба и неколку цивили.

**в) Индивидуализација**

Жртвите на традиционалниот тероризам никогаш не биле избрани по случаен избор. Жртвите најчесто биле насочени според нивната симболична вредност. Најчесто симболи на нивните цели преставувале: влади, дипломати, банкари, преставници на меѓународни организации.

Новиот вид на тероризам оди до геноцид и обезличување на неговите цели. Самоубисвени бомбашки напади во кои гинат илјадници луѓе (претежно цивили) преставуват добри примери на недискриминирачки убиства од страна на новите терористи. Новиот тероризам не прави ралика помеѓу целите на нивните групи. Пр. Целите преставуват мажи, жени и деца, не само поради тоа што тие неселективно се

убиваат, туку поради фактот што тие преставуваат и припаѓаат на непријателска држава, нација.

Новиот тероризам се темели на пет вредности и тоа:

- **Прва**, новиот тероризам го прави неизбежно користењето на високата технологија (воени, разузнавачки информации, комуникации) за напад на цели низ целиот свет. Ова преставува последица на глобализацијата,
- **Втора**, идеолошка обврска во извршување на терористичкиот акт го преставува терористот како цел сам за себе, а не само како тактика за постигнување на политичка цел,
- **Трета**, новиот тероризам донесува нови цели, а со тоа преставува зголемување на уништувањето до катастрофални последици и предизвикување на глобално внимание, како што се нападите на 11 септември и активностите на Ал – Каеда,
- **Четврта**, глобализацијата и информатичката технологија им овозможува на терористите да минуваат големи растојанија со релативна анонимност. Покрај тоа, можноста за пристап до биолошки, хемиски и нуклеарни оружја е неколку пати зголемена и
- **Петта**, терористичките организации тежнеат да имаат помала хиреархиска поставеност и се повеќе тежнеат кон мрежна организација. Да се има помал синџири на команда и инструкции кои доаѓаат од централниот лидер.

Не – хиерархиската природа на командување и мрежната поставеност им овозможуваат не така лесен приод на безбедносните служби на државите [10].

Според одредени автори стариот и новиот тероризам се разликуваат според шест причини и тоа:

- **Првата**, новиот тероризам е повеќе насилен. Претходните терористи повеќе сакаале внимание, ане премногу жртви. За разлика од тоа денешниот т,е модерниот тероризам ги посакува и двете цели,

[10] The United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC)

- **Втора**, стариот тероризам главно бил насочен кон промена во локлните политики на државите, новиот тероризам е транснационален извршен од страна на недржавни актери кои делуваат на меѓународно ниво и нивни цели преставуваат уништување на западот и сите исламски секуларни системи,
- **Трета**, новиот тероризам е подобро финансиски организиран, не само до легални туку и од нелегални приходи за финансирање на своите операции. Тие се потрпираат на терористичка закан за финансирање од страна на поединци или потпирање на меѓународниот финансиски систем и технологија за пренос на средства,
- **Четврта**, силите на новиот тероризам се подобро обучени за разлика од старите терористи. Пр, различни кампови за обука низ целиот свет, посебно во Авганистан,
- **Петта**, чинот на збратимување на терористите, особено на верските преставува начин на функционирање на новиот тероризам. Мрежната поставеност и функционирање на мобилни командни структури ги прави многу тешки за пробивање од страна на безбедносните структури и
- **Шеста**, потенцијалната достапност на оружјето за масовно уништување во рамките на новиот тероризам создаваат катастрофални закани за модерниот свет.

За сузбивање на новиот вид на тероризам потребна е широка координација помеѓу државите, особено во однос на различни терористички акции како што се: киднапирање и земање заложници, бомбашки напади и убиства, самоубиста, саботажи, напади со биолошко, хемиско и нуклеарно оружје [11] и [12].

## 1.7 Новиот тероризам

За да се разбере и дефинира новото значење на тероризмот во денешниот модерен и глобален свет, потребно е да се направи анализа на неговата мрежна структура. Терористите во денешен поглед се поспособни и поподготвени да развиваат мрежни форми на организација, слично како и модерните бизнис идеи.

[11] www.terrorism.about.com

[12] www.mi5.gov.uk

Информатичката технологија, намалување на трошоците за комуникација им помагаат на организациите да излезат од својата хиерархиска структура. Мотивацијата е битен фактор за преобразба на организацијата. Таа станува се повеќе флексибилна, прилагодлива и еластична бидејќи секој од нејзините поединци делува според својот инстикт и во координација со другите. Ова преставува можност да организациит научат, односно да бидат повеќе флексибилни и прилагодливи. Организацијата станува се повеќе еластична, бидејќи ако еден или неколку составни делови бидат уништени другите продолжат да функционираат.

Мрежите за разлика од хиреархиите, неможат да бидат уништени заради нивната поставеност и распространетост. Според Патриотскиот акт на САД, новата организација е заснована врз клеточна организација која нема никаква централна контрола или насока, поединците и групите работат независно еден од друг и никогаш не го пријавуваат нивното седиште ниту пак лидерот. Субјектите кои ги сочинуваат терористичките мрежи можат да бидат големи, повеќе формални, па дури и хиреахиски организации кои работат заедно без било каква заедничка хиреархија или централен команден орган помеѓу нив. Тоа преставува функција која на мрежата и дава флексибилност, прилагодливост и еластичност, овозможувајќи им предност на терористичките организации во однос на владите и другите организации.

Пр. мрежно поврзување преставува зголемување на бројот на аматерски терористички и ад хок терористички групи. Аматерите доаѓаат со терористите да извршат терористички напад, а потоа се расформираат. Тие не добиваат логистичка обука или поддршка од државата спонзор, туку се потпираат на мрежана подржувачи, учат тоа што е потребно да го знаат од публикации или од интернет мрежите. Бидејќи таквите групи имаат само неформална организациска структура и не се постојани, нивните обиди за отстранување се многу тешки.

Недостатоците на денешните влади се гледаат во тоа што тие се соочуваат со аматерски мрежни организации кои се повеќе се подготвени да нанесуваат се поголем број на жртви. Во истражувањата на новиот тероризам, како тренд се внесување на голем број на фактори како што е ширењето на смртоносните технологии, кршење на табуата за оружјето за масовно уништување и отсутвото на аматерските организации кои без организација и спонзорство се впуштаат во терористички акции. Во прилог на наведените фактори, важна улога преставува и религијата. Религиозно мотивираните терористи се сметаат за најголема веројатност дека ќе извршуваат масовни напади,

бидејќи за разлика од политички мотивираните терористи, тие не се органичени од стравот дека со прекумерното насилство ке навредат некого, бидејќи тие се грижат само за одреден круг на луѓе. Нивната намера преставува извршување на притисок или убедување на своите противници.

Новите терористи се сериозен предизвик и сериозен непријател. Недостатоците на владините решенија и мерки во борбата против новиот тероризам преставува почеток на цртање на скицата за новите терористи, односно разбирање на нивната мрежна структура [13].

## 1.8 Одговор на тероризмот

Пред да се преземат конкретни чекори за одговор од криза предизвикана од терористички активности, најнапред се изготвува проценка за состојбата наменета за националното раководство. Најдобра варијанта е ако постои систем за претходно детално планирање и подготовка на сите националани државни и безбедносни структури пред појавувањето на терористичкиот инцидент.

Овој процес започнува со претходно набљудување на потенцијалната терористичка закана и со утврдување на нејзината веројатност за појавување и жестината на нејзинотоманифестирање. Со тоа се утврдуваат основните параметри за сериозноста на терористичкиот инцидент, со што отпочнува и анализата на потенцијалните придружни проблеми и несакани ефекти од дејствувањето на терористите.

Основни прашања на кои треба веднаш да се даде соодветен одговор се следниве:

- Каков вид на одговор е прифатлив,
- Кои средства ќе се употребат во справување со кризата предизвикана од терористичка закана,
- Кои закони – домашни и меѓународни се применливи во фазата на инцидентот,
- Кои безбедносни структури се слободни за одговор на инцидентот,
- Колку време пред одговорот на заканата, силите ќе можат да бидат преструктуирани и ставени во состојба на целосна готовност и
- Кои видови логистички активности се потребни.

[13] Globality.cc.stonybrook.edu,

Исто така неопходно е веднаш да се воспостави неоходна комуникација помеѓу сите елементи вклучени во системот на справување со кризата. Секоја служба вклучена и одговорна за обезбедување интегрален одговор на заканата мора да изготви нацрт – план во квантумот на расположивите ресурси, потребните ресурси и минимално потребното време за ставање во функција на сите неопходни ресурси неоходни за успешен одговор на терористичката закана.

Одговорот на терористичкиот инцидент најчесто го карактеризираат следните настани:

- Воспоставување на првостепен полициски контакт,
- Распределување и пристигнување на првите сили,
- Стивнување на инцидентот,
- Воспоставување команден штаб на самото лице место,
- Пристигнување на специјалните структури наменети за одговор на теористичкиот инцидент,
- Засилување на персоналот/групите, односно:

    1) полицијата (сообраќајна контрола, обезбедување на поширокиот регион, евакуација на населението и т.н),
    2) јавните служби (противпожарна, медицинска и т.н),
    3) воените служби (врски, советници и т.н) и
    4) преставници на јавноста, владини раководители.

- Евакуација и изолација на загрозените улици, квартови,
- Решение со преговарање или преземање на интервенција и
- Постинцидентни активности, односно:

    1) Апсење,
    2) Комлетирање на доказите и
    3) Изготвување на постинцидентен извештај.

Уште во мирновремени услови, мора прецизно да бидат определени сите органи и сили за реакција – возвраќање на заканата, како и групите за подршка на одговорот на терористичката закана. Тоа треба да биде детално прецизирано во рамките на секоја водечка организација и структура наменета за брз и ефикасен одговор на сите критични безбедносни предизвици. Во исто време, треба да бидат утврдени и нивните мисии, нивната организациона поставеност, како и вкупниот број на ресори кои ќе бидат ставени во функција на организирањето, опремувањето, финансирањето, обезбедувањето на овие сили од посебно општествен интерес. Но во секој случај, главната одговорност и носечка активност ќе им биде доделена на поилицијата и/или војската. Во случај на подетална надлежност и заедничко дејствување треба да се синхронизираат нивните активности со цел успешно да се надополнуваат во сите фази на справување со заканата. Паралелно со оваа опција, треба прецизно и јасно да се дефинира и процедурата (кога, под кои услови) за трансфер на надлежноста во случај на потреба за промена на нивните улоги на водечка сила во справување со променливата закана. Но иако последно е наведено сепак значајно е да се потенцира дека секоја закана или криза успешно се блокира или се елиминира со правремено дејство уште на самиот почеток на нејзиното манифестирање. Тоа е основниот предуслов и за успешен одговор и на мошне непредвидливите терористички закани кои кулминираат насекаде низ светот [14].

[14] Митко Котовчевски, Менаџирање со терористички закани, Филозофски Факултет, Скопје, 2011 година

# ГЛАВА 2. ВООРУЖЕНИ СИЛИ

## 2.1 Вооружени сили

Вооружените сили на земјите се сили спонзорирани од владите за одбрана, како борбени сили или воени организации. Вооружените сили постојат за продолжување на надворешната и домашната политика како управно тело и тоа управно тело преставува одбрана од надворешни и внатрешни агресори. Вооружената сила е употреба на вооружените сили за постигнување на политички цели.

Воената/те организација/и преставуваат структуирање на вооружените сили на државата, така што тие располагаат со воена способност врз основа на националната одбранбена политика. Во некои земји, освен вооружените сили, вклучени се и паравоени воени сили во рамките на вооружените сили.

Воената организација е хиреархиски поставена. Употребата на чинови во вооружената структура влече корени уште од римско време. Во модерните времиња, извршната контрола, управувањето и администрацијата на воени организации обично се преземени од страна на Владата преку владин оддел во рамките на структурата на јавната администрација, често познато и како Министерство за одбрана. Министерството за одбрана управува со вооружените сили во борбени услови, подршка и услуги за подршка на формациите и единиците. Очигледната корист на државите во одржување на вооружените сили преставува заштита од странски закани и

внатрешни конфликти. Во последните децении вооружените сили се користат и во итни случаи на граѓанска подршка во пост – катастрофални ситуации [15].

## 2.2 Улогата на вооружените сили

По две децении од Студената војна, во светот е создадена нова меѓународна реалност, реалност со нови надежи и очекувања за поголем мир и стабилност во светот. Дел од таа мировна агенда преставува намалување на трошоците за одбрана со директна последица за големината и функциите на вооружените сили. Како резултат на тоа, во некои делови во светот, кои имаат корист од зголемена безбедност, менувањето на безбедносните предизвици и толкувањето на она што треба да преставува улога и задача на вооружените сили доведува до длабоки промени во основните улоги и предизвикаа престпоставки за што служат вооружените сили и како тие треба да бидат структуирани и организирани.

Владите и опшествата во модерните глобални предизвици размислуваат за соодветно и ново дефинирани и претходни цели на вооружените сили, кои се протегаат надвор од нивната основна улога на национална одбрана.

Новите улоги вклучуваат доделување на различни внатрешни и надворешни воени и цивилни улоги и задачи. Некои од задачите преставуваат подршка на операциите под цивилна команда.

Размислувањето и анализирањето на овие улоги неизбежно ги донесуваат прашањата во врска со нивната природа, легимитет и услуги, како и поврзаните мотиви и интереси на клучните чинители во рамките на владата, општеството и безбедносниот сектор во земјата. Како резултат на овие процеси, земјите имаат развиено посебни пристапи и оправдувања за таквите улоги [16].

## 2.3 Видови на сили во рамките на вооружените сили

За да се разгледааат, но и да се изврши поделба на видовите на сили, потребно е истите да се разгледаат во склоп на вооружените сили со сите свои предности и трошоци, како и целта на мисијата што им е доделена. Поради вакните потреби истите можат да се поделат на следниот начин и тоа:

[15] www.nps.edu/Academics/Centers/CTIW/files/thenew20terrorism.pdf

[16] The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010

- **Активни конвенционални сили** – го преставуваат главното јадро на одбранбените сили. Конвенционалните сили често се опремени со транспортни способности и често се применуваат во мобилни активности поради нивната леснотија. Тие исто така се прилагодуваат и на непредвидливи воздушни ситуации и потреби од транспорт. Во склоп на овие сили се вклучени повеќе специјализирани организации: падобрански и пешадиски единици,
- **Сили за специјлани операции** – преставуваат единци во мал број, но високо обучени и опремени активни сили на државата. Тие можат да спроведуваат широк спектар на конвенционални и неконвенционални задачи, вклучувајќи тука и контра – терористички операции. Овие сили исто така се способни за преземање на обуки и интерни одбранбени мисии надвор од границите на државата. Силите за специјални операции побаруваат значителни инвестииции во персонал и обука, но се високо мобилни и оперативни и се распоредуваат могу брзо,
- **Резервен состав** – го сочинуваат резервните структури на активната компонента. Како сили тие содржат елементи на тешки, лесни и структури за специјални операции. Клучно ниво за употребата на резервните сили преставува нивната подготвеност, во функција на обука, опрема и средства,
- **Гранични безбедносни сили** – се состојат од голем број на различни видови на организации кои вклучуваат погранични воени единици заедно со вооружени полициски сили. Во некои земји под овие сили се подразбираат и поморски сили задлжени за крајбрежна безбедност. Овие сили можат да бидат доста обемни, обично се добро обучени и опремени. Нивната функција преставува обезбедување на надворешните граници и граничните безбедносни или располагаат со неколку мобилни единици опремени со оклопни возила.

Централно прашање преставува дали наведените сили би преставувале чисто воени сили или организации за спроведување на законот. Во многу случаи, тие би настапувале заедно пр. Крајбрежната стража на американските сили. Според традиционлната определеност, многумина вооружените сили би ги гледале како воени

заради одбрана на државните граници и државите, додека денешните глобални времиња од аспект на мисијата за спроведување на законите би ги сметале како чисто полициски единици [17].

## 2.4 Изменета улога на вооружените сили

Вооружените сили остануваат клучни актери во решавање на националните, глобалните и регионалните ресурси. Сепак, менувањето на улогата на овие несигурности ја наметнува потребата од преиспитување на улогата на вооружените сили, како традиционално конструирани сили во решавање на наведените несигурности, па дури и се доведува прашањето дали се тоа најсоодветни организации. Според тоа, вооружените сили на европските држави идентификуваат и дефинираат нови улоги, со цел да го легимитираат нивното институционално постоење и буџетски барања.

Многуте од нови улоги на вооружените сили биле поврзани со традиционалната улога на вооружените сили во одбрана на државата од надворешни закани. Но со менувањето на глобалното општество и глобалниот свет, вооружените сили ги прошириjа своите дејства и вклувајќи нови задачи. Новите задачи вклучуваат: експедитивни мисии за воени и мировни цели, внатрешна безбедност и полициски мисии, зголемен акцент во изградба на нацијата и воена помош во домашни услови.

Според денешната ситуација и модерни размилслувања, постојата три карактеристики кои ги редефинираат и преиспитуваат воени улоги на вооружените сили и тоа:

- **Првата карактеристика**, ги опфаќа вооружените сили во студената војна и нивната традиционална улога во заштита на државата од надворешни закани. Со завршувањето на Студената војна дошло до намалување на воените буџети на војските и намалување на нивната улога. Ова придонело многу држави да ги променат улогите на своите вооружени сили, со цел определување оптималниот износ на своите буџети и институцинална важност,

[17] Facing the Future - United States Department of Defense

- **Втората карактеристика** ја доведува во прашање традиционалната улога на силите, особено во случаи на одговор на граѓански конфликти и нереди. Недозволиво во модерните и глобални општества, војската да ја презема улогата на чувар на внатрешната безбедност во склоп со надворешната безбедност. Улогата и еволуцијата на вооружените сили ќе преставуваат клучни елементи за еден поширок процес на трансформација и на самото општество и
- **Третата карактеристика,** ги наведува терористичките напади од 11 Септември со акцент на војна против теророт и остава печат на еволуцијата на вооружените сили.

Според тоа, силите започнуваат процес на развивање на капацитети за реформирање на силите за одговор на нападите од тероризмот. Како одговор на новиот тип на предизвици, вооружените сили добија ново внимание. Вниманието е насочено на вооружените сили, нејзиното поврзување со политичка и економска трансформација и подготвеноста на владите да ја спроведат започнатата трансформација.

Со посочената реформа, би се покажал каква би била новата улога на силите, какви структури би развивале и каква би била нивната поврзаност со владите и општеството [18].

## 2.5 Улогата на вооружените сили во внатрешната безбедност

Овој дел од ги опфаќа и развива новите предизвици и улоги на на вооружените сили со фокус на задачите кои се спроведуваат во рамките на својата земја.

Престпоставка на на сите земји е дека улогата на вооружените сили е обезбедувањетоа на неопходната безбедност во борбата против надворешни закани, додека пак полициските сили се оние кои имаат задачи за обезбедување на внатрешната безбедност, надзор и ред во границите на една земја.

Јасните граници помеѓу надворешните и внатрешните служби преовладува долж целиот XX век, посебно во периодот на Студената војна кога сите нации веќе биле насочени и спремни за непосреден меѓународен конфликт. Крајот на Студената војна, потикнал нови безбедносни закани кои ги предизвикале традиционалните безбедносни предизвици, посебно во развиените модерни оштества.  Во екот на

[18] National strategy Documents – Homeland Security Digitaly Library

Студената војна, главен предизвик на вооружените сили преставувал широкиот спектар на акции во идеолошки, политички социјални и економски предизвици. Главен приоритет во тоа време преставувало одвраќање и управување со меѓудржавни конфликти и застрашување со големи армии и операции против други држави ако е потребно. Тоа потикнало и формирање на глобални воени сојузи. По завршувањето на ерата на Студената војна, мисијата на вооружените сили се проширила на поинаква безбедност и на поинкави закани (животна средина и економски закани).

Новите закани придонеле улогата на вооружените сили да земе еден посуптилен пристап, заштита на човековите права, човекова безбедност, подршка на економската безбедност, долгорочни инвестиции во заштита на животната средина и намалување на сиромаштијата како стратегија на намалување на насилството и конфликтите. Покрај тоа, се смета дека меѓународната соработка помеѓу државите ќе преставува најефективен метод во спречување на меѓудржавни конфликти и нови безбедносни предизвици, вклучувајќи го и стравот од глобалниот тероризам.

Фокусот на војната против тероризмот, се спротиставува на употребата на вооружените сили како организација способна да ја брани државата од надворешни терористички напади. Полициските, граничните служби и разунавањето би биле поефикасни во справување со заканата, и влијанието на восјката во овој случај би било ограничено. Сепак, со стратегиите за национална одбрана, акцентот е ставен на зголемување на важноста и улогата на вооружените сили во борбата проти тероризмот и спротивно на тоа се зголемиле трошоците за одбрана. Овие нови безбедносни предизвици ја дефинираат националната безбедносна политика во потребата да се подготвата сили за да спречат, одвратат, присилат, да ги нарушат или уништат меѓународните терористи или режими и да се спротистават на напорите на терористите да се здобијат со хемиско, биолошко, радиолошко и нуклеарно оружје. Според тоа операциите за стабилизација и одбранбена дипломатија преставуваат важни средства за решавање на причините и симптомите на конфликти и тероризам [19].

## 2.6 Компаративен преглед на улогите и задачите на вооружените сили

Сосем спротивно на традиционалните концепции на вооружените сили, мисии, широки и разновидни спектари на внатрешни улоги и задачи се вршат од страна на вооружените сили во модерните демократии. Ова всушност ги преставува основните

[19] The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010

функции на вооружените сили во согласност со регулирање на законските рамки, како што се националните устави како и извештаите за мисиите на вооружените сили.

Внатрешните улоги и задачи на вооружените сили се различни од земја до земја. Точната улога, надлежност и ограничувања зависат од историските, правните социјални и политички контексти за секоја земја посебно. Вообичаено внатрешните улоги и задачи вклучуваат образование на цивилите (превоспитување на младите во центри или специјализирани центри за обука), односно картографски и метеоролошки услови, изградба на патишта и инфраструктура, инжинеринг, помош на јавната администрација и населението во случај на појава на големи индустриски инциденти, големи терористички напади, санитарни криза по големи катастрофи или природни катастрофи и др. Тоа може да вклучува и операции на пребарување и спасување, спроведување на законот, заштита на животната средина, медицинска подршак на сиромашните заедници, подршка и образование на маргинализираните млади луѓе, надзор на границите, озбезбедување на безбедноста на потрошниот материјал (храна, енергија, транспорт, складирање, мрежи на дистрибуција и информациски систем), озбезбедување на безбедноста на големи јавни настани (меѓународни спортски првенства, поголеми глобални конференции) и замена на витални услуги за време на прекина на работа (штрајк). Мерките можат да опфаќаат и контратероризам – фофанзивни и дефанзивни мерки за да се спречат, одвратат или одговори на терористички активности како што се: анти – шверц и анти – операции со луѓе, операции за сузбивање на дрога, откривање и следење на воздужен и поморски транспорт на дрога и др. Многу од овие акции се извршени и се извршуваат под команда на други безбедносни институции.

На пр. Во Белгија, улогата и задачите на вовооружените сили вклучуваат помош на цивилното население, одржување на јавниот ред и мир и хуманитарна помош и олеснување и помош во случај на прородни катастрофи и терористички напади [20].

Во Франција [21] и [22], улогата на вооружените сили вклучуваат дејствија во земјата – мисии за подршка на полицијата и жандармеријата, мисии во корист на

[20] Hans Born and Aidan Wills, "The Roles of Armed Forces in Council of Europe Member States", European Commission,for Democracy Through Law (Venice Commission), Study on Democratic Control of Armed Forces, Study No. 389, CDL - DEM (2007) 009 (Strasbourg: Council of Europe, 26 September 2007). [21] www.envirosecurity.orgJoseph_G_Singh.pdf

[22] Royal Decree of 6 July 1994 on Operational Engagement of Military Forces and the Law of 20 May 1994, cited in Pierre d'Argent, "Military Law in Belgium", in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2003)

цивилното население и хуманитарни мисии, граѓанска одбрана – одбрана од национални катарстрофи и зачувување на јавниот ред и мир, операции против тероризмот и учество во други држави како операции на итност.

Шпанските вооружени сили, главно извршуваат задачи на невооружена цивилна одбрана, интервенција во случај на вонредна состојба и операции против тероризмот [23].

Силите на Велика Британија, извршуваат задачи во случаи на внатрешна безбедност, безбедност во итни случаи и природни катастрофи [24], но и обезбедуваат подршка за време на големи јавни настани, опрема и техничка поддршка за спроведување на поморски закони и операции за обезбедување на јавниот ред [25].

Италијанските вооружени сили вршат широк спектар на внатрешни улоги и задачи, вклучувајќи операции за враќање на јавниот ред и мир, операции против тероризмот, одговор на катастрофи (борба против шумски пожари), научни истражувања, вклучувајќи и метеоролошки податоци и спроведување на законот [26].

Германските вооружени сили се справуваат со интерни задачи како што се поддршка во состојба на итни случаи (одговор во случај на природни катастрофи или јавен ред), поддршка на заедницата, заштита на животната средина, пребарување и мисии на спсување и техничка помош на полицијата [27].

Улогите и задачите на вооружените сили во внатрешната безбедност преставуваат случаи во кои се бараат исклучителни напори да се одговор на исклучителни ситуации – физички или хуманитарни катастрофи кои ги надминуваат капацитети на цивилните институции за безбедност.

Капацитетите на цивилните организации се лимитирани да одговорат на вакви случаи, бидејќи вакви случаи ретко се јавуваат, ваквите случаи потегнуваат значителни трошоци за подготовка, додека кај вооружените сили ваквите капацитети редовно се одржуваат и на тој начин се лесно достапни за цивилните органи и институци [28].

[23] "Military Law in France", in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2000

[24] See Royal Decree 1125/1976, Organic Law 4/1981 on the Declaration of Emergency, Law 2/1985 of 21 January 1985 on Civil Protection, cited in Kim Eduard Lioe, Armed Forces in Law Enforcement Operations? The German and European Perspectives (Heidelberg: Springer, 2011)

[25] Jonathan Stevenson, "The Role of the Armed Forces of the United Kingdom in Securing the State against Terrorism"

[26] National Defence and the Canadian Forces

[27] "Military Law in France", in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2003

[28] http://globality.cc.stonybrook.edu

## 2.7 Законска рамка на улогата и задачите на вооружените сили

Безбедноста на државата преставува тема која генерира голема доза на внимание во последните години. Со зголемување на фокусот на безбедноста на сопствената држава, домашната безбедност и безбедноста од растечкиот број на терористички напади (Њујорк, Вашинготн, Мадрид, Лондон), како и одговори на катастрофални природни појави (ураганот Катрина), високите преставници на земјите се соочуваат со предизвикот на обезбедување на соодветно ниво на безбедност на сопствените држави во согласност со расположливите ресурси со кои располагаат. Државите се под притисок да развиваат и да овозможуваат на вооружените сили да бидат во можност да ги извршуваат своите задачи потребни за да се задржи потребното високо ниво на домашна безбедност и поддршка на цивилните власти во одговор на природните катастрофи.

Воените сили во денешно време носат големи предности во совладување на денешните предизвици, тие се обично подобро организирани, обучени, мобилни, добро опремени и достапни. Во многу земји постои традиција на користење на воените сили за поддршка на цивилните власти, традиција во која често се вклучени и широк спектар на домашна безбедност и задачи за поддршка на граѓаните. Различни земји имаат различни традиции во користење на воените сили, тие имаат различни национални безбедносни стратегии, различно ниво на перцепција на закани за безбедноста на државата. Секоја држава пристапува на различен начин како одраз на нивните истории и статус на вооружените сили.

Ова вклучува волумен на сили кои државите ќе ги одберат во мисии на поддршка на домашната безбедност со посебен акцент на одбрана против потенцијалните терористички напади. Овие мисии вклучуваат заштита на критичната инфраструктура, гранична и транспортна безбедност, домашен контратероризам, заштита од катастрофи и воено граѓанска поддршка [29].

Во понатамошното излагање прикажани се неколку држави кои според законските овластување ги вклучуваат сопствените вооружени сили.

[29] Law on Defense and Armed Forces, 2005

### 2.7.1 Улогата и задачите на вооружените сили В. Британија

Според законот во В. Британија, министерството за одбрана смета дека принципот на воена поддршка на цивилните власти треба да ги одразува нивните специфични барања и тие да бидат во согласност со уставот. Овој став е засилен со Стратегискиот одбранбен преглед на В. Британија, каде што британската воена доктрина цитира:

> **“ Употреба на вооружените сили во домашни услови е контроверзно и со строги ограничувања. Односот помеѓу вооружените сили и цивилните власти е регулиран со уставни и административни закони и со правна доктрина која ја регулира употребата на вооружените сили. Сржта на уставот преставува дека апсолутно право во закани по домашната безбедност да имаат цивилните власти, додека вооружените сили служат како поддршка на релевантните и законски државни авторитети ”**

Британската воена доктрина содржи четири вида на форми на воена помош на цивилните власти:

- Помош од страна на вооружените сили на граѓанската заедница што преставува обезбедување на воен персонал и опрема во два итни случаи: природни катастрофи и помош на заедницата во целост,
- Воена помош на државните министерства, употребата на вооружените сили во невладини задачи, вклучувајќи обезбедување на безбедноста на членовите на заедницата и преземање на работи од национално значење,
- Воена помош на граѓанската заедница кое предвидува употреба на силите во директно одржување или обновување на законот и редот во ситуации надвор од капацитетите на цивилните власти,со правило војската да одговори на цивилните повици за помош, решавање на непосредните проблеми и враќање на контролата на цивилните органи кога ќе се создадат услови за тоа и
- Заштита на критичната инфраструктира.

Благодарение на улогата на воените сили во задачи во обезбедување на домашната безбедност, заштитата на критичната инфраструктура, вклучувајќи ја информатичката технологија, нуклеарни објекти, капацитетите за електрична енергија, комуникациските мрежи, цивилната влада и индустриските капацитети останувaат во надлежност на цивилните власти и приватните сопственици. Но, по нападите од 9.11, улогата на војската во заштита на инфраструктурата, во вонредни ситуации значително се зголемила.

Пр. Распоредување на воени сили за заштита и помош на полицијата во заштита на меѓународниот аеродром Хитроу по добиени разузнавачки податоци дека комерцијални патнички авиони би можеле да бидат мета на терористички ракети земја-воздух. Воените сили биле распоредени со оклопни извидувачки возила (марка Simitras, опремени со 30 милиметарски топови и 7.62 мм митралези, со максимална брзина од 50 милји на час).

**а) Обезбедување на границата и транспорт**

Во однос на обезбедување на граничните појаси во случаи на терористички дејствија, водечка улога ја имаат вооружените сили, посебно силите за специјални операции, посебно во операциите за пребарување кои се законски овластени од британското законодавство заради срповедување на законот од страна на професионалци кои располагаат со специфични вештини и кои се “надвор од оние потребни работи кои можат да ги изведуваат регуларните полициски сили”.

**б) Домашни контра – терористички акции**

По барање на МВР, вооружените сили обезбедуваат стручно воена помош во форма на случаи на демонтирање бомби и друга специјализирана опрема и експертиза. Во случај на вонредни сосотојби, ако полицијата има потреба, се повикуваат вооружените сили за општа воена поддршка.

### 2.7.2 Улогата и задачите на вооружените сили во Германија

Германскиот устав јасно го прикажува дејствувањето на вооружените сили во две различни сценарија: одбрана на државата во случај на напад и тензија и одсуство на состојба на одбрана и тензија.

#### а) Дејствување на вооружените сили во случаи на одбрана или тензија

Според членот 87а од Основниот закон, се наведуваат три опции на воено дејствување: во случај на одбрана и напнатост на вооружените сили им е дозволено да го заштитат цивилното население и контрола на сообраќајот колку што е потребо за завршување на својата мисија. Во време на тензии и одбрана вооружените сили можат да бидат дополнително задолжени за поддршка на полицијата во заштита на цивилната сопственост. Во овој случај тие соработуваат со цивилната администрација. Важно е да се напомене дека вооружените сили се ограничено со Женевската конвенција за употреба на воени средства. Според германските закони, заштитата на цивилните имоти е задача на полицијата. Заштита од страна војската е определено само ако некоја структура или објект е од витална важност за германските сили. Истото се однесува и за контрола на јавното движење и сообраќај наведено во законите, вооружените сили можат да го контролираат собраќајот и движење само кога е тоа потребно за одбрана на земјата. За изведување на наведените задачи потребно е одобрување од страна на парламентот со двотретинско мнозинсто и истиот кажува како се постапува во случај кога нема време за донесување на законска одлука. Во случај на напад на германската територија, одбраната на земјата стапува во сила веднаш без да се чека законско одлучување. Но поради чуствителноста и регулирање на улогата на вооружените сили, во членот 80а се истакнува дека состојбата на напнатост може да се прекине во во секое време со одлука на парламентот со просто мнозинство.

Овие одредби во германскиот закон се направени исклучиво за овозможување на германските вооружени сили да ја спроведуваат одбраната на сопствената територија и го исклучува злоупотребата.

**б) Дејствување на вооружените сили во случаи на одсуство на одбрана или тензија на државата**

Освен во работи во случај на одбрана или тензија на државата, постојат и одредби во германските закони за употреба на воените способности за поддршка на безбедноста на земјата. Членот 87а, став 4 се од Основниот закон се однесува на состојби на внатрешни нарушувања и тензии, како што се на пр. Безредијата. Во членот се наведува: со цел да се спречи непосредна опасност за постоењето на слободното демократско општество на федерацијата или на една држава, сојузната влада овозможува доколку полициските сили и граничната полиција се несоодветни, да се користат вооружените сили за подршка на истите во заштита на цивилниот имот и борба против организирани и воени вооружени бунтовници. Ваквата употреба на вооружените сили може да биде сопрена во било кое време од страна на парламентот.

Ваквата регулатива е наменета за решавање на околности на големи внтрешни немири предизвикани од граѓаните на државата. Можноста за употреба на вооружените сили е неопходна, но под многу силни ограничувања:

- Опсегот на немири да биде распространет со што би го загрозувал постоењето на државата,
- Вооружените сили би дејствувале како поддршка на полициските, но тие би дејствувале на невоен тактички начин, туку на начин и според законски услови кои се применуваат за полициските сили,
- Ангажирањето на вооружени сили против невооружени луѓе со цел заштита на цивилното насилство е строго забрането и
- Воена помош на цивилните власти.

Воената помош од страна вооружените сили се однесува на кога капацитетите на цивилната администрација се исцрпени и недоволни (член 35, од Основниот закон). Според наведениот член, став 1 воените сили би дејствувале само во ситуации на катастрофални несреќи или природни катастрофи.

### 2.7.3 Улогата и задачите на вооружените сили во Италија

Политиката на распоред на вооружените сили во Италија има долга традиција во имплементацијата на воените сили во извршување на задачи од области на домашната безбедност. Националната одбрана во Италија се состои од политички, воени, економски и финансиски активности кои се вршат од страна на државата за обезбедување на својата безбедност и национален интегритет во сите околности.

Националната безбедност се состои од две гранки: воена одбрана и граѓанска одбрана кои се меѓусебно поврзани преку постојана структура наречена Агенција за цивилно воена – соработка. Задачата на агенцијата преставува соочување со секаков вид на вонредни околности. Структурата е базирана на политичко јадро, преставува дел од кабинетот на премиерот и е предводена од страна на премиерот (или негов делегат). Во агенцијата се преставници на сите релеватни институции (МО, МВР И Одделението за цивилна заштита). Во седиштето на Агенцијата се наоѓа Центар за одлуки со голем број на соби (за секое министерство по една) и има улога на центар за проток на информации во случај на почеток на вонредна ситуација. Принципите на дејствување се утврдени со законите во Италија.

#### а) Законски мерки за употреба на вооружените сили

Принципите за законска употреба на вооружените сили се поблиску уредени од страна од Министерството за одбрана (МО), со прописи издадени за специфични ситуации и начин како тие би се применувале во такви ситуации. Воените планови и наредби договорени со премиерот (или префектот), ги делат со полициските командат кои се надлежни во областа/и зафатени со одреден тип на закана. Постојат две главни опции во кои би учествувале вооружените сили: **ослободување** и **ефикасна интеграција**.

**Опцијата ослободување** преставува ослободување на должноста на полициските службеници од должности на рутински контроли и патролирања и на нивно место се ангажираат високо квалификувани воени капацитети.

Втората опција **ефикасна интеграција** преставува комбинација на динамични акции, каде што воените единици обезбедуваат територијална контрола на голема површина, додека во внатрешноста на дадената област полицијата би спроведувала специфични акции и истраги.

Во задача на воените сили во дадени специфични ситуации би останале надзорот, патролирањето и спроведување на мобилни контролни пунктови.

Во договор со МВР и според законските надлежности во Италија, на вооружените сили им се доделени следните задачи:

- обезбедување и заштита на чуствителни цели (трибунали, објекти на правосудни органи, затвори, обезбедувањс на место на живеење на судските лица, лица изложени на посебен ризик,
- воспоставување на контролни пунктови и блокади на патишта,
- одржување на кордон во урбани области, со цел овозможување на полицијата во извршување на пребарување на областа и
- патроли по железнички мрежи, автопати, проверки на интегритетот на постови, тунели и надлетување.

Дадените активности на вооружените сили се вршат по строго воени стандарди кои се носат специјално за дадената област.

**б) Планови и програми за национален одговор**

Во времето на Студената војна, акцентот на националните планови бил ставен да сите расположиви ресурси бидат координирани за да се овозможи максимална поддршка на вооружените сили. Во денешните модерни времиња од една страна и растечкиот меѓународен тероризам од друга страна како главна закана на државите, надлежноста во справување со различниот тип на закани потпаѓа под надлежност на МВР, со поддршка на МО со своите специфични способности и одговорности.

Целокупната координација се наоѓа во рацете на владата, во рамките на Советот на министри, кое го активира воено – политичкото јадро, за околности кои се сметаат за вонредни.

Во итни сличаи и случаи на привремена состојба, одговорноста останува во рацете на МВР, во однос на планирање и координација. Постојат три специфични ситуации каде се врши специфично планирање со учество на воена сила:

- ситуации поврзани со домашната безбедност, МВР во соработка со останатите министертсва изработува листа на потенцијални цели кои би биле предмет на терористички напад. Листата преставува основа за распоредување на вооружените сили во знак на поддршка на полицијата,
- втората област би се однесувала на напади од ОМУ (оружје за масовно уништување) и
- третата област се однесува во случаи на природни катастрофи и за такви случаи надлежноста се во рацете на Националната служба за цивилна заштита.

За секоја област војската има разработени посебни процедури. За првата област идентификува потребни сили за поддршка, за втората област вклучува структуирана интервенција која вклучува разработени планови за сигурност, логстичка поддршка и медицинска помош, за трета област природни катастрофи, воените сили предвидуваат два специфини плана: едниот се однесува за евакуација на населението во околината на планината Везув, а вториот план се однесува на протокот Медина, каде во случај на земјотрес и активирање на вулканот Етна би дошло до закана од катастрофални размери.

**в) Заштита на критичната инфраструктура**

Во случај на терористичка закана, војската игра посебна улога во обезбедување на поддршка на полициските сили за заштита на критичните елементи. Тука спаѓаат: земјоделство и системи за храна, водоводни мрежи, електрични мрежи, телекомуникациски системи, сајтови за информатичка технологија, банкарски и финансиски системи, индустрии на хемиски и други опасни материјали. Други институции на заштита преставуваат владини сајтови, префектури, амбасади и конзулати и канцеларии на политички партии. Заштитата ја извршуваат вооружените сили во вид на постојана чуварска служба и постојани патроли.

Новина во законските одредби за употреба на вооружените сили преставува публикација на Генералштабот на вооружените сили за учество и однесување на силите во дадена задача.

Таа се состои од следното:

- распоредените војници се здобиваат со специјален статус на полицисики агенти кои ќе им овозможува извршување на основни полициски работи, како што се: запирање, идентификување и потрага по лица и автомобили,
- постапките на извршување да бидат во согласнот со зададената мисија и
- постапки на заштита на персоналот во извршување на мисијата.

**г) Обезбедување на границата**

Обезбедување на границата во одредени случаи и се доверува и на вооружените сили под оддредени околности, бидејќи обезбедување на границата спаѓа во надлежност на Guardia Finanza (милитаризирани сили, кои директно го известуваат министерот за финансии. Тие имаат статус на полиција и царинска служба и вршат задачи во четири области: финансии, данок, царина, судство и безбедност). Улогата на вооружените сили доаѓа до израз во случаи на тајни имиграции кои бараат голема доза на внимателност во одредени сегменти на границата (употреба на војници со посебни овластувања како специјални полициски агенти во случаи на патрола, претрес и потрага).

**д) Одбрана и одговор на закани од природни катастрофи**

Во случај на природни катастрофи, надлежна улога има Националната служба за цивилна заштита. Некои од надлежноститена службата се поклопуваат и со МВР. Вооружените сили во дадена ситуација немаат одредена улога, но во рамките на Националната служба за заштита, може да биде побарано од нив да обезбедуваат поддршка со нивните баталјони за ОМУ (оружје за масовно уништување), медицински тимови и логистичка поддршка.

**ѓ) Цивилна поддршка**

Војската обезбедува различни форми на поддршка на владата во различни домашни услови. Поддршката се однесува во случаи на:

- воена помош на владата во случај на катастрофи и пожари,
- воена поддршка во спроведување на законот, како што се обуки, поддршка, разузнавање, уништување на експлозивни направи и спречување на шверц со дроги,
- помош во граѓански немири и востанија и
- поддршка во обезбедување на на безбедноста на специјални безбедносни настани, вклучувајќи избори, конвенции и спортски настани.

Вооружените сили обезбедуваат поддршка во наведените ситуации во склад со националните прописи.

### 2.7.4 Законска рамка на дејствување на вооружените сили во Австрија

Новата безбедносна и одбранбена доктрина е политичко – стратегиско упатство за прилагодување на безбедносната политика на Австрија кон новата меѓународна безбедност и животна средина. Во случаи поврзани со ризик, Комисијата за реформи при австриското законодавство предвидува важна улога на вооружените сили во рамките на обезбедување на помош на полицијата во безбедносни операции, учество во националното справување со кризи, заштита на витални информации и комуникациска информациска технологија. Во одбранбената политка, во областа на домашната безбедност, ориентирани задачи на вооружените сили преставуваат: придонес во заштита и одржување на суверенитетот на територијата и нацијата, воздушниот простор како и заштита на австриското население и стратешките инфраструктури, помош во операции во спроведување на законот (посебен акцент на национално ниво) со зголемена употреба на технологијата и соодветни способности за обезбедување на помош и развивање на нови области за справување со ризици како што се: тероризам, пролиферција и организиран криминал, информациска и комуникациска безбедност и технологија, вклучувајќи и разузнавање.

**а) Правно овластување на распоред на вооружените сили**

Во овој дел се преставени законските прописи со кои се регулираат домашните операции на австриските вооружени сили. Според чл. 79б, од Сојузниот устав на Австрија, наброени се задачите на вооружените сили. Тоа се:

- воена национална одбрана (став1),
- помош во спроведување на законот (став 2) и
- задачи во справување со катастрофи (став 3).

Според законските толкувања, воената национална одбрана ја преставува основната и оригинална задача на вооружените сили. Од друга страна, задачата на вооружените сили во спроведување на законот се користат во случај на заштита на уставно формираните институции, нивните капацитети на работа и демократските слободи на населението (чл.79б став 2).

Во продолжение се наведени: задачи за помош во одржување на јавниот ред и безбедност, борба против закани врз објекти од правно ззначење, тука се и задачите на пасошка контрола и имиграција, надзор над граничните премини на целата федерална територија, следење на оружје, муниција и експлозиви како и следење на печатот на прашања во врска со основање на здруженија и собори и преземање на мерки доколку е потребно за спротиставување на непосредни закани настанати од истите. Вооружените сили во однос на справувањето со природни катастрофи се регулираат и употребуваат според чл.33 од прописите за употреба на вооружените сили. Овој член наведува дека силите ќе се употребат само на начин на спроведување на законот во специфични ситуации: помош и помош при катастрофални последици. Според наведениот член, органите кои бараат помош ги дефинираат основните цели на работење, додека воените сили ги извршуваат дадените задачи кои мораат да бидат во согласност со цивилните власти. Во случај на давање на непосредна помош, војниците дејствуваат во име на цивилните власти и ги имаат истите надлежности што ги има цивилната администрација. Употребата на оружје во вакви ситуации е дозволено само со изрична согласност на органот кој го поднел барањето за помош и истото може да биде суспендирано ако е извршен директен напад врз војниците и во случај на непосредна опасност. Трошоците за распоредување на вооружените сили во дадените

ситуации се на товар на самата војска (сместување, користење на военниот мтеријал и исхрана), додека потребите за набавка на опремата која служи за справување со специфичноста на ситуацијата се покриваат од страна на цивилните органи.

**б) Воени оперативни планови**

Оперативните концепти се однесуваат на регулирање на обезбедување на воена помош во случај на катастрофи и се базира на модули. Воени оперативни модули претавуваат: команда и контрола/команда и контрола за поддршка, инжинеринг, радиоактивна контаминација, хемиски закани, логистика, медицинска логистика, користење на специјални алпински операции, пребарување, спасување и специјална сигнализација. Ваквата стратегија е наменета за спротиставување на сценарио на постоечка закана и целосна употреба на капацитетите со помош на флексибилна структура, односно:

- Команда и контрола/команда и контрола за поддршка вклучува: основање на команда и контрола и нивна способност за справување со катастрофа, обезбедување на печатот и услуги за информирање, обезбедување на поддршка на распоредените единици со кадар и средства, обезбедување на комуникација со цивилните власти и обезбедување на поддршка за цивилните власти со команда и контрола, персонал и експерти,
- Инжинерингот е одговорен за: спречување и минимизирање на штети по имотот и инфраструктурата и изградба на заштитни конструкции, спасување на лица и животни, спречување/намалување на штети по животната средина, помош во реконструкција на потребната инфраструктура,
- Радиоактивниот модул опфаќа: спроведување на локални и регионални операции на откривање, означување, затворање, исклучување и контролирање на радиоактивно контаминирани области и објекти, контролирање на критични објекти (болници, училишта), вршење на операции на деконтаминација, земање примероци и советување на цивилни штабови,
- Хемискиот модул опфаќа: обележување и затворење на области од голем обем, помош во евакуација од контаминирани области, транспорт, вршење на

деконтаминација, обезбедување на поддршка за минимизирање на настанатите штети,

- Логистиката вклучува: обезбедување на логистичка помош за војниците и помош на цивилните работници, поддршка на цивилните власти во обезбедување на резерви потребни за населението, изградба на потребна воена структура, поддршка на властите во управување со голем број на бегалци,
- Медицински модул: обезбедување на медицинска помош за војниците, поддршка на цивилните власти со оклопни амбулантни возила, обезбедување на вода од воени медицински установи, зајакнување на цивилни објекти со воени медицински лица, обезбедување на психолошка грижа за распоредениот персонал, погодените лиза и нивните семејства,
- Модулот алпински операции опфаќа: операции на спасување при лавини во зима и пребарување и спасување во лето, засилување/олеснување на цивилни лица при долготрајни операции на терен,
- Потрага и спасување: операции на потрага и спасување, операции на потрага и спасување во контаминирани области и
- Специјална сигнализација: помош при развивање на планови на граѓанско алармирање, превентивна подготовка на војници за помош во специјални ситуации со висок степен на подготвеност.

**в) Заштита на критична инфраструктура**

Според законските одредби, воената помош се исполнува во случај на надворешни закани или како независни операции во случај на јавни немири. Само објекти од максимална вредност за кои постои опасност од уништување или доведување до трајни последици се предмети на максимално озбезбедување. Такви објкети се: национално и сојузно собрани, регионално собрание, федерлната влада, претседател и министри, регионални власти и врховниот суд, објекти за снабдување со електрична енергија, информациски и комуникациски мрежи, објекти за обезбедување на населението со витални продукти (вода, храна, медицински набавки) и објекти за витална транспортна инфраструктура.

**г) Гранична безбедност**

Вооружените сили се распоредени во два контигента за помош – Север и Југ. Двете команди ја контролираат границата во согласност со целите на политичките власти. Во спроведување на воените операции важни се неколку аспекти:

- исполнување на задачите формулирани од страна на властите во тесна соработка со органите на спроведување на законот и
- избегнување на повреди предизвикани од страна на австриската војска.

За време на обезбедување на границата, војниците се задолжени со оружје. Авторитетот, моќта и должноста на војниците се наведуваат во специјалната брошура издадена од МВР. Таа вклучува право војниците да запираат, контролираат, пребаруваат и апсат луѓе, како и употреба на оружјето когае тоа потребно.
Употребата на оружејто е дозволена само во случај на самоодбрана и помош во вонредни состојби. За извршување на ваквите задачи на вооружените сили се спроведува практична обука надвор од стандарното воено образование. Таа се состои од вежби при илегално преминување, пребарувања на терен, предавање на илегалците и патролирање.

**г) Транспорт**

Вооружените сили даваат помош на специјалните единици во итни случаи или несреќи кои вклучуваат опасни материи (нуклеарни, хемиски и биолошки елементи).

**д) Домашен тероризам**

Улогата на австриските вооружени сили во борба против тероризмот за засноваат на уставни овластување. Вооружените сили ќе се користат кога надворешни актери вршат обезбедување на логистичка поддршка или оперативни насоки на групи кои се ангажираат за политичко насилство или меѓународни терористички активности внатре во државата, особено кога се организирани во поголем обем, вклучувајќи и оружје за масовно уништување или се планираат и спроведуваат операции за поддршка

од воздух. Ефективни воени сили за справување со ваквите операции се Командата на специјалните единици, трупите за нуклерано, хемиско и биолошко оружје и разузнавачките служби. Дел од командата на специјалните единици би се користела за специјални разузнавачки мисии, апсења на екстремено насилни лица, уништување на оружје, обезбедување на личната безбедност, обезбедување на критичната инфраструктура, борба против тероризмот и спроведување на мисии на спасување на заложници.

## 2.7.5 Законска рамка на дејствување на вооружените сили во Франција

Целта на францускатa одбранбена доктрина е да обезбеди во секое време, под секакви околности и против било каков тип на агресија безбедност и интегритет на националната територија на Франција и животот на Французите.

Овој огромен концепт на преставува одбрана од било какви закани од внатрешна и надворешна природа, вонредни ситуации или закани кои потркнуваат од човекова, случајна или еколошка причина. Концептот ги опфаќа и воените интервенции надовор од сопствената територија.

Трите главни компоненти на француската одбрана – граѓанаски, воени и економски се потпираат на цивилните и воените капацитети управувани од страна на различни државни институции. Сите овие одделенија се под команда на Претседателот на Републиката, премиерот, потпомогнати од страна на други специјализирани владини канцеларии.

Одбраната на Франција се темели на територијална организација и на ниво на владино планирање и опфаќа различни видови на закани и кризни ситуации.

Три концепти, одразуваат заштитата на државата, територијата и населението:

- Домашна безбедност – која се спроведува од страна на полицијата и Националната жандармерија, која ги штити луѓето и имотот,
- Цивилна заштита – справување со кризи и катастрофи и пожари (главно учествуваат специјализирани агенции) и
- Одбрана на националната територија – вклучува исклучителни ситуации и органичени области во кои војската во домашната безбедност како орган може да користи сили, кои под нормални околности би се користеле силите на цивилните власти.

## а) Законска рамка

Чл. 1321 – 1 – одржување на тесна соработка помеѓу префекти и заштитни зони, региони и одделенија и релевантни воени власти за оддржување на нивната слобода на дејствување и употреба на воени средства за учество во одржување на јавниот ред.

Чл. 1321 – 3 – вооружените сили, со исклучок на националната жандармерија, не можат да учествуваат во полицијата само кога тие се законски обврзани. Кога е потребно, воените сили се дел од полицијата.

Чл. 1321 – 6 – за употреба на вооружените сили во спроведување на законот, тие се делат на три категории: обука на одделенија на жандармеријата и силите на Републиканската гарда, како формација на мобилни жандармерски сили и како формација на сили за копно, море, воздух и јавни услуги и за обука на полицијата.

Чл. 1321 – 7 – првата категорија на сили извршуваат задчи од областа на јавниот ред и мир. Тие се ангажираат по наредба на министерот за внатрешни работи или од страна на префектот на областа за која е потребна одбраната.

Чл. 1321 – 8 – формација на мобилни жандармерски сили се на располагање на владата за одржување на редот. Се ангажираат од страна на министерот за внатрешни работи или префектот на загрозената област.

Чл. 1321 – 9 – формација на сили за копно, море, воздух и јавни услуги првенствено се наменти за: зајакнување на единиците од првите две категории (обука на жандармерија и мобилни жандармерски сили), мисии на заштита и потребни сили за операции за специјални безбедносни мерки [30].

## б) Итни случаи

Од големите терористички напади (Њујорк, Вашинготон), националната политика се стреми кон изработка на стратегии и планови кон ваквите чуствителни закани. Ваквите закани имаат за цел да ја дестабилизираат државата со неприфатливи човечки загуби и материјални штети. За одговор на ваквите закани, француската влада изработила план – за претпазливост, превенција и заштита од закани од терористички напад наречен – Вигипират план.

Тој поддржува три главни цели:

[30] www.languedoc – roussillon.pref.gouv.fr

- трајно обезбедување на соодветна заштита на граѓаните, територијата и интересите на Франција против терористичка закана,
- развиток и одржување на состојба на будност на сите инволвирани актери во спречување и откривање на терористичка закана,
- овозможување на брз и координиран одговор на заканите и терористичките активности, зајакнување на заштитата, олеснување на интервенцијата и обезбедување на континуитет на активностите од витално значење со што се ограничува влијанието на тероризмот и
- Планот ги преставува и интервенира плановите за интервенција и специјални планови за итни случаи со цел соочување со ситуации на криза. Поддршката од страна на вооружените сили според планот се бара по владина одлука на распоредување на истите [31].

Во рамките на опреации во пребарување по добиени податоци од разузнавалките служби до спроведување на антитерористички операции, одговорноста спаѓа во надлежност на Националната жандармерија.

**в) Исклучителни ситуации: употреба на вооружените сили**

Во случај на вооружени напади, без разлика дали истите се спроведени од надвор од страна на странски субјекти или во контекст на сериозни внатрешни проблеми, тие се решаваат со реакција на одбранбениот систем (комбинација во зависност од потребите), активности на полициските како и на вооружените сили, собирање на разузнавачки информации, заштита на цивилите и имотот, заштита на особено чуствителни објекти и обезбедување на безбедноста на територијата на земјата. Екстремни ситуација ја принудуваат владата да дава право на воената власт, со одговорности во спроведување на јавниот ред и водење на постапки за цивилна одбрана.

**г) Домашен тероризам**

Улогата на вооружените сили на француската војска против тероризмот се задачи на заштита на националната територија (воздушна одбрана, крајбрежен надзор,

[31] www.legifrance.gouv.fr/affichCode.do;jsessionid

одбрана на чуствителни објекти според Вигипират планот и средства за обезбедување од нуклеарно, хемиско и биолошко оружје [32].

## 2.8 Улогата на вооружените сили во справување со катастрофи

Улогата на вооружените сили во справувањето со катастрофи преставува една од најраспространетите категории и најприродна улога на вооружените сили.
Поради ризикот од домашни катастрофи и нивни последици, потребна е соодветна подготвеност, вклучувајќи обука, подготовки во областа на човековите подготовки, еколошки ефекти од големи терористички напади, употреба на оружје за масовно уништување како и програми и подготовка на Владата за континуитет на нејзиното работење во случај на напад или катастрофа.

Домашните катастрофи преставуваат една од најрасрпространетите задачи на вооружените сили и преставува клучна задача наведена во уставот и законодавството на секоја земја.

Во понатамошното излагање се преставени примери на улогата на вооружените сили во справување со домашни катастрофи на неколку земји.

- Во **В. Британија** при епидемијата на шап и лигавка во 2001 год, британската армија била распоредена да го надгледуваат избувнувањето и следењето на заразата на инфицираниот добиток. Војниците престојувале во локални хотели како обид да се стимулирал локалната економија,
- Во **Луксембург**, вооружените сили располагаат со посебна подготвена единица за домашен одговор на напад од хемиско, биолошко и радиолошко оружје [33], [34], и
- Во **Финска** при контаминација на водите, вооружените сили биле распоредени за обезбедување на чиста вода и дистрибуција на истата до локалните жители во соработка со Финскиот црвен крст и доброволци од спасувачките служби [35].

[32] Armies in Homeland Security

[33] Johann Frank, "A Neutral's Perspective: The Role of the Austrian Armed Forces in Homeland Security", Connections 2005

[34] www.fdfmod.org

[35] en.wikipedia.org/wiki/Luxembourg_Army

Катастрофите вклучуваат напори за да се предвидат и да се одговори на физичките и вештачки катастрофи (земјотреси, поплави, експлозии). Ова вклучува подготовки пред таа да се случи, обезбедување на итни одговори, како што се евакуација, деконтаминација и поддршка при обнова од последици од катарстрофи.

Улогата на вооружените сили во справување со катастрофите се познати уште во пооданешната историја, но нивната улога во дешницата е повеќепати зголемена и направени се и се прават напори секогаш кога е тоа потребно да се усогласат и координираат вооружените сили и нивните капацитети со домашните институции за безбедност и други цивилни органи и организации.

## 2.9 Улогата на вооружените сили во заштита на животната средина

Заштита на животната средина преставува единствена група на задачи и слично како и заштита од катастрофи, оваа категорија е поврзано со задачи за заштита на животната средина. Улогата на таквата заштита е насочена кон елиминирање на штетитте и деградацијата на природните ресурси поврзани со комерцијални и рекреативни активности.

Задачи на вооружените сили преставуваат борба против поморски загадувања, со јаглеродни и други видови агенси, поморски мониторинг и контрола на морињата.

Денес интеграцијата на животната средина е важен елемент на секоја држава, така да интеграцијата на вооружените сили во заштита на животната средина се образува преку изработка на прирачници, упатства и регулативи [36].

## 2.10 Улогата на вооружените сили во помош на заедницата

Вооружените сили имаат и заначајна улога во помош на заедниците. Задачите најчесто се однесуваат на помош во берба на одредени култури до помали градежни објекти, обезбедување на чувари за помали локални настани, како и младинско образование. Образованието на младите со состои во изработка на работилници, стручни курсеви и фитнес тренинзи, курсеви по цивилна одбрана, помош во царински и даночни администрации и помош на болничкиот систем [37].

[36] Johann Frank, "A Neutral's Perspective: The Role of the Austrian Armed Forces in Homeland Security", Connections 2005

[37] The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010

## 2.11 Фактори на влијание на улогата и задачите на вооружените сили

Вооружените сили несомнено преставувват значајна и респектабилна сила на секоја држава. Улогата за нивното влијание во државите и нивните задачи во справување како со надворешни, така и со внатрешни закани се преставени низ неколку фактори кои имаат специфично влијание врз специфичната природа на употребата на вооружените сили, пред се внатрешната улога и задачи. Овие фактори ја објаснуваат и преставуваат улогата на вооружените сили и нивната цел во обезбедување на националната одбрана против надворешни закани и нивната употреба во внатрешните улоги и задачи. Според тоа фактори кои влијаат на улогата и задачите на вооружените сили се:

- **Политички систем или поредок** – во уставниот и законскиот поредок на една држава постојат различни системи за надзор и команда на вооружените сили (во земјите со уставни монархии, монархот е тој што ја распоредува улогата на воорженитe сили според потребата), во демократските републики распоредувањето на вооружените сили е ограничено преку законодавството и парламентарните процедури,
- **Уставот** – уставот игра значајна улога во распоредувањето на вооружените сили. Променливост или отсуство на уставите имаат значајно влијание во улогата на вооружените сили во спроведување, посебно на внатрешните задачи. Целта на вооружените сили во извршување на задачи од внатрешна природа е воспоставено од страна на националните устави и мора да одговараат на уставните принципи. Земјите без устави (пр. В. Британија имаат поголема флексибилност во распоредување на вооружените сили),
- **Историски контекст на вооружените сили** – значаен фактор во формирањето на вооружените сили преставува нивното минато, непосредно пред формирање на политичкиот систем и Устав. Уставните ограничување на вооружените сили предходи на негативните историски влијанија на силите и преставува одговор како земјата во денешни услови би ги користела своите вооружени сили. (пр. Земји со негативна конотација на употреба на воените сили Германија, Шпанија во времето

на нацизмот) преставуваат искуства за значајно органичување на способноста на вклучување на вооружените сили во внатрешни работи на земјата. Според уставите на модерните демократии, улогата на воените сили во извршување на внатрешни задачи би била посебно невооружена,

- **Воена историја** – воената историја има силно влијание врз развојот на внатрешната улога на вооружените сили, поделбата на задачите помеѓу нив и другите безбедносни институции, како и создавање и толкување на законските рамки. Пр. За воена историја преставуваа САД, која оставила значителни траги врз улогата на вооружените сили на САД, во внатрешнте работи на земјата. Според историскиот акт од 1878 год, тој забранува американските сили да бидат одговорни за спроведување на домашните права. Од друга страна, скандинавските земји, овозможуваат поголема слобода на вооружените сили. Тие располаггат со сили, посебно воени кои освен што одговараат на закана од инвазија или окупација, тие одговараат на било каква криза или катастрофа на домашен терен. Тие имаат развиен систем на целосна одбрана, според кој нивните вооружени сили се формирани да одговорат ефикасно на било каква закана, дали тоа било катастрофа, тероризам или пак спроведување на јавниот ред,
- **Услуги на вооружените сили со експлицитни внатрешни улоги** – ова преставува фактор на кој начин во рамките на вооружените сили се користат услуги на сили кои се специјално овластени за извршување на задачи од внтрешна улога. Некои земји одржуваат цели гранки или единици во рамките на нивните вооружени сили со мисија на внатрешна улога. Пр. Крајбрежната стража на САД, овластена е да извршува задачи на спроведување на законот и криминални истраги, борба против дрога, гранична контрола, потрага, спасување и помош при катастрофи. Таа функционира во склоп на Одделот за домашна безбедност,
- **Надворешни услови** – во рамките на надворешните услови спаѓаат географските услови, индустриските средства и географската блискост и граничење со региони и земји преставуваат фактори кои имаат силно влијание врз земјата,

- **Минати, или тековни внатрешни конфликти** – ова преставува искуство на вооружените сили во тековни внатрешни конфликти и спорови. Во случај на активни вооружени конфликти или несогласување во рамките на националната граница, вооружените сили активно би биле вклучени. Во почетокот на заканата, типични први би биле вклучени полициските служби и другите агенции за безбедност, но ако закната се преставува во поширок и подолготраен облик, вооружените сили на земјите се распоредуваат за задржување и елиминирање на заканата и
- **Членство во воени сојузи или регионални тела** – членството во воени сојузи или регионални тела би ја ограничило улогата на вооружените сили за преземање на улоги во внатрешните задачи на земјата и одржување на минимална воена подготвеност и во остуство на надворешни закани, може да се користат како сили во поддршка на домашните безбедносни служби ште е изложено во [38].

## 2.12 Потенцијални опасности и можности од вклученоста на вооружените сили во внатрешни улоги и задачи

Вооружените сили несомнено преставувват респектибилна сила за справување со секаков вид на закани по територијата на матичната земја. Сепак користењето на вооружените сили од друга страна може да доведе до големи опасности и можности за отргнување на контрола и предизвикување на големи штети.

Опасноста од вклучување на вооружените сили во внатрешни задачи на справување може да предизвика страв од губење на контрола над силите и воените потенцијали со тврдење за спроведување на поголема улога и влијание во општеството и политиката, а со тоа, значително се намалува делувањето на цивилните органи. Освен тоа, постои и прикриен страв од поголема милитаризација на цивилните и технички задачи, на цивилните партнери кои учествуваат во мисиите на вооружените сили, милитаризација на полицијата и казнениот и правен систем. Постојат и стравувања од потенцијална злоупотреба и злоупотреба на вооружените сили поради неправилна обука за внатрешно распоредување и несоодветно разбирање на применливите граѓански и кривични закони и процедури. Несоодветното финансирање на вооружените сили ќе доведе до двојна улога, односно фаворизирање на улогата на

[38] www.icrc.org/eng/assets/files/other/i-stephens.pdf

воените сили за справување со задачи од внатрешна природа на сметка на цивилните органи и институции.

Поради ваквиот начин на функционирање, може да се појави ризик од распаѓање на основната мисија на вооружените сили и нивна подготвеност во функција на справување на закани на националната одбрана и способности за војна. Од друга страна пак, можностите на вооружените сили се големи. Тие се вклучуваат во обезбедување на мирот, придонеси за безбедноста и сигурноста на општеството и способност за решавање на национални кризи (природни катастрофи, распространети граѓански немири), кои не можат поинаку да се решат со цивилни средства.

Вооружените сили со своите капацитети овозможуваат застрашување на недржавните вооружени предизвикувачи на домашната и регионалната безбедност, стабилност преку одржување на своите воени капацитети за одговарање на секаков вид на закана. Посебно кога условите бараат присуство на тешко вооружување и специјализирана технологија.

Од друга страна пак соодветно на прикажаното во може да се каже дека улогата на вооружените сили во справување со задачите од внатрешен карактер би можело да развие нови области на експертиза и буџетски релевантности на вооружените сили во време кога традиционалните надворешни закани немаат зголемен капацитет и се многу минимални [39] и [40].

## 2.13 Вооружените сили во 21 век

Во динамичниот и глобален безбедносен свет, улогата на вооружените сили рапидно се зголемува. Со нараснување на новите закани кои ги носат новите предизвици, традиционалните задачи на вооружените сили се заменети со нови , покомплесни барања кои модерните армии би требало да ги извршат за зачувување на безбедноста на државите. Задачите се состојат од широк спектар на барања кои модерните војски ќе се соочат во текот на своите мисии.

Категорија на задачи кои вооружените сили би ги извршувале во иднина преставуваат:

[39] www.un.org/sc/ctc

[40] Albrecht Schnabel and Danail Hristov – "Conceptualising Nontraditional Roles and Tasks of Armed Forces" – 2010

- Борбени операции,
- Меѓународна стабилност,
- Граѓански операции за подршка,
- Национални одбранбени операции и
- Меѓународна поддршка за хуманитарна помош.

### 2.13.1 Борбени операции

Мисии на интервенција или боребни операции обично се операции кои ги изведуваат силите на коалицијата. Овие операции бараат способности да се изведуваат во одредени временски периоди и со високо ниво на интероперабилност. Идните операции ќе побаруваат од вооружените сили високо ниво на технолошка софистицираност, а за професионално извршување високи нивоа на обуки и едукација. Во некои случаи ќе биде побарано од силите да бидат способни за дејствување во хемиски и биолошки загадени средини, или специјализирани единици за дејствување во урбани или планински средини.

### 2.13.2 Меѓународна стабилност и операции за поддршка

Овие оперативни задачи вклучуваат широк спектар на мировни операции и мисии за поддршка на мирот и се наменети за подршка на дипломатските напори во долгорочната политика.

Оваа категорија на задачи вклучува:

- Градење на мирот, кои преставуваат главни дипломатски напори со цел да се спречи кризата,
- Мировни операции кои се дизајнирани за олеснување на спроведување на примирјата или договори за прекин на огнот,
- Спроведување на мирот, со закана за употреба на сила со цел принудување на согласност на резолуциите или санкциите и
- Градње намирот во постконфликтини ситуации кои се однесуваат на зајакнување и обновување на владината инсфраструктура и институции во постконфликтната средина.

Мисии во спроведување на мирот можат да се движат од обезбедување на хуманитарна помош, враќање на редот и стабилноста се до спроведување на санкции со цел воспоставување на заштитини зони и одвојување на завојуваните страни. Ваквите мисии за спроведување на мирот преставуваат едни од најпредизвикувачките задачи за многу армии во светот.

### 2.13.3 Цивилна поддршка

Владите на државите често може да побараат од вооружените сили да им помогнат на цивилните власти во вршење на широк спектар на задачи. Овие операции можат да бидат различни, на пр. Зголемување на клучните функции на вооружените сили за време на штрајкови, поддршка во спортски настани, спроведување на законот и редот, заштита на животот или имотите и др.

Подршката на цивилните власти содржи:

- Одбранбена помош на цивилните власти,
- Одбранбена поддршка на цивилните власти во спроведување на законот,
- Одбранбена помош во граѓански немири.

Во овој спектар на операции, на воена подршка на цивилните власти, операциите се се дизајнирани да обезбедат привремена поддршка на цивилните власти доколку тоа е дозволено со цивилните закони. Водечките принципи се дека воени власти треба секогаш да ги поддржуваат цивилните власти само во вонредна состојба или кога цивилните власти не се во можност да одговорат на заканите. Во одговор на закани од типот на нуклеарно, хемиско и билошко оружје, војската често пати преставува сила која поседува уникатни квалификации и способности кои се далеку подобри од оние на цивилните власти кои први одговараат на заканите (полицијата и пожарникарската служба).

Воените сили ги поддржуваат националните и локалните закони во случаи на нелегален увоз на предмети, дроги и др. Подршката се однесува на зајакнување на граничната безбедност со воени единици, обезбедување на разузнавачки податоци, команда и контрола. Воените сили можат да обезбедат електронско разузнавање на органите на прогонот или озбезбедување на сили за следење.

Во склоп на широко распространетиот тероризам, легитимна улога на вооружените сили преставува и поддршка на напорите на земјата во спроведување на законите за борба против тероризмот, но со внимателна разлика во употреба на силите. Напорите во совладување на тероризмот во домашни услови преставува обврска на цивилните власти, додека војската би ја преземала водечката улога во спроведување на операции во странство. Во однос на домашното влијание во борба против тероризмот, тие само би дејствувале како поддршка или логистичка поддршка на цивилните власти.

Во мисиите на вооружените сили во 21 век, вооружените сили можат да се вклучуваат во спроведување на законите на домашна територија , но политичката контрола би останала во цивилни раце, опреациите можат да вклучуваат употреба на сила но воздржано и само во крајни случаи. По завршувањето на заканата или кризата, контролата повторно би се вратила во надлежност на цивилната контрола.

### 2.13.4 Национална одбрана

Мисиите на национална одбрана опфаќаат одбранбени акции со цел да ги одвратат, уништат или да ги намалат нападите на противникот врз суверената територија, домашното население и критичните инфраструктури. Ваквиите мисии на вооружените сили имаат класични задачи во одбрана на сопствената територија. Овие задачи вклучуваат:

- Воздушна и против ракетна одбрана,
- Заштита на суверенитетот,
- Кризи и последици од оружје за масовно уништување и нивно управување и
- Континуитет на владините операции.

Прва задача на силите преставува одбрана на државата, нацијата, територијата и инфраструктурата од воздужни напади. Тоа преставува способност да се детектираат, калсифицираат, пратат, пресретнат и уништат авиони, крстосувачки проектили и закани од балистички ракетни системи. Во заштита на суверенитетот се подразбира оддбрана на населението и територијата. Во напад на суверенитетот преставува случај на напад од надворешен непријател и преставува јадро на дејствување на вооружените

сили. Овој тип на операции се спроведуваат на домашна територија, но сепак постојат и случаи кога можат да се користат и вооружените сили во одбрана од непријателите и надвор од националната територија. Во контекст на домашната одбрана, ова преставува и одбрана на националните територијални води и ексклузивни економски зони. Заштитата на критичната структура се фокусира на заштита на системите кои се од клучно значење за континиурани дејствувања на владите, бизнисот и општеството. Критичните инфраструктури најчесто се поделени на национална критична структура која вклучува елементи од општеството кои се од суштинско значење за економската безбедност на земјата, јавната безбедност и благосотојба на своите граѓани. Тоа подразбира: енергија, вода, информации, комуникации, транспорт земјоделство, банкарство, финансиски систем и други витални човечки и служби за итна помош. Одбраната на критичната структура се состои од две категории критични информациски средства и проекциони способности и средства. Тука е вклучено: воена команда, контрола, комуникации, компјутерски и разузнавачки мрежи, критични логистички средства како и воздушни и поморски пристаништа. Во заштита на овие структури, воените сили ја задржуваат примарната одговорност.

Кризата и последиците од оружјето за масовно уништување преставува дел од задачата и мисијата на вооружените сили. Често вооружените сили, обучуваат посебни единици за спроведување на операции во откривање и неутрализирање на оружје од биолошко, хемиско и нуклеарно потекло како и операции на заштита на животната средина од ваков тип на закани. Воените сили во вакви услови обезбедуваат задржување и услуги во деконтаминација, како и медицинска и логистичка поддршка во итни случаи.

Последниот дел од целта национална одбрана преставува мисијата на воените сили во одржување на континуитет на владата. Во случаи на големи инциденти, војската ги обезбедува основните услуги, како што се комуникациите и логистиката со цел да се заджи спосбноста на владеење на владата.

Способноста на воените сили брзо да реагираат и да помогнат во одржување на клучните владини услуги може да биде од клучно значење за опстанокот на владата и безбедноста на своите граѓани.

### 2.13.5 Меѓународна хуманитарна помош

Воените сили со своите логистички способности, често се повикуваат во помош во странство во случаи на значајни човекови страдања. Овие операции се изведуваат во случаи на големи природни или вештачки катастрофи. Овие операции можат да се изведуваат во меѓународна средина, како дел од меѓународна коалиција или на билатерална основа, кога една држава и помага на друга.

Меѓународната хуманитарна помош вклучува:

- Катастрофи,
- Логистичка поддршка на меѓународни организации/невладини организации,
- Поддршка на бегалци и
- Управување со последици од катастрофа.

Катастрофите преставуват најистакнати задачи на вооружените сили. Воените сили располагаат со големи залихи за живот, и најчесто се првоповикани во помош од храна, ќебиња, шатори, медицински материјали и градежни материјали, предмети кои се потребни во случај на земјотреси и други природни катастрофи. Во склоп на наведените задачи, витално преставува и способноста на војската во озбезбедување на средства за превоз, особено авијација која им овозможува на силите да реагираат брзо кое често пати преставува витално значење во случаи на вакви катастрофи. Во случаи во подршка на меѓународни/невладини организации, вооружените сили во тензични ситуации, извршуваат значајна улога во заштита на хуманитарните работници од банди и криминални организации.

Трета мисија во меѓународната хуманитарна помош преставува поддршка на бегалците. Големите катастрофи можат да создадат голем број на бегалци и воените сили преставуваат инструмент во управувањето со бегалците. Покрај логистичката подршка во вакви случаи, често од воените сили ќе биде побарано и спроведување на законите. Управувањењто со последиците од катастрофи преставува последна мисија од сетот на мисии од хуманитерен аспект. По вонредната состојба, воените сили ќе бидат задолжени за помош во спроведување и возобновување на редот и безбедноста.

Управувањето со последиците од катастрофи ќе преставуваат и мерки за вршање на есенцијалната владини дејствија, заштита на јавното здравје и безбедноста и обезбедување на итна помош на погодени држави, бизниси и поединци.

### 2.13.6 Воени операции

Во интерес на националната безбедност, секоја национална влада мора да ја задржи способноста да презема воени операции кога тоа е потребно. Овие мисии можат да покриваат цел спектар на офанзивни акции, како и поспецијализирани операции, како што се:

- Операции против бунтовници,
- Евакуација на не – борци,
- Кадровски операции за обновување и
- Контра – терористички операции.

Овие операции бараат високо ниво на технолошка софистицираност како и робусно распоредување на некои операции, како што се евакуација и обновување, а за за ваков тип на операции ќе бидат потребни брзи и распоредливи сили за пренос по воздужен пат.

Демонстрација на сила, штрајкови и рации од вооружените сили бараат поголема робусност и посложено ниво на способност, вклучувајќи и значителна офанзивна спосбност како и способност за распоредување на подолги релации.

Операциите против бунтовниците спроведени во рамките на националните граници за потиснување на бунтовниците, домашни востанија и бунтови преставуваат едни од најсложен тип на операции.

Ваквиот тип на операци од вооружените сили бараат цел спектар на воени способности и често за овие мисии се користат специјални способности и бараат тесна соработка со властите на спроведување на законите.

Бунтовите, иако користат терористички методи и цел им преставува цивилното население, мисиите на воените сили во вкавиот тип на операции побаруваат поголема употреба на конвенционалните воени сили. Од друга страна пак операциите во

странство се однесуваат на контра – офанзивни операции кои ги спроведуваат воените сили и битно се разликуваат од операциите на поддршка на цивилните власти [41].

## 2.14 Вооружени сили на НАТО

Терористичките напади од 11 септември 2001, доведоа до преземање на решителна акција против решителен непријател и ја покажуваат целата ранливост на НАТО алијансата од големи терористички напади. За таа цел од министрите за одбрана на НАТО е изготвен воен концепт за одбрана од тероризмот.

Главни, но и водечки принципи на воениот концепот за одбрана од тероризам преставуваат:

- Стратегиски концепт на Алијанста од 1999 год,
- Проценките на НАТО – алијанста на закани од тероризам и
- Политички насоки кои предвидуваат дека акциите на НАТО потребно е да:

1) Имаат здрава правна основа и целосна согласност со одредбите од Повелбата на ОН и сите меѓународни норми, вклучувајќи ги и оние за човекови права и хуманитарни барања,
2) Помош во одвраќање, одбрана, нарушување и заштита од теророристички напади или закана од напади од странство против населението, територијата, инфраструктурата и сили на членки на НАТО,
3) Акт за подршка на напорите на меѓународната заедница против тероризмот и
4) Обезбедување помош на националните влади во справување со последиците од терористички напади, посебно кога таквите напади вклучуваат употреба на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни оружја.

[41] Facing the Future - United States Department of Defense

Воениот концепт на НАТО е развиен за одбрана од закана на тероризам и проценка на НАТО во борба против тероризмот и истиот заклучува дека иако верскиот екстремизам ќе преставува најчест извор на непосредни терористички закани кон Алијансата, останати мотивации за тероризам би можеле да произлезат од економски, социјални, демографски како и политички причини од нерешени конфликти или нови идеологии. Иако доминатна форма на терористички напад преставува употребата на конвенционално оружје и експлозиви за очекување е од терористичките групи да се залагаат за употреба на најдеструктивни средства, како што е оружјето за масовно уништување [42].

### 2.14.1 Воени операции на НАТО

Во воените операции на Алијансата се идентификувани четири различни улоги за одбрана од тероризмот:

- Антитероризам (одбранбени мерки),
- Менаџирање со терористички закани, намалување на последиците од таквите закани,
- Борба против тероризмот (офанзивни мерки),
- Воена соработка и
- Сили за заштита.

Каде што улогите одделно се дефинирани како:

**а) Анти – тероризам** – или одбранбени мерки е употребата на одбранбени мерки за намалување на ранливоста на силите, поединци и имот од тероризам. Иако нациите имаат примарна одговорност за одбрана на населението и инфраструктурата, потребна е поддршка и помош од страна на Алијанста, ако земја-членка го побара тоа. Навременото и точно разузнавање преставува суштински услов за успешно одвраќање и заштита од терористички напади. Анти – терористичките акции можат да вклучуваат: споделување на разузнавачките информации, стандарди на Алијанста во услови на

[42] en.wikipedia.org/wiki/Armed_forces

закана, предупредување од закана и дефанзивни процедури, помош во воздушната и поморската заштита и помош на земја-членка или нација во случај на повлекување на своите граѓани од области со зголемени терористички закани и напади,

**б) Менаџирање на закани од тероризам** – преставува употреба на реактивни мерки за ублажување на деструктивните форми на тероризам и преставува одговорност на националните држави и влади, но сепак во случај на потреба Алијанста обезбедува помош во воена подршка која е во вид на:

- Процеси на планирање на сили за брза идентификување и распоредување на потребната помош. Ова вклучува помош на цивилните власти во области на хемиска, биолошка и нуклеарна одбрана, инженерство и менаџирање со раселени лица,
- Создавање на регистар на способности на Алијасата кои се достапни во краток временски период за подржување на националните напори,
- Воспоставување на обука и вежби за координативна способност за развој на мулти-национални способности потребни за брз одговор и
- Евро – Атланска координитативна ќелија за катастрофи за обезбедување на потребното јадро за подобрување на координацијата помеѓу НАТО и државите.

**в) Борба против тероризмот** – Антитетотистичката акција преставува акција за намалување на способностите на теорористите. Сите држави на Алијансата се сложни дека на терористите не треба да им бидат дозволени да имаат бази, планови, фази на реализација натерористичките акции и дека заканата од терористички напади е доволно силна причина, оправдано да се дејствува против секоја терористичка закана. Контра – терористичките операции преставуваат заеднички операции на единици специјално обучени борба против тероризмот и преставувват ефикасна мерка против ваков тип на операции; психолошки операции за

освојување на довербата на населението и оперативни операции од витално значење. Концептот на Алијанста во борба против тероризмот се сосотои од два дела: НАТО во водство и НАТО во подршка.

1) **НАТО во водство** – Концептот наведува дека за успешна борба против тероризмот, НАТО мораат да има соодветна команда, контрола и разузнавачки структури, како и сили обучени, остварливи и одржливи на потребното ниво на подготвеност. За извршување на операциите против тероризмот, потребно е добро планирање и затоа е потребно да се обрне внимание на следното: процедури и способности за забрзани одлуки со цел поуспешно откривање и напаѓање на цели во контра – терористичката акција, пристап до прецизно водени стенд – оф оружја и потреба од повеќе специјализирани анти – терористички сили и
2) **НАТО во подршка** – Концептот наведува дека од случај до случај на терористички акт, Алијансата се согласува да обезбеди средства и можности за подршка на операциите во одбрана од тероризмот, преземани од страна на Европската унија или други меѓународни организации или коалиции, вклучувајќи ги и земјите сојузнички.

Подршката од Европската унија и други меѓународни организации ќе бидат засновани на релевантни аражмани договорени помеѓу НАТО и заинтересираните организации.

Во овој контекст, подршката од НАТО би го вклучувало следното: способност за пополнување на националните барања, имплиментирање на силите за поддршка на широката коалиција, подршка на земја – домаќин, вклучувајќи надлетување над нејзиниот воздушен простор и употреба на оперативно планирање на НАТО сојузот со истомисленици и членки на Алијансата и помош во одржување на таа операција [43] и [44].

[43] http://www.marshallcenter.org/mcpublicweb/ F_Publications/m.pdf
[44] www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm

### 2.14.2 Воена соработка на НАТО

Во борбата против тероризмот неоходна е подршка и имплементација на сите расположиви сили. Ова се подразбира дека учеството на вооружените сили е неопходно и непроценливо. Сепак, воените акции не се сосема доволни за справување со терористичките закани и дека воените операции треба да бидат координирани и имплементирани на кохерентен начин со дипломатски, економски, социјални, правни и информациски иницијативи.

Во повеќето земји на НАТО, цивилните власти, како што се полицијата, царината и имиграциските власти, министерствата за финансии, разузнавачки и безбедносни служби се основните агенции вклучени во справување со тероризмот и воените сили ќе треба да работата во знак на поддршка и во тесна координација со сите овие агенции и органи. Во Концептот на НАТО за цели во борба против тероризмот е наведено дека Алијансата мора да ги усогласи своите напори и процедури со цивилните власти во рамките на народите за зголемување на нејзината ефикасност против тероризмот.

Алијансата редовно се состанува со останатите меѓународни организации како што се: ОН, ОБСЕ и Европската Унија и развива програми за полесна координација како што се Партнерството за мир, Комисијата на НАТО и Медитеранскиот дијалог [45].

[45] National Strategy for combating Terorism – CIA, 2003

# ГЛАВА 3. УЛОГАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

## 3.1 Улогата на вооружените сили во борба против тероризмот

Надворешните закани и нестабилности имаат исклучително влијание врз националната безбедност на државите. По Студената војна, еден настан предизвикал глобална можност за вооружени напади врз популациите и почвите на државите, а тоа се терористичките напади од 11 септември 2001 год. Тие преставуваа напади кои направија силен и моќен ефект врз психата на населението.
Одговорот на ваквите напади преставувал прогласување на т.н војна против тероризмот која преставуваше мобилизација на силите во задржување, а во некои случаи и проширување на вооружените сили да преземаат далеку поголеми акции од дотогашните традиционални задачи.

Воените ангажмани насекаде низ светот, односно места како што се Авганистан, Ирак и повиците за воена подршка ја потикнуваат борбата против овој вид на закани. Покрај тоа, кризите, човековото страдање, економската штета и политичката нестабилност создадена од природни катастрофи укажувале на зголемени побарувања за вклучување на вооружените сили во олеснувањето на непосредни одговори на таквите кризни моменти. Воените модерни сили се повеќе ја зголемуваат својата улога во справување со ваквите закани. Особено се зголемува улогата во справување со

нетрадиционалните закани како што преставува тероризмот. Промените на улогата на воворужените сили потребное да се одвиваат постепено во склоп со темелна проценка на заканите и нивни сценарија. Во однос на новите закани, тоа преставува внимателно следење на продолжени закани од меѓународни терористички мрежи, сајбер несигурности, развивање на терористички закани и политички револуции кои егзистираат на Блискиот исток.

Овие настани ќе преставуваат предизвик за сите општества, тестирање на нивната способност далеку од традиционалните начини на закана, заменети со нови и непредвидливи видови на закани и предизвик за вооружените сили са справување со истите.

## 3.2 Воена сила

Настаните од 11 септември 2001 год довеле до радикална промена во употребата на воена сила преотив тероризмот. Воената сила е груб инструмент – оној кој ја поврзува врската со широките политички одлуки, особено кога е повредена границата на една држава или страдаат невини жртви.

Како и да е, во изминатата декада воените инструменти стануваат многу попрецизни и посмртоносни и можат да бидат покорисни против терористите во иднина.

Прецизните стенд – оф оружја (оружја што можат да бидат лансирани на растојанија доволни за да се овозможи напаѓање на персоналот за да се избегне дефанзивен оган од целната област) комбинирани со високоистренираните копнени сили нудат нови воени опции за соочување со терористите [46]. Новата и смртоносна комбинација на Предатор – беспилотните воени летала вооружени со проектили ја покажале својата ефикасност во борбата против терористите.

Во борбата против тероризмот потребни се сите расположиви средства кои стојат на располагање. Декларацијата за војната против тероризмот на САД, го направила потребниот исчекор во премостување на препреките во користењето на воените сили.

Декларацијата ги вклучува следните елементи:

[46] http://armypubs.army.mil/doctrine//pdf

- Зголемена легитимност за употреба на воена сила,
- Помала загриженост за пропорционалноста на одговорот,
- Поголема волја за преземање високоризични операции,
- Поголема легитимност за подготвителни акции и
- Легализирање на режимот за уривање како одговор.

Покрај наведените параметри, во борбата против тероризмот не се исклучени и другите опции, како што се меѓународната соработка со вооружените сили на други држави, разузнавањето и употребата на специјалните сили.

Разузнавањето во борба против тероризмот е следната и многу важна опција во борбата против тероризмот. Информациите за движењето на терористите, нивните способности, организираност мрежна поставеност, финансиска способност и секако во последно време достапноста до оружјето за масовно уништување преставуваат драгоцени вредности во водењето на борбата. Примената на традиционалните, класични вооружени сили во справувањето со терористичките закани треба да се избегнува, освен во случаи кога кризите од оваа пригода ќе ескалираат до тој степен што нивното ангажирање ќе биде неизбежно [47]. За реализација на наведените параметри и побарувањето на глобалното размислување и глобалната војна против тероризмот формирани се специјални сили со дефинирана стратегија, организација, тактика и со примена на соодветна и адекватна обука [48].

## 3.3 Примарни мисии на вооружените сили

Заради заштита на националните интереси и остварување на целите во склоп на стратегиите за национална безбеност што ги донесуваат државите се овозможува вооружените сили да ги рекаблираат своите способности и да направат дополнителни модернизирања и реорганизирања за успешно водење на своите мисии.

Цели на мисиите на вооружените сили преставуваат:

[47] Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Скопје 2004 година

[48] Владимир Терповски, Специјални сили, Прима, Скопје, 1998 година

- **Борба против тероризмот и повремени напади** – Постапувајќи во концепт со другите средства на национална моќ, вооружените сили ќе продолжуваат да ги запираат терористичките напади и водат војна против тероризмот на кое и да било место и време. Глобалните напори во борбата против тероризмот стануваат широко дистрибиурани и се карактеризираат со директна акција и безбедносни сили за помош. Поучени од неуспешните мисии во минатото, вооружените сили ќе го продолжат своето градење и прилагодуваат своите способности соодветни за борба против тероризмот,
- **Одвраќање на агресијата** – Силите ќе бидат спосбни за одвараќање и победа на агресијата од страна на секоја потенцијален противник. Ова вклучува можности да се обезбедат просторот и населението и да се олесни стабилното управување на помали мобилизирани сили,
- **Борба против оружјето за масовно уништување** – Силите ќе преземаат низа активности насочени кон спречување на пролиферацијата и употребата на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје. Овие активности вклучуваат спроведување на соработка и закани за редукција, планирање на операции за лоцирање на оружјето, следење, трагање, забрана и обезбедување на оружјето за масовно уништување и негови компоненти. Тука се вклучени и активностите и напорите на владите за спречување на амбициите на поединечни фрустрирани влади, како и спречување на развој на оружјето за масовно уништување,
- **Ефективна соработка во Сајберпросторот** – Модерните сили не можат да спроведуваат високо темпо на ефективни операции без веродостојни информации и мрежи на коминукациски пристап и пристап до интернет просторите. Денеска сајберпросторот и неговите системи, како и подршката на ваквите системи со соочуваат со голем број на закани кои можат да ги деградираат, нарушат или уништат нивните средства. Соодветно на ова, модерните сили ќе продолжат да ја развиваат партнерската соработка со домашните и странските партнери во инвестирање на напредни системи за заштита на своите мрежи, оперативни способности и заштита ан сајберпросторот и

- **Спроведување на хуманитарни операции, операции во помош на катастрофи и други операции** – Во загрозување на безбедноста и благосостојбата на земјата, граѓаните, нацијата често се повикува на своите вооружени сили. Силите кои поседуваат брзо распоредливи единици, вклучувајќи воздушно мостови, надзори, медицинска евакуација, згрижување и комуникации преставуваат непроценлива вредност во дополнување на агенциите и органите задолжени за жртви од природни и вештачки катастрофи во рамките на својата земја и мисии на испомош во странство [49].

## 3.4 Тактики на вооружените сили во справување со тероризмот

Во справување со терористичките закани и предизвици потребно е пред се разбирање и согледување на потенцијалниот противник и негово понатамошно спречување во остварување на терористичко дејствување. Во продолжение се разгледани неколку тактики кои вооружените сили ги користат во спречување на дејствување на терористичките организации и поединци и тоа:

- **Урбани средини** – Урбанизацијата на светската поплација продолжува да се зголемува. Прикривањето и анонимноста од страна на терористичките организации е минато, терористичките акции денеска се одвиваат во урбани средини. Бунтовниците користат урбани центри на слобода на движење, лесен пристап и близина на целите. Бунтовниците напредуваат во урбани средини многу брзо, операциите против бунтовниците во урбаните сили ја нагласува потребата од разузнавање и подршка на полициските операции за спречување на тајните органзации, нивното разузнавање, логистика и терористички активности. Против бунтивниците воените сили ги зајакнуваат полициските сили против немири и нарушувања, како и спроведување на рации, пребарување и воспоставување на кордони. Воените сили мораат да бидат во постојана комуникација со полициските и другите агенции вклучени во операциите.Кога вoружените сили ги зајакнуваат полициските, или ги

[49] www.au.af.military/doct.htm, August 2013

поразуваат бунтовниците во урбаните средени, потребна е координација и контрола во работењето. Основни фактори во борба против тероризмот во урбана средина преставуваат:

1) постојано присуство меѓу населението,
2) стекнување и ширење на навремени и точни разузнавачки информации,
3) избегнување на претерани акции од бунтовничките активности,
4) развивање на пријателски односи со земјата – домаќин,
5) користење на контра – снајперски операции, особено блокади на патишта, позиции и стражарски места,
6) контрола на пристап до оружје, униформи и други резерви кои бунтовниците можат да ги искористат,
7) заштита на јавните служби и индустријата од напад и саботажи,
8) спречување на немири, протести и други поголеми инциденти на населението и др.

Сите урбани операции бараат внимателно планирање и координација, особено во операциите на примена на сила. Највитален услов преставува точно и сигурно разузнавање. Воените сили мораат да одржуваат комуникација со полициските и другите органи за време на изведување на операциите.

- **Погранични области** – Во изведувањето на операциите, бунтовниците обично се снабдуваат преку граница, воспоставувват кампови и спроведуваат преку гранични операции во соседните земји. Полицијата, царината или полувоени сили се одговорни за граничната безбедност. Сепак кога герилската закана е од поголеми размери, се вклучуваат вооружените сили во забрана од инфилтрација и материјал од страна на бунтовниците со намера на нивно изолирање на нивната надворешна поддршка. Граничното обезбедување бара тесна координација и

соработка помеѓу вооружените сили и паравоени сили и владини агенции.

Врз основа на детална анализа на релјефот и разузнавачките информации, командантите на вооружените сили можат да ја утврдат инфилтрацијата и правците, поддршката, фрекфенцијата и обемот на сообраќајот, видот на транспортот, бројот и видот на персоналот, износот и видот на материјалот, теренот и локацијата на базите на бунтовниците.

## 3.5 Техники на вооружените сили во справување со тероризмот

Во операциите за пребарување се подразбира прегледување на лице, место, област со помош на вооружените сили.Ова вклучува пребарување на непријателот или притворениот персонал, области на воена цел, персонал или возила на воени пунктови и линии на комуникација. Пребарувањето се врши според широк спектар на ситуации и широк спектар на цели. Обично претресот се врши врз лице со цел да се најде нешто скриено. Освен лица се претресуваат и места, области, објекти (автомобили). Се претресуваат и комуникациски објекти како што се: книги, писма, компјутери, мобилни телефони, и други медиуми за комуникација и сиганлизација. Во текот на пребарувањето, потребно е информирање на населението заради обезбедување на нивната безбедност и сигурност. Во операцијата за пребарување клучната ориентирана цел преставува материјалните области, луѓето, градежните објекти и терени. Во тоа е вклучено пребарување на поединци, антенски пребарувања, потрага по подземни објекти, тактички сослушувања и обработка на затвореници. Бидејќи секој може да преставува бунтовник, потребна е најголема претпазливост во текот на пребарувањето, со цел да се спречи кршењето на локалните обичаи и избегнување на колатерални штети.

Поради ваквите факти постојат следните операции за пребарување:

1) **Рации** – преставуваат привремено запленување на одредена површина со цел за обезбедување на информации, доведување на противникот до забуна, фаќање на персоналот или опремата и уништување на нивната способност.Рацијата се темели на точни, навремени и детални планирања и разузнавање. Мисиите во изведување на рациите се насочени против бунтовници, терен разузнавање или опрема и се изведува во форма на кордон за спречување на бегство на непријателот помеѓу населението и

2) **Заседи**– заседите преставуваат форми на напад со оган или други деструктивни дејства од сокриени позиции за привремено запирање на непријателот. Патролите за заседи се борбени патроли со мисија да се воспостави и изврши заседа за фаќање на бунтовниците и опремата. Со отсранување на бунтовниците, со заседата се придонесува за подобрување на јавниот ред и мир и безбедност како клучна цел во цивилните општества.

Клучни чекори во формирање на заседата преставуваат:

а) одредување на целта и намената на заседата (убивање или фаќање),

б) одредување на предности и недостатоци за извршување на заседата,

в) утврдување на видот на заседа (точка на заседа или област на заседа),

г) избор на соодветна форма на заседа,

д) утврдување на заседата (блиска заседа или далечна заседа),

ѓ) одредување на комуникација,

ж) оружје и ограничувања,

з) одредување на компромисни планови и

ѕ) одредување на специјална опрема, дококу е потребна за заседата.

3) **Снајперски операции** – преставуваат ефикасни операции во совладување на непријателските сили со користење на високо обучени поединци спремни за акција во сите средини, услови и места.

Снајперските операции најчесто се изведуваат во мали набљудувачки тимови и тимови за фаќање и се разликуваат според видот на задачите и опремата и се фокусираат на уништување на бунтовничките елементи.

Снајперските операции мораат да бидат внимателни планирани со разбирање на навиките, однесувањата и густината на локалното население. Покрај основната мисија за прецизни извршувања, тие извршуваат и задачи за зголемување на безбедноста и контра-терористички операции.

Специфични барања во извршување на снајперските мисии се:

а) снајперските позиции мора да бидат најнеодбранливи во напад на бунтовниците,

б) снајперските тимови мораат да бидат неприкосновени во извршување на задачите и негираат движење на непријтелските сили, обезбедуваат сигурност на чуствителни и критични локации во руралните и урбаните области и

в) Секогаш зголемена сигурност во извршувањето на операциите и движење во тимови (снајперистот ја осигурува најпрво сопствената безбедност и безбедноста на своето оружје).

## 3.6 Специјални сили

Во модерните размислување против тероризмот се бараат и модерни средства во справување и водење на војна против тероризмот. Едно од поважните средства меѓу другите преставуваат и специјалните сили во рамките на вооружните и полициските сили. Специјални сили или сили за специјални операции преставуваат високо обучени воени единици за извршување на неконвенцијални, најчесто мисии со висок ризик. Специјалните сили во современи услови преставуваат првенствено орудие на

политиката, меѓутоа и претходница на употребата на конвенционалните сили и прв чекор кон вооружена агресија [50].

Способностите на специјалните сили го вклучуваат следното:

- Извидување и набљудување во непријателските средини,
- Обука и развој на воени и безбедносни сили на други држави и офанзивни акции,
- Подршка на бунтовници преку ангажирање на подршка од населението,
- Саботажи и уривање и
- Спасување на заложници.

Денес, речиси сите земји располагаат со помали или поголеми формации на овие сили. Намената на специјалните сили е повеќекратна и се манифестира во борбената, разузнавачко – субверзивната, политичката и психолошко – пропагандната сфера.

Намерата се сведува на:

- Изведување на неконвенцијални дејства,
- Организирање на герилски сили, обука, опремување и раководење со нивните дејства,
- Извршување на разузнавачко – извидувачки, диверзантски и специфични борбени задачи во непријателската заднина,
- Борба против терористите, бунтовниците и уфрлените сили во сопствената заднина,
- Помош на пријателските земји и приврзаничките режими во јакнење на внатрешната безбедност и водење на против-герилско востанички дејствија,
- Психолошко – пропагандни дејствија и
- Организирање на цивилни работи.

[50] www.encyclopedia2.thefreedictionary.com/standoff+weapon

Задачите на специјланите сили се разновидни и се состојат од:

- **стратегиско ниво** – откривање, следење и уништување на објекти, како и складишта на нуклеарно и ракетно оружје, напад на аеродроми, поморски бази, елементи на ПВО и
- **оперативно и стратегиско ниво** – дејства врз заднинските елементи, командните места, центрите за врски и радарските елемнти, изведување саботажи, диверзии на воени и стопанско – политички објекти, нафтоводи и далеководи, атентати на воено – политички личности, заробување на воени лица и доверливи материјали, запленување на ново вооружување, опрема и борбени екипажи, ширење на дезинформации и разни гласини, психолошко – пропагндно делување и др.

Борбените карактеристики на овие сили произлегуваат од нивната доктрина, намена и задачи и се состојат од следното:

- Изборот на луѓето е на доброволна основа, меѓутоа со исплнување на најстроги медицински, психолошки и физички критериуми,
- Третманот им е од најголем приоритет,
- Застапен професионализам, врвна индоктринација.мотивираност и висок степен на морал,
- Сложена, сурова и долготрајна обука и ниван оспособеност за дејства во најтешки географски, метео и тактички услови,
- Висока борбена подготвеност и оспособеност и моментална употребливост,
- Способност за уфрлање во непријателската заднина по воздушен, копнен и поморски пат,
- Голема оперативно – стратегиска подвижност,
- Примена на специфични и тактички дејства, оспособеност за борба “гради во гради”, постигнување на изненадување и
- Користење на најсовремено сопствено и странско оружје.

## 3.7 Специјално војување

Под поимот специјални операции се подразбираат операции водени од специјално обучени, опремени и организирани сили против стратегиски или тактички објекти за остварување на националните, воените, политичките, економските и психолошко – пропагандните цели.

Специјални се нарекуваат затоа што даваат резултати од инзворедно значење од воен и политички карактер. Со овие дејствија непосредно раководи државното раководство, а се пласира и тезата дека се раководени и од разузнавачките служби. Главни планери на специјалните операции се посеби органи и специјализирани служби на државата и воени политички сојузи, кои понекогаш се анонимни, меѓутоа највлијателни и преставуваат јаки центри на моќ.

Специјалното војување има своја концепција, доктрина, стратегија и тактика на водење.

Со **доктрината** се одредуваат: силите за водење на специјална војна, територијата на земјата или регионот каде што се наоѓаат политичките интереси за водење на специјална војна, најповолно време за водење на таква војна, како и начелата и карактеристиките за водење на такви активности.

**Стратегијата** за водење на специјално војување преставува збир на знаења и вештини за подготвувањ еи водење на специјалната војна, за изведување на специјалните операции и акции. Тоа е збир на оперативно-тактички постапки, облици и методи со кои се напаѓаат сите области на оштествено-политичкиот и економскиот систем, синхронизирани за дестабилизација на општеството и прдизвикување на кризни состојби што се насочени кон уривање на општествено-политичкиот и економскиот систем.

**Оперативно – тактичко водење** на специјалната војување преставува мноштво на специјлани операции и акции во сите сфери на општествено – политичкиот и економскиот систем, со примена на разновидни облици и методи насочени кон предизвикување дестабилизација и создавање на кризни состојби во земјата.

## 3.8 Улогата на специјалните сили

### 3.8.1 Специјалните сили во борба против тероризмот

Во околности на ескалација на кризата, со цел да се ограничи кризата и да не се овозможи нејзина експанзија, како и неутрализирање на терористичките групи, се користат специјланите сили со антитерористички операции.

При спроведување на вакви операции, специјалните сили ќе исполнуваат три вида на задачи:

- **Антитероризам** – одбранбени мерки за ограничување на ранливоста на напади против населението, територијата, инфраструктурата, информациите и информациската инфраструктура,
- **Спречување на терористички напади** – офанзивни мерки за намалување, спречување и престанување на терористичките активности на субверзивно извидување и терористички групи и
- **Контрола и активности за справување со последици од терористички акти** – односно, обезбедување на поддршка на цивилните власти во стабилизирање на ситуациите после вакивте дејства.

Специјалните цили со нивната мобилност и специфична структура и сеопфатна обука ќе преставуваат одговор против тероризмот, без разлика дали се наоѓаат во рамките на полицијата или војската. Поточно специјалните сили потребно е да бидат обучени за задачи на откривање и извидување, следење и неутрализирање на лидери и формации на терористички организации, заштита на ВИП и стратешки сајтови на национални и воено значење за безбедноста на земјата, ограничување на областа на закана, заштита, обезбедување и спречување на ширење на гласини и паника помеѓу населението, директни напади на терористичките инфраструктури со цел на нивна неутрализација и ослободување на заложници.

### 3.8.2 Контра – терористички мерки на специјалните сили

Контра – терористичката операција е комбинација од објективни мерки – задача, место и време; координирани активности (преговори, пребарување и истражни операции спроведени според заеднички план).

Постојат неколку видови на антитерористички операции. Тие се класифицираат според местото на работа, специфичните карактеристики на силите кои учествуваат, време на реакција и природата на терористичкиот чин или терористичка акција.

Според наведеното, тие се:

- **Заложнички спасувачки операции**. Тие се извршуваат со претходно планирање, организација и интеракција помеѓу силите кои учествуваат во операцијата. Специјланите единици ја изолираат областа од активности и обезбедуваат дејство на силите за антитероризам за спасување на заложници и
- **Операции кои се спроведуваат по настанување на терористичкиот чин**. Овој тип на акции се извршуваат за обезбедување на згради, возила, детонации на експлозиви. Ваквиот тип на операции се карактеризира со кратко време на планирање. Посебно важни преставуваат две функции: терористите имаат почетна предност како резултат на изненадување и широк спектар на единици со одговорност за заштита на јавните цели или објекти кои учествуваат во операцијата.

Во зависност од местото и времето на терористичкиот чин, специјалните сили можат да дејствуваат независно за елиминација на терористите, или блокирање на областа до доаѓање на специјалните антитерористички единици.

Главната цел на сите противтерористички операции преставува зачувување на животот и здравјето на луѓето и одбраната на националните и уставните вредности.

Типична карактеристика на контра – терористичката операција е тоа што таа се извршува во услови на паника, стрес, страв, загрозена безбедност, значителни материјални штети, додека од друга страна операцијата повлекува огромни ресурси за нејзино дејствување.

Контра – терористичките операции се изведуваат според следните принципи:

- **Легимитет** – Секоја операција се извршува во согласност со нормите и законите. Војниците и персоналот се придржуваат до строги правила и прописи, без излегување надвор од нивните надлежности. Имајќи ги предвид спецификите на тероризмот, како и чуствителноста на меѓународните институции во однос на човековите права, потребно е услогласување со меѓународните договори. Целта преставува, да активностите на специјалните сили не бидат осудени од страна на националните и меѓународните судови,
- **Целисходност** – Крајни цели на операциите преставуваат јасно да се придонесе и прифати противтерористичката стратегија, како и сите понатамошни операции  да се темелат на зададената стратегија. Со цел комбинирање на сите единици кои учествваат во операциите за постигнување на своите цели, потребно е сите надредени структури, почнувајќи од командата до властите благовремено да бидат известени за ваквите типови на операции и цели преку наредби или директиви,
- **Ефективност** – Операциите се изведуваат преку јасно поставени задачи, воспоставување и одржување на ефективна комуникација, реални проценки на ситуацијата и фактори кои го одредуваат нејзиниот развој, оптимални проценки на ризикот и преземање на соодветни дејствија како одговор на ситуацијата, избегнување на преклопување на надлежностите, спречување на растурање на ресурси преку формирање на мобилни резерви на сили и средства,
- **Неподелени власти** – Антитерористичката операција е потребно да се контролира од страна на единствен центар за кординирање, како и координирање на активностите на силите кои учествуваат во операцијата,
- **Безбедност** – Обучен и опремен персонал кој ќе обезбедува максимални мерки на заштита. Безбедноста дополнителни би била зајакната преку проценување на ризикот, со цел да не се овозможи загрозување на силите кои учествуваат во операциите.

- **Поддршка** – Ресурси адекватни за елиминирање на последиците од терористички акт,
- **Флексибилност** – Заради менување на ситуациите во кризните подрачја, командата и специјалните сили кои учествуваат во операциите за успешно дејствување потребно е да ја проценатa ситуацијата и веднаш да реагираат,
- **Мобилност** – Потребна контрола во работењето со операциите во кризните ситуации. Тоа преставува способност за брзо движење на групите и нивната опрема, како и потребните комуникациски и информатички системи,
- **Одржување на постојана подготвеност на органите за специјални операции,**
- **Тактичко изненадување,**
- **Постојано влијание врз терористите** – Во заложничка ситуација, потребно постојано одржување на контакт со терористите, кој вклучува психолошки и визуелен контакт и
- **Концентрација на главните сили на најважните цели** [51] **и** [52].

### 3.8.3 Планирање на анти – терористичките операции

Антитерористичките операции преставуваат највисока форма на спроведување на оперативни и тактички активности од страна на специјално обучени тимови за специјлани операции. Таа се состои од две фази:

- подготовка и
- акција.

Подготовката на операцијата сама по себе има две фази:

[51] Plamen Torlakov, Special operations forces in the fight against terrorism on national territory,

[52] Lord Robertson, NATO Secretary General, "The Role of the Military in Combating Terrorism" (Speech at the NATO – Russia Conference, Moscow, 9 December 2002),<http://www.nato.int /docu/speech/2002/s021209b.htm> (19 Nov. 2005)

- **прелиминарна подготовка** – пред да се појави терористичкиот акт и
- **непосредна подготовка** – по појавување на терористичкиот акт.

Прелиминарната подготовка е во основа на ефективен контра – тероризам. Тоа вклучува бројни структурални активности: анализа, проценка на можни цели на терористички акти, обезбедување на поддршка, планирање и обука. Собирањето на информации од сите можни извори е одлучувачки фактор во одвраќањето на терористичката активност во одредена област, за одреден сајт или лице. Специјалните операциии ваквите информации ги добиваат редовни извештаи или по нивно барање.

Со цел да се одреди нивото на терористичка закана потребно е да се имаат информации за:

- Локални групи кои користат терористички методи, вклучувајќи и информации за нивните организации, лидери, број на членови, специфични карактеристики, воспоставена форма на организација и спонзортства,
- Надворешни терористички организации кои имаат интереси во земјата на напад, структура, специфични карактеристики и цели, форми на активности и односи со локланите организации,
- Резултати од успешните и неуспешните операции против терористите, особено во случаи на земање на заложници во земјата или странство и
- Домашни и меѓународни политички, социо – економски или етно-религиозни активности и трендови кои можат да влијаат на порастот или падот на терористичките закани.

Анализата и проценката на можни цели на терористички акти се врши преку:

- Утврдување на можни цели, класификација на целите според нивната важност, одредување на нивото на терористичка закана, дефинирање на оперативните, сигурносните и заштитните мерки,
- Проучување и документирање на технички и тактички карактеристики на објектите од закана на терористички акт, навремено ажрирање на соодветната документација, фотографии, скици, планови, карти и

- Развивање на сценарија на веројатни терористички дејствија против целите, како и на можни начини на ефективни против дејства.

Во текот на прелиминарната подготовка на операциите против терористите, поддршката на ваквите операции се обезбедува преку изведување на три мерки и тоа:

- Опертивно – не тактички,
- Кадровска поддршка и
- Техничка подршка.

Оперативно – тактичките мерки подразбираат:

- Појаснување на методите и техниките кои се користат од страна на терористичките организации,
- Постојано справување со терористичкото разузнавање, тајност во изведувањето, маскирање и строго придржување кон размена на информации и заштита на мерките во согласност со соодветниот степен на класификација и
- Избегнување на стереотипи во пристапот и изведувањето на антитерористичките операции.

Вториот тип на подршка преставува поддршка на членовите на тактичките групи и други антитерористички единици. Заканата или нападот може да биде насочен против членовите на групи без или со посебна причина. Пр. Телефонски повик до член на антиттерористичка единица или неговото семејство.

Поради вакви дејства, контра – мерките се спроведуваат со цел:

- Утврдување и оценување на сите можни закани, места или време во врска со работата и дневнте движења на семјеството,
- Идентификација на потенцијалните терористички закани во зграда, автомобил, авион или јавен објект врз основа на карактеристики и одлики на сомнително однесување,

- Спроведување на обука за заштита, противдејство и соодветна реакција во случај на терористички напад во различни околности и локации и
- Постојано користење на правни средства, тактики и техники за лична заштита – необјавување на идентитетот на челнот на антитерористичката група до употреба на заштитни елеци, шлемови и штитови секогаш кога е тоа потребно.

Фазата на акција или итна подготовка, обично е пократка, но сеопфатна покривајќи: организација на работење, тактичко планирање, подготвување на силите, распоредување на силите, како и интеракција со агенции кои учествуваат во операциите. Фазата на итна подготовка започнува кога, специјалните сили добиваат директиви за подготовка за акции против терористички акти или помош на припадниците на полицијата. Пр. Најпредзвикувачки акции преставуваат акции на итна подготовка во случаи на ослободување на киднапирани заложници.

Во изведувањето на специјалните операции, специјалните сили ретко би дејствувале сами во изведување на антитерористичките операции. Контролата на антитерористичката операција се базира на коонтинуирано собирање на информации за состојбите и условите на терористите, времето на тактичката активност и постигнатите резултати, доделување на дополнителни задачи во случај на измена на ситуацијата и воспоставување на услови за добра интеракција помеѓу силите кои учествуваат во операциите [53].

### 3.8.4 Сили за специјални операции

Во служба на заштита на своите држави, но и за изведување на операции кои бараат специфични вештини, обука и тренинг, секоја држава има и располага со посебни (во рамките на полицијата, авијацијата, морнарицата и војската) сили со посебни задачи за специјални операции. Во модерното општество тие одсекогаш биле фасцинација за многумина како сила со одлична физичка и ментална спремност, вештина и вооружување. Во склоп на вооружените сили се обучуваат и дејствуваат според специфичната намена сили за специјални задачи со една цел – заштита на сопствената држава, население и одбрана од голем број на закани. Како пример ќе ги

[53] Ping Evolving Internal Roles of th Armed Forces Albrecht Schnabel and Marc Krupanski

земеме специјалните сили на Русија, В.Британија, Германија и Франција кои се претставени преку нивните карактеристични претставници, односно:

**а) Специјални сили на Русија**

- Специјални единици Алфа група, Вимпел,
- Специјални сили под Министерството за одбрана (Спецназ),
- Специјални сили на воздухопловно – десантните единици (45. Ивиднички полк),
- Специјални сили на Руската морнарица (Руски командоси – нуркачи) и
- Сили за специјални операции за брза реакција и авијација,

**б) Специјални сили на В.Британија**

- Специјална воздушна служба – САС

**в) Специјални сили на Германија**

- Гранична полиција – Група 9

**г) Специјални сили на Франција**

- Интервентна група на националната жандармерија – GIGN (Groupe d'Intervention de la Gendarmerie Nationale)

## 3.8.4.1 Специјални сили на Русија

### 3.8.4.1.1 Специјални единици Алфа група, Вимпел

Специјални единици Алфа група, Вимпел – група А или Дирекција А специјален центар на ФСБ (Федерална служба за безбедност) е елитна самостојна подединица на специјалните сили на Русија. Таа е посветена на контра-тероризмот, како главна задача на ФСБ, која првенствено ги спречува и одговара на насилни акти

во јавниот транспорт и згради. Формирана е од страна на КГБ во 1974 год, како дел одговор на масакрот од Минхенските олимписки игри. Самиот потик за оваа единица беше доволно да се формираат многуте западни анти – терористилки единици. Потребата од справување со заложнички инциденти и грабнувања, дејствијата на Алфа групата се широко распространети. Алфа групата е формирана по примерот на ФБИ, ХРТ (Тимот за спасување на заложници) , вклучувајќи и дел од Делта тимот, ЦАГ (Група за борбени дејствија). Вимпел групата, или Дирекција Б е формирана во 1981 год, и преставува елитна специјална единица под команда на ФСБ (федералната служба за безбедност). Членовите на групата се обучуваат во говорење на повеќе јазици и за мисии кои вклучуваат мисии на инфилтрирање во земји со цел напад на нивната клучна инфраструктура. Групата е специјализирана за напад на нуклеарни инсталации.

**а) Квалификации и тренинг**

Алфа и Вимпел членовите се подложуваат на невиден физички и психолошки тренинг, кои некои и сметаат дека според бритуалноста стои рамо до рамо со Спецназ силите. Тие се обучуваат во вештини за спасување на заложници, вклучувајќи прецизни пукања, борба гради во гради, хелихоптерски дејства и десанти, ракување со експлозиви, прибирање на разузнавачки информации, обука за брзо возење, падобранство и др.

Некои членови се обучуваат за нуркање, качување по планини, едрење, преговарање за заложници и анти – терористичко разузнавање. Обуката се состои и во обучување на руската специјална вештина Система, која преставува многу практична и ефикасна борбена вештина. Многу од припадниците на Алфа и Вимел се поранешни национални шампиони во различни спортски дисциплини. Членовите на Вимпел се тренираат на сличен начин, каде на членовите на групата повеќе акцент се става на изучување на странски јазици и саботажи. Вимпел оперативците исто така се обучуваат да дејствуваат во зона на опасни материјали (нуклеарни, хемиски и биолошки).

**б) Вооружување и опрема**

Алфа и Вимпел групата имаат пристап до најсовременото оружје на Русија, како и оружјата на странските држави. Од пиштолите се вклучени марка Макаров ПММ, високо софистициран пиштол Јаргин Пуа 9мм, од полуавтоматските пушки се користат ПП – 91 КЕДР, ПП – 91 КЛИН, полуавтоматска пушка ПК – АСВ, полуавтоматска пушка АКСУ, 5.45x39мм со оптички нишан, борбени пушки Саига и РМБ – 93 СО со 12 бројачи, моќната пушка КС23 и КАС24М со 4 бројачи која испукува сачми со висок експлозив и преставува одлично оружје за стопирање на борбени возила и пробива оклоп од 20мм. Во пушки за напад се користи АН –84 Абакан, а од снајперските пушки се користи СВД, како и различни видови на оружје, но најкористено е ВСС Винторез кој се полни со 9x39мм субсонична муниција. За големи далечини, Алфа и Вимпел групите користат В – 94 12,7x105мм (модерно снајперско оружје наменето за руската Федерална служба за безбедност и руските специјални сили. Таа е во можност да поразува жива сила, лесно оклопни возила, локациски радио станици, проектилни и артилериски системи, авијациска техника на терен, непријателски снајперски сили, за контрола на границите, уништување на мали подводни мини и помали бродови) [54].

### 3.8.4.1.2 СПЕЦНАЗ единици

Силите за специјални намени – СПЕЦНАЗ преставуваат елитни единици со инзворедна обученост и мотивираност. Спецназ единиците се резултат на Советските искуства од Втората светска војна, а основани се во педесетите години и се единици на воено – разузнавачката служба и рускиот Генерал штаб – ГРУ. Русите, внимателно проучувајќи ги американските и специјланите сили на другите земји од Запад, успеале да ги усовршат своите специјлани единици и во својата концепција да внесат и некои новини, што довело до подобро обучени, стручно оспособени, идеолошки доверливи и индоктринарни специјални сили. Единиците на Спецназ се организирани во бригади кои се во формациски состав на воените области и флоти.

Спецназ силите во состав на Руската армија бројат околу 12 000 луѓе распоредени во 9 бригади: пет бригади во копнената војска и чети бригади во воената морнарица.

[54] http://en.wikipedia.org/wiki/Spetsnaz_GRU

**а) Начин на селекција**

Критериумите за избор на специјалните сили на Русија како процес започнува многу порано, уште во време кога кандидатите се упатуваат на отслужување на воениот рок. Кандидатите мораат задолжително морат да бидат активисти во младинските и спортските организации. По стапување во армијата се упатуваат на селективен курс, а најдобрите се упатуваат во центрите за обука на специјалните единици. Поради специфичноста на специјланите единици, каде што се бара совладување на големи човечки напори, предност имаат лицата кои пред тоа се занимавале со спортски дисциплини (стрелаштво, гимнастика, атлетика, бокс, кошарка, боречки дисциплини, падобранство, пливање и др.) и кои постигнувале врвни резултати. Оние кандидати кои ќе го поминат дел, се упатуваат во единиците каде што се врши повторна – поостра селекција и каде завршуваат интерен курс. Кандидатие се упатуваат во баталјоните за обука и по завршувањето на обуката добиваат чин сержант (млад водник). Општата обука на припадниците на Спецназ трае три месеци и програмата опфаќа: курс за виша падобранска обука, ракување со домашно и странско оружје, пред се вооружување на НАТО, гаѓање од пешадиско и артилериско оружје, возење на моторни возила, оклопни транспортери и тенкови, прва помош и самопомош, проти хемиска,биолошка и нуклеарна заштита, преживување во природа, топографија, минско експлозивни средства, средства за врски, обука за примена на заседи, препади, заробување на противници и нивно сослушување, атентати врз истакнати воено – политички личности, изучување на странски јазици култура, религија и обичаи на народите во земјата каде што се предвидува дејствување, алпинизам, јазење, дејства во арктички, пустински и планински услови, скијање, пливање и други спортови каде што се стекнува поголема физичка издржливост. Припадниците на Спецназ буквално го ризикуваат својот живот за време на обуката. Рутински се користат вистински смртоносни отрови, експлозиви и боева муниција. Обуката, опфаќа и техника на инфилтрирање во заднина на непријателот, извидување и лоцирање, на цели и објекти за коишто е заинтересирано военото раководство, диверзии, блиска борба, ригорозна физичка обука и борбени вештини. Падобранската обука ги опфаќа конвенционалните скокови, скокови со високо скокање и ниско отварање и скокови со високо скокање и високо отварање, што овозможуваат прикриен прелет преку непријателските позиции и сили во длабочина од 50 км.Во текот на

обуката кандидатите се проверуваат до граница на издржливост, но процесот е реален, детален и насочен кон развивање на самодовербата. Војниците на Спецназ во текот на обуката се изложени на многу понижувања од страна на нивните претпоставени – нервози, блокирање, добивање на контрадикторни наредби, каде што инструкторите ги менуваат правилата на обука. Војниците се доведуваат во безизлезна ситуација и се навикнуваат да ги извршуваат наредбите без приговор. Обуката е толку немилосрдна што се случуваат многу несреќи со тешки последици, некои дури и со смрт на војниците. Обуката во воздухопловните – десантни единици е исклучително напорна и сложена, а од војниците се бара извонредна психофизичак и воено – стручна подготовка. Барањата во поглед на психофизичката кондиниција и борбена способност се многу строги, посебно кога се во прашање брзина на акцијата, интелегенцијата, вештина и снаодливост во разни ситуации, физичка и психолошка издржливост, ладнокрвност и решителност. Обуката е поделена во неколки фази, во кои припадниците се обучуваат во развивање на широк спектар ба домашни странско, пред се вооружување на НАТО, пешадиска тактилка обука, и војување во разни борбени услови (населени места, шуми, планини и др.), преживување во непријателска заднина, топографија и ориентација на теренот и гаѓање од разно вооружување. Воздухопловно – десантните единици поминуваат низ комплетна падобранска обука. Особен третман вообуката и се дава на физичката подготвеност. Кондицијата се стекнува со секојдневно трчање со опрема, совладување на пречки и многубројни дневни и ноќни маршеви. Тешката обука се надополнува со блиска борба, обука во техника на боречки вештини (карате, џудо, џиу – џицу, самба), совладување на техника на ракување со бајонет, нож, секира и дриги ладни оружја.

**б) Вооружување**

Воружувањето на Спецназ силите се сосоти од оружја погодни за извршување на различен тип на тајни операции. Пр. АКС – 74У карабин. Во модерните оружја спаѓаат и Винторез снајперска пушка, СВ – 98 снајперска пушка, АК – 9 пушка, пушка АН – 94, Автомат Бизон ПП – 19 и АКС – 74У. Специјализирани оружја кои ги користи Спецназ е НСР – 2, нож со вграден механизам со еден истрел и способност за оган од зрно 7.62x42мм, ПСС тивок пиштол заедно со РПГ – 16 (преставува рачен фрлач за против – тенковски гранати и анти-тенковска војна) и пластични експлозиви.

За урбано дејствување се користи Печенег ЛМГ (митралез со брза промена на опциите и преставува одлично оружје за поддршка).

### 3.8.4.1.3 Специјални сили на воздухопловството

Воздухопловно десантните единици на вооружените сили на Русија преставуваат најбројни и најсилни специјални единици во светот. Бројат преку 110.000 луѓе, што е повеќе од сите останати земји во светот. Првата воздухополовна – десантна единица се појавила во поранешниот СССР во 1930 год и броела 12 војници, до денешната бројка од 110.000 војници под оружје. Воздухопловно – десантните единици се непоредно потчинети, во мир, на Министерството за одбрана, а во војна на Врховната команда. Силите покрај тактичко – оперативното имаат и големо истакнато стратегиско значење, поради што преставуваат засебна стратегиска компонента на воените сили на Русија. Сегашниот состав и прилагодување на воените сили на Русија за водење на борбени дејства во современи услови се карактеризираат со: воведување на современи авиони за превезување и десантирање и опремување на единиците со најсовремени средства – вооружување за водење на борбени дејства во современи услови.

Воздухопловната дивизија брои 7176 војници и шест од нив се имнувани како гардиски дивизии. Восздухопловната дивизија користи транспортни авиони од типот Руслан, кој превезуваат 3 – 4 пати поголема тежина и број на луѓе, а долетот му изнесува 4500 км. Се користат и повеќекуполни падобрани и пиропатрони за меко призејмување, се врши десантирање на артилериски орудија, минофрлачи, ракетно вооружување, средни тенкови, оклопни траснпортери и други средства.

Хелихоптерската бригада располага со: 160 десантни хелихоптери Ми – 8 за изведување на хелихоптерски десанти, 50 тешки транспортни хелихоптери Ми – 6 за превоз на борбени средства, 60 хелихоптери МИ – 24, Ми – 8УБ за противоклопна борба и општа огнена поддршка, 20 хелихоптери Ми – 4 за набљудување, врски, командување и електронско попречување, 6 Ми – 2 за врски и командување. Бригадата брои 2600 припадници.

Основна намена на Воздухопловно – десантните единици е зголемување на далечината и силината со едновремени дејства против противникот и можност за извршување на нападот во оперативната длабочина за што покус временски период. Воздухопловно – десантите единици (ВД) се користат со или без употреба на нуклеарни и хемиско – биолошки средства. Во конвенционални услови ВД, може да се употреби во услови на солидно уништување на противничкиот систем на ПВО (Против – воздушна одбрана) и добра организација на содејства со тенковските и механизираните единици.

**45 - тиот Извиднички полк,** преставува специјална извидувачка единица и единица за специјални операции во рамките на Руските воздухопловни сили чие седиште се наоѓа во Москва. Формирана е во 1994 год, од 901 Посебен баталјон и 218 одделение на баталјонот за специјални операции. Полкот брои 690 мажи, 15 оклопни борбени возила БТР-80, и БТР – Д. Единицата е дел од Руските воздишни сили и е директно потчинета на Воениот воздухопловен штаб, но оперативно се поддредени на ГРУ (Генералниот штаб).

Стрруктура на воздухопловните сили:

- 7 воздушно – десантна гарда – Црвено знаме од Втората дивизија Кузов,
- 76 воздушно – десантна дивизија (chernigovskaya krasnoznamennoya),
- 106 воздушно – десатна гарда,
- 31 гарда од Воздушното одделение,
- 38 независен полк за комуникација,
- 242 воздушно – десантен центар за обука,
- Училиштето на Високата воздушна команда и
- 332 воздушно – десантни кантони [55].

### 3.8.4.1.4 Сили за специјални операции за брза реакција и авијација

Силите за специјални операции за брза реакција и авијација (кои се дел од Министерството за внатрешни работи) се поделени на:

[55] Russias elite commandos, clandestine of the Federal Security Servic

- **СОБР** – (Специјално одделние за брз одговор преставува спецназ единица при Руското министерство за внатрешни работи). Руските СОБР единици ја сочинуваат полицајци со висок степен на обученост (спој од полицијата за спречување на безредија и паравоената полиција), кои извршуваат задачи пандан на американските SWAT тимови за специјални операции под надлешност на МВР кои вклучуваат апсење на опасни криминалци, заштита од висок профил и
- **ОМОН** – (Специјална полициска единица и специјална бригада со задачи за ред и мобилност) преставува специјална единица на полицијата која е создадена да делува провинциски, регионално, национално во центрите на поголемите градови со концентрација на население поголемо од 200.000 жители. Единицата одговора на задачи и предизвици во спроведување на законот и безбедноста, вклучувајќи масовни митинзи и манифестации и врели точки на територијата на Русија.

Главни задачи кои ги извршуваат припадниците на **ОМОН** се:

- фаќање и елиминирање на опасни криминалци
- моќна поддршка на градската полиција во патроли и поддршка на сообраќајната полиција во блокади на патишта,
- спроведување на законот за време на јавни настапи (улични настапи на политичари и државни преставници, демонстрации, состаноци и др.)
- одржување на ред во спротските сали, арени, стадиони и др и
- насилно сузбивање на немири кои произлегуваат од вонредни ситуации, природни и вештачки катастрофи.

### 3.8.4.1.5 Специјални сили на Руската морнарица

Во ваквата поделба пред се се мисли на **Руски командоси – нуркачи.** Нуркачи за извидување (Vodolaz razvedchik) е руски термин за членовите на посебната наменска единица на Руската морнарица. Формирани во Ленинград, далечната 1941 год, како единица на борбени нуркачи. Денеска тие преставуваат дел од Руската морнарица како

оддел за специјални намени и гранка на разузнавањето. Руските командоси – нуркачи преставуваат еквивалент на американските морнарички фоки и израелските Shayetet.

**а) Вооружување**

Русуките командоси – нуркачи се вооружени и опремени со: rebreather ИДА – 71 (апарат за дишење кој го апсорбира јаглеродиоксидот од издшаниот воздух за да повторно воспостави дишење (рециклирање) на значително неискористената содржина на кислород од секој здив), подморица – џуџе марка Пирана, која можат да ја носат шестмина заедно со опремата, торпдео Сирена кои можат да се испалуваат од обично торпедо на подморниците и поседува боеви глави, Тритон – 1 џуџе подморница способна да носи двајца борбени нуркачи, Тритон – 2 – џуџе подморница способна да носи шестмина борбени нуркачи, АПС подводна пушка (5,66мм со магацин од 26 куршуми специјално развина за подводна борба), подводен пиштол СПП – 1 (пиштол со двојно дејство, калибар 4,5x40R со магацин од 4 куршуми) и Протеј – 5 (мало возило кое го користат командосите со погон на батерии и прекривка од алуминиум и се користи за изведување на брзи маневри).

### 3.8.4.1.6 Разузнавачка служба за дејство во странство

Разузнувачка служжба за дејство во странство е единица која служи за извидување и саботажи.

### 3.8.4.1.7 Останати сили кои се под Министерство за внатрешни работи и министерство за одбрана на Русија

а) Сили под Министерството за внатрешни работи:

- OSN "Peresvet"
- OSN "Ratnik"
- OSN "Bulat"
- OSN "Kuzba
- OSN "Merkuriy"
- OSN "Bars"

- OSN "604"
- OSN "Ural"
- OSN "Vyatich"
- OSN "Edelveis"
- OSN "Obereg"
- OSN "Rosich"
- OSN "Typhoon"
- OSN "Ermak"

б) Сили на Федерална служба за контрола на дрога

- OSN "Grom"

в) Сили за специјлани операции подредени под министерството за одбрана

- Senezh

### 3.8.4.2 Специјални сили на В.Британија

Како еден од најпознатите и најелитните претставници на специјалните сили во оваа поделба е земена **Специјална воздушна служба – САС** [56].

**а) Историја**

Специјалната служба била создадена од Дејвид Стирлинг во 1941 год, и била замислена како пустинска дивезантска сила, полк вметнат зад германските линии во Северна Африка за извршување на мисии на саботажа и предизвикување на хаос по должина на линиите за снабдување. Името САС го добила во 1947 год, како 21 батаљон на Воздушните сили на армијата на Британија. Тогаш бил формиран 22 полк на САС за борба против бунтовниците во Малаја. Нешто подоцна е формиран и 21 и 23 полк на САС, заради распадот на британското колонијално царство и неговите последици ширум светот.

[56] http://www.eliteukforces.info/special-air-service/

**б) Процес на селекција**

Многумина се обидуваат да влезат во Специјалната воздуѓна служба. Повеќето од нив не успеваат. Од просечна број на кандидати (според одредени податоци околу 125 кандидати), процесот на исцрпувачката обука ја поминуваат околу 10 – мина.

Селекцијата се состои од неколку чекори:

- **Прва фаза** – Издржливост – првата фаза од селекцијата е позната како фаза на издржливост, фитнес и навигација. Оваа фаза е позната не само како тест за физичка кондиција на кандидатите, туку како фаза за ментална издржливост. За поминување на оваа фаза од витално значење е поседување на висок степен на решителност и самодоверба. Фазата на издржливост трае 3 недели и се одвива во Јужен Велс. Кандидатите постојано носат тешки ранци и се изложени на долги временски интервали како и усовршување на навигациите помеѓу определни контролни точки. Охрабрувањата и критиките се составен дел од обуката и ги спроведуваат инструкторите на САС. Кулминација завршен дел на фазата преставува изодување на марш долг 40км со ранец тежок 50kg за помалку од 24 часа,
- **Втора фаза** – Обука во џунгла – оние кандидати кои ја поминале првата фаза, преминуваат на фазата обука во џунгла. Кандидатите ги учат основните чекори на преживување и патролирање во сурови услови. САС единицте се обучуваат да живеат со недели зад непријателските линии, во формација од 4 и со оброци со кои располага џунглата. Обуката во џунглата ги оспособува за стекнување на челична дисциплина и задржување на одлична физичка состојба на долг рок во сурови услови. Повторно тука се тестира не само физичката, туку и менталната издржливост. Специјалците потребно е после обуката да преставуваат сили кои ќе работат под немилосрден притисок, во ужасни услови без повторно враќање во матичните бази,

- **Трета фаза** – Бегство, евакуација и тактички сослушувања – Кандидтатите кои ги поминале првите две фази, влегуваат во третата завршна фаза на изборот. Заради извршување на специјлани операции во непријателски средини, специјалците потребно е да се обучат да го избегнат апсењето и сипрачувањето од страна на непријателските сили. Во курсот за бегство и евазија, кандидатите се обучуваат со соодветни техники. Обуката се состои во разговори и учење со поранешни воени заробеници и поранешни специјалци кои биле во ситуација на бегство и евакуација. Следно, кандидатите се оставаат во село/а облечени во гардероба од II Светска војна со инструкции како да го поминат патот до контролните точки без да бидат фатени од страна на непријателските сили. Овој дел од обуката трае 3 дена, и притоа сите кандидати фатени или не се носат на обука за тактичко сослушување. Во обуката за тактичко сослушување, кандидатите се тестираат за спротиставување во ситуација на испрашување ако бидат фатени. Во текот на обуката, тие се третираат грубо од страна на нивните иследници, често се оставаат во стресни ситуации на долг временски период со пуштање на иритирачки шумови. Кога би се наоѓале во ситуација на испитување, кандидатите треба да одговорат само 4 големи букви (име, ранг, сериски број и датум на раѓање). Ако испитувањето продолжи, единствено нешто што би требало да одговорат е: Жал ми е, но јас не можам да одговорам на тоа прашање. Целта на ваквата обука е САС да пронајдат луѓе кои би го издржале ваквиот тип на испрашување доволно долго да ефектите од испрашувањето не доведе до добивање на информации што би ја загрозило мисијата и сите наредни мисии и
- **Завршен дел од обуката** – По завршената макотрпна и крајно брутална обука, само мал број од кандидатите ја добиваат беретката ( беж беретка со крилести кама обележја). Како нови припадници на САС, тие ке бидат внимателно надгледувани во понатамошната обука.

**в) Тренинг**

После поминатиот процес на селекција и обука и добиената беретка, специјалците на САС, ја продолжуваат обуката, која во суштина никогаш не завршува. Припадниците на САС, постојано учат нови вештини и ги повторуваат стекнатите.

Тренингот на САС се состои од неколку делови:

- **Обука за борба против тероризмот** – Еден дел од силите (ескадрони А,Б,Д,Г) е наменет за борба против тероризмот. Ескадроните се ротираат на секои шест месеци. По добивањето на потребните техники, активната ескадрила на силите се дели на два дела. Едниот дел од силите се обучува за итен одговор на терористички инцидент и е во постојана состојба на готовност. Другиот дел исто така учествува во обуката и се на располагање 24 часа,
- **Куќи за тренинг** – САС за обука на своите кандидати имаат изградено специјални куќи, наречени куќи за тепање. Тие се одликуваат со подвижни прегради и гумени зидови кои ја апсорбираат муницијата. Куќата е дизајнирана да во неа се извршуваат и обучуваат припадниците за разнични сценарија. Се усовршува тактиката на влез во куќа и како припадниците на САС да распоредуваат парализирачки гранати, солзавци, поставување на експлозиви и др. Вежбите се усовршуваат до совршенство се цел да истите станат нивна втора природа на дејствување. Како што се усовршува обуката, лажните куршими се менуваат со вистински и се испалуваат близу припадниците со цел да се стекнат со искуства кои би ги чекале во вистинска ситуација. Куќата е опремена со камери и надзорен систем, па акциите можат да се следат и анализираат за да се остранат евентуалните грешки,
- **Напад на згради** – кога се практикува навлегување во згради, САС, користи специјални вградени згради. Обуката вклучува одредување на страна на напад на зградата со вклучување на хелихоптери и добивање на пристап со користење на експлозиви. Во обуката на припадниците освен

специјалните згради, се користат и згради и станови во населени области во секојдневниот живот,

- **Напади на подвижни мети** – терористите се познати по своите акции кои ги изведуваат со земање на заложници во бродови, авиони, автобуси , железници. Напад на железница често преставува цел за напад. Во обуката на припадниците, често се користат дел од железничките пруги и вагони за симулација и увежбување на акциите,
- **Напади на авиони** – Обуката за спасување на киднапирани авиони се изведува во Понтрилас, Херефордшир. Слично како и куќата, се прават специјални услови кои симулираат внатрешност на авион. Често во обуката се користат и вистински авиони (соработка со Бритиш ервејс) со лица кои играат улоги на терористи и заложници и
- **Вежби за борба против тероризмот** – Во вежбите за борба против тероризмот, специјалците на САС ги користат вистинските актери – полицијата, политичарите, преговарачите, актерите кои играат улоги на заложници и терористи и самите припадници на САС. Вежбите се така дизајнираат да бидат што поверодостојни на реалните ситуации, на вистинските настани, па затоа е потребно сите елементи да можат да бидат тестирани, процедуирани и проверени. Вештината која припадниците на САС ја учат во овој дел од обуката преставува трпението.

**г) Организација на САС**

22 Специјална воздухопловна служба (САС) е организирана во 4 главни ескадрили. Секоја ескадрила е поделена на 4 спацијализирани трупи и команда. Командата се состои од: офицери и персонал за поддршка. На чело на секоја ескадрила се именува командант, заменик командант со чин капетан, командант за операции, мајор на ескадрилата, наредник интендант и водник.

Секја ескадрила се ротира низ различни улоги:

- антитерористичка ескадрила која е во состојба на готовност да се справи со било каква закани во В.Британија,
- ескадрила за обука која се состои од припадници кои ги вежбаат новите регрути,
- ескадрила за оперативно распоредување и
- ескадрила за дејствување во “услови на мир” кои вршат тимски задачи (мали тимови распоредени на различни видови на операции, вклучувајќи обуки и советувања, советувања на странски војски, операции за блиска заштита и др.

**д) Вооружување на САС**

Како што се очекува од специјалните единици, во поглед на вооружувањето, освен стандардното оружје, Специјалната воздухопловна служба (САС) има пристап до поширок спектар на оружје од стандардните вооружувања на британските сили. Оружја кои ги користат САС се следните: Ц8 5.56x45мм карабин, оружје кое може да биде опремено со низа уреди и додатоци и кое вклучува фрлач на гранати 40мм, М16 пушка/карабин и нејзини варијации со калибар 5.56мм, ХК 33 7.62x59мм пушка (се користи за блиска заштита), пушка ХК Г36 калибар 5.56x45мм со капацитет од 30 куршуми, пиштол Инграм М10 калибар 9x19мм, пушка Ремингтон Р80, снајперско оружје ХК 417 опремено со полнење од 20 куршуми и монтирачки телескоп (постојат и модели со 12 и 16 полење и истото може да се користи како пушка), Л96А1 снајперска пушка со долг дострел, М72 комапктен ракетен и противтенковски фрлач, преносива анти – мина која се користи за одбрана и заседи (мината е составена од плоча од пластичен експлозив во која се спакувани 700 челични топки, при експлозија тие летаат во облик на конус, уништувајќи се шред себе. Оптимален дострел им е од 50до 100 метри), УГЛ модерна верзија на фрлач на гранати со калибар 40мм, МК 40мм тромблонски фрлачи на гранати (употребени од страна на САС во Заливската војна), ФИМ – 92 Стингер преносен анти – авионски систем.

**ѓ) Одговорности на Специјалната воздухопловна служба (САС)**

Специјалната воздухопловна служба има широк спектар на одговорности и секој од нив бара специфична обука и дисциплина.

Во тие одговорности спаѓаат:

- борба против тероризмот,
- собирање на разузнавачки информации,
- специјална обученост на секој припадник на САС во комуникација со авиони за напад,
- саботажи – инфилтрација во непријателските средини, уништување на депоа за гориво, мостови, комуникациски и железнички линии,
- задачи на блиска заштита – ВИП личности и
- обука на странски воени единици

Мотото на оваа единица претставува:

**"Кој се осмелува – победува останува синоним за бестрашност и воодушевување".**

### 3.8.4.3 Специјални сили на Германија

Како еден од најпознатите и најелитните претставници на специјалните сили во оваа поделба од оваа замја е земена **Гранична полиција – Група 9** [57].

**а) Историја**

Граничната полиција ГСГ – 9 е формирана во 1972 год во Минхен, по заложничката драма на Олимписките игри. Основана е од Ханс Дитрих – Геншер како единица посебно опремена и обучена во спречување и решавање на заложнички драми без дилеми. Почнувајќи со 180 мажи, денеска Граничната група 9 брои 240 активни луѓе со различни специјализации, вклучувајќи нуркачи, снајпери и падобранци.

[57] http://www.sondereinheiten.de/einheiten/gsg-9

Групата посебно се користи кога се извршуваат задачи од типот на воздушни и поморски загрозувања, напади врз високи странски гости и организиран криминал.

**б) Процес на селекција**

Кандидатите кои пристапуваат кон Граничната група потребно е да ги исполнуваат следните критериуми:

- надпросечна интелегенција,
- добри развиени усмени и писмени комуникациски вештини,
- силно развиено чувство за разбирање во извршување на задачите,
- висок психички и физички капацитет,
- висока способност за работа во тим,
- високо развиено чувство за одговорност и независност,
- подготвеност за учење,
- силен интерес во користење и управување со ресурси во извршување на задачите,
- висока концентрација за време на извршување течки физички вежби,
- способност за совладување на високи надморски височини,
- безбедно ракување со огнено оружје и
- и одлично говорење на англиски и француски јазик.

При аплицирање од кандидатите се бара да донесат: диплома од завршено образование, извод, за кандидатите од стручни школи доказ за завршена стручна школа, доказ за познавање на пливањето, копија од возачка дозвола и копија од лична карта. После прибирањето на потребната документација, кандидатите се повикуваат на постапка за селекција која се состои од писмен тест со кој се проверува општото образование и психичката и ментална способност, следно се извршува соодветен лекарски преглед и на крај се пристапува кон изведување на физички вежби. Следно во селекцијата, за кандидатите кои ке ја поминат првата фаза, следува процес на доселекција во кој се проверуваат (под раководство на инструкторите од Граничната група) следните активности: логични размислувања, комбинирање на вродените способности, прецепција на точност и просторна имагинација, вербална интелектуална

способност и елоквентност, меморија и вештини во размислување и пресметување, разбирање на практични техники и тестирање на концентрацијата. На крај од слекцијата, кандидатите ги презентираат своите интереси зосшто пристапуваат во групата пред овластен комитет.Комитетот поставува одредени прашања и со тоа ги оценува селектираните кандидати. Ваквата постапка на селекција и помага на Граничната група во избор на најсоодветните кандидати кои ке бидат подготвени за извршување на најспецифични задачи.

**в) Тренинг**

Обуката на кандидатите трае две и пол години и се одвива под овластување на Западното Сојузно Биро кое обезбедува бесплатна униформа, сместување, опрема, медицинска грижа и исхрана. Посебен фокус во обуката се става на висок степен на совладување на потребните вештини и знаења. Целокупниот приправнички стаж се се комбинира со вежби од теорија и пракса. Меѓу другото се изучуваат и следните области: кривични закони, кривична постапка, закон за полиција, сојузните закони и психологија. Константно се увежбува до совршенство користење на оружје, пливање и физичка подготовка (трчање, боречки вештини). Кандидатите се надгледуваат од страна на припадниците на Граничната група. По завршувањето на обуката, кандидатите се префрлуваат во ГСГ – 9, а потоа поминуваат уште деветмесечна обука во граничната полиција. По завршувањето на обуката, кандидатите се здобиваат со значка и се распоредуваат во трите оперативни единици.

**г) Структура на ГСГ – 9**

Командантот на Граничната група – ГСГ – 9 е полициски директор на Федералната полиција и под негова команда се:

- 3 оперативни единици, каде што секоја се состои од: лидер на тим, 6 специјалци , 1 водич на група и 1 медицински тим,
- Техничка група која се состои од: лидер на тим, 3 посебни работни групи за технолигија и 4 медицински тима,

- Информатичко – компјутерска и документарна единица која се состои од: лидер на тим, камиони опремени со радио врски, тим за телефонски и телефакс терминали, тим за докази и документација и тим за електроника и комуникации,
- Група за обука, која се состои од: лидер на тим, 4 специјални единици за обука (секоја се состои од инструктор и медицински тим) и
- Заеднички персонал, предводен од заменик командир на ГСГ – 9, со персонал за: управување и користење на ресурси, образование и обука, развој и тестирање, централни и медицински услуги.

**д) Вооружување на ГСГ – 9**

Како и сите елитни специјални единици, така и Граничната група – ГСГ – 9 располага и користи оружје од најсовремена технологија. ДСР – 1 снајперска пушка и нејзини варијации ДСР – 1 Субсоник калибар 7.62x51мм, пиштол Глок 9x19мм Парабелум (глок 17, 18, 19, 26,34) и негови варијации 10мм Ауто (глок 20,29), 45АЦП (глок 21,30, 36, 41), Глок нож, ГСГ – 9 тактички чизми (дизајнирани од Адидас), автоматска пушка ХК 416, автомат МП5 калибар 9мм, оружје за лична одбрана МП7 (произведено од Хеклер и Кох калибар 4,6x30мм, огнено оружје со зголемена способност за пробив на панцирната заштита), рачен фрлач на гранати ХК691А калибар 40мм, (оружје за уништување непријателски трупи до 350 метри растојание, кое се комбинира и за употреба на чадни гранати и гранати за осветлување), самострел (лесно противтенковско оружје), автоматска пушка СГ 550 (швајцарско производство со калибар 5.56мм), пушка АУГ (австриско производство, калибар 5.56мм), полу автоматски пиштол УСП (произведен од Хеклер и Кох) [58].

### 3.8.4.4 Специјални сили на Франција

Како еден од најпознатите и најелитните претставници на специјалните сили во оваа поделба од оваа замја е земена **Интервентна група на националната жандармерија – GIGN (Groupe d'Intervention de la Gendarmerie Nationale)** која претставува единица на за специјлани операции на француските вооружени сили [59].

[58] http://en.wikipedia.org/wiki/GSG_9#Equipment

[59] http://www.gendarmerie.interieur.gouv.fr/

Тие преставуваат дел од националната жандармерија и се обучени да извршуваат противтерористички и мисии на спасување на заложници на територијата на Франција и насекаде низ светот.

**а) Историја**

По масакрот на Олимписките игри во Минхен во1972 год, и бунтот во затворот Клаирваукс, француските власти, почнале со барање на решенија за екстремно насилни напади, под претпоставка дека ваквите напади би било тешко да бидат одвратени и предвидени.

Во 1973 год, GIGN, станала сила на која е обучена и опремена да одговори на ваков тип на закани, со минимизирање на ризиците по јавноста, заложниците, членовите на единицата и самите напаѓачи. GIGN, станала оперативна на 1 март, 1974 год, под команда на полковникот Кристијан Проуетау. GIGN, првенствено имала 15 членови, чив број се зголемувал на 48 во 1984 год, 57 во 1988, 87, во 2000 год. Во 2007 година, била спроведена голема реорганизација. Во оригиналниот состав на GIGN, биле споени падобранската ескадрила (EPIGN) и триесетина полицајци од GSPR (Група за безбедност и интервенција на Националната жандармерија) со цел создавање на нова и проширена GIGN оперативни сили.

Во сегашниот состав постојат три различни делови на единицата:

- интервентни сили (оригинална единица на GIGN),
- сили за пребарување и набљудување (поранешен EPGN) и
- сила за безбедност и заштита (дел од поранешната EPGN и полицајци од GSPR)

Во иднина, секој нововработен офицер на GIGN, мора да биде обучен за спроведување на мисии на интервенција, заштита, набљудување и истражување.

**б) Структура**

Интервентната група на Националната жанадармерија од над 380 мажи и жени (офицери и под офицери), високо специјлизирани, групирано во 5 групи (одговор, заштита, набљудување/известување, оперативна поддршка и обука. Интервентаната група на Националната жандармерија се наоѓа во Версај.

Структурирана е по следниот распоред:

- заповеден персонал одговрен за развој на студии, мобилни комуникации, мобилни меѓунардони односи и ќелија за резерви,
- оперативен кадар – исклучително посветен на изведување операции, 20 офицери и подофицери специјализирани за управување со кризи, преговарање, проценка, ревизија,
- персонал за поддршка: 75 офицери и подофицери задолжени за менаџерски, финансиски, логистички и управување со човечки ресурси
- сили за задачи: 100 офицери и подофицери
- сили за заштита и безбедност: 80 офицери и подофицери
- сили за набљудување и известување: 30 офицери и подофицери
- поддршка на оперативните сили: 25 офицери и подофицери распоредени во различни клетки: посебни средства, отвореност, специјални снимки, кучиња
- сили за обука: 35 офицери и под офицери

**в) Тренинг**

Жените и мажите на Интервентната група да бидат во одлична физичак и ментална форма. Тие се подложени на интезивна индивидуална и колективна обука, но исто така од нив се бара да посетуваат голем број на курсеви/обуки во Франција и во светот.

**г) Индивидуални тренинзи**

Зависат од поединецот. Сите поединци поминуваат низ високо квалитени физички вежби кои се состојат од комбинација на бодибилдинг, пливање, возење велосипед и џогирање. Во склоп на физичките вежби се изучуваат и разни вештини како што се: бокс, таи, џудо, крав мага и пукање. Секој од кандидаттите може да стрела кога ке посака на стрелишта (15, 20,25 метри) кои се отворени 24 часа со располагање на неколку кутии муниција. Интерветната група располага и важи за една од најдобрите школи за обука на гаѓање. Неколку анти – терористички единици во светот констатно се обучуваат и ги учат техниките на пукање на GIGN, кои се базираат на психолошко дејствување во текот на изведување на гаѓањата.

**д) Полу – колективна обука**

Полу – колетивната обука се извршува на следното ниво на базичниот тренинг и вклучува употреба на згради, студии и материјали (експлозиви и оружја) и употреба на хелихоптери (Пума, ЕЦ 145) секој месец.

**ѓ) Колективна обука**

Колективната обука се изведува во рамките на 3 вида обука: интервенција, заштита на безбедноста, набљудување и пребарување и се увежбуваат операции на ослободување на заложници на брод, авион, спасување на дипломати на земја во воени услови и координација во следење на лица.

**е) Курсеви**

Кога ќе пристапат во групата, членовите на GIGN, посетуваат различни курсеви (употреба на кучиња и одбрана од кучиња во урбани средини во школата за обука на полициски службеници), школата за нуркачи во Сант – Мандриер, школата за нуркачи во Морнарица (акцент ставен врз подолго останување под вода со мал капацитет на воздух), курсеви за падобранство, обука за брзо возење, курс за обука на возење на хелихоптери при ноќни активности на непријателски терени, курсеви за опстанок во

дождовни услови и услови на тропски, субтропски и пустински карактеристили. Во склоп на овие курсот континуирано се изведува гаѓање до совршенство, специјална обука за експлозиви, обука за брзо качување по стрмни предели со помош на Планинската полиција.

**ж) Вооружување**

Во вооружување на Интрветната група на Националната Жандармерија се распологa со најмодерно оружје и средства. Вооружвањето е дел на сите оперативни групи кои преставуваат високоспецијализирани ќелии. Ќелија за специјални возила и средства – посебен дел од посебните мерки во служаба на GIGN. Оваа ќелија расплага со високо софистицирани иновации и имплементации и специфични материјали кои преставуваат очи и уши на единицата. Тие располагаат со опрема од мини-роботи со камери до мини беспилотни летала со кои ги прикажуваат сите потрени информации и високо софистицирани микрофони од сите видови. Ќелијата ги поддржува трите посебни задачи: техничко разузнавње (детекција, опсеравација, слушање, следење), техника – набљудување и истражување, развој и иновација, односно:

- **Ќелија на специјално снимање** – со над 60 оружја со долг дострел наречени Акураси интернационал тип бр.AW 308, 338, со што единициата располага со високотехнолошки средства за гаѓање на долги релации. Тимовите редовно се обучуваат за мисии во сите услови и географски широчини и
- **Ќелија Синопи** – оваа ќелија на групата е една од неколкуте ќелии во светот која употребуваат високо обучени кучиња за извршување на мисии, пронаоѓање на експлозиви, гасови, мисии од хелихоптери, авиони и итн. Од расите се употребуваат белгиските овчари Малино кои се избрираат внимателно и по многу испитување и важат за едните кои воспоставуваат инзворедни чуства со својот господар што ги прави многу вредни за потребните интервенции.

**з) Начин на селекција и пополнување на единицата**

Со располагање на големи физички, технички и психолошки квалитети што секој кандидат мора да ги поседува, жените и мажите во единицата се регрутираат од редовите на Жандармеријата. Тие се регрутираат во текот на извршување на мисиите: земање на заложници, акции против тероризам, криминалитет и др. Изборот се врши на следниот начин: за полициски службеници кои директно се земаат од Жандармеријата, за подофицери се земаат подофицери од целата структура на Жандармеријата, но пред тоа мора да исполнуваат одредени физички и здраствени критериуми. Сите мора да бидат способни да летаат и да бидат под 34 годишна возраст. Сите кандидати се теситраат во Париз и поминуваат низа тестови од физички и технички карактер, психолошко тестирање, тестирање во група, тест со прашалници, се тестира со практикување на одредена ситуација или случај тестирање со психолози. Кандидатите кои ќе бидат избрани поминуваат едногодишна обука. Личноста останува во единицата до наполнети 40 години за полицајците, односно 44 години за службениците (водници, офицери) и 46 години за специјалците. Кога ќе ја достигнат својата старост, персоналот се доделува на единиците на традиционалната жандармерија.

**ѕ) Специјалности**

**Нуркачи** – во работењето на GIGN, понекогаш е потребна употреба на нуркачи. Тие се обучени за употреба на подводни средства. Нуркачите морат да добијат сертификати за употреба на опрема за воздух и се обучени при користење на истата за изведување на подводни мисии на површината да не се забележуваат меури на воздух.

**Преговарачи** – преговарачите преставуват составен дел од групата. Обуката за преговарање и техниките се базираат на обуката на ФБИ и се специјлано развиени од експерти на GIGN.

**Заштита** – заштитата преставува една од основните мисии на групата. Сите жандарми во групата се одлично запознаени со заштита во непријателски средини, борба гради во гради, дискретно прикривање на оружјето и др. Секогаш дискретно тие се подготвени да одговорат на било каков инцидент

**Стрелци** – Сите оперативци на групата при обуката располагаат со секаков тип на оружје. Тоа вклучува вежби на големи далечини (од 100-600 метри). Некои од единицата се специјализираат за употреба на оружје во градски услови за гаѓање на целта до 1,5 км. Сите се обучуваат до највисок квалите и совршенство мод мотото-точка, цел, погодок на самото место.

**и) Мисија**

Интерветната група на Националната жандармерија е симбол на жандармеријата, односно единица за управување со итни ситуации која бара посветеност од мажите и жените специјално обучени и опремени и имплементација на техники и специјални средства за извршувње на мисии. Интеревнтната група, се обучени и опремени со специфични средства и оружје со висок степен на софистицираност за извршување на своите мисии. Тие преставуваат единица за справување со многу злосторства: тероризам, земање заложници, апсења на опасни лица, немири во затвори, ризици и закани по виталните интереси на државата, собирање на разузнавачки информации и следење на опасни поединци (тероризам, организиран криминал).

Мисијата на Интервентната група првенствено се состои од следните задачи:

- Piratair – киднапирање,
- Piratmer – диверзија или напад на брод,
- Piratome – нуклеарен напад,
- Piratox – хемиски или биолошки напад и
- Piratext – француски државјани заложници во странство

Интервентната група на Жандармеријата – GIGN преставува гордост на Француската држава и стои рамо до рамо со најелитните специјални единици [60].

[60] http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ots591=0c54e3b3-1e9c-bc1e-2c24-a6a8c7060233&lng=en&id=100796

# ГЛАВА 4. СТРАТЕГИСКИ ПРЕГЛЕД НА УЛОГАТА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ ВО БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗМОТ

## 4.1 Стратегиска визија за борба против тероризмот

Војната против тероризмот преставува битка на оружје против оружје и борба против терористите и нивната убиствена идеологија. На краток рок, борбата вклучува примена на сите инструменти на национална моќ и влијание да се убие и зароби терористот, негирање и контрола на секој народ, спречување на терористите да дојдат до пристап на оружјето за масовно уништување, изградба на потенцијални за зајакнување на безбедноста, како и отсекување на нивните извори на финасирање и други ресурси.

Според стратегијата би се продолжило да се водат експанзивни меѓународни напори во извршување на визијата која е составена од два дела:

- Пораз на екстремизмот како закана за начинот на живот, како слободно и отворено општество и
- Зодавање на глобална животна средина, непријатна за насилни екстримисти како и за тие кои ги подржуваат нивните цели и дела како [61].

## 4.2 Одбрана на потенцијалните цели на напад

Денешните непријателски терористички организации ги користат пропустите на безбедносните сили. Целта на терористичките дејствувања не преставуваат владините сајтови, официјални владини безбедносни структури. Целта на дејствување на денешните терористички органзации преставуваат т.н меки мети – училишта, ресторани, места за обложување, јавен транспорт каде има големо движење на невино население и каде местата секогаш се добро обезбедени.

Специфичните цели се разликуваат, тие се симболични и избрани, бидејќи тие ќе произведат масовни жртви, економска штета илипак двете заедно. Невозможна е заштита на сите потенцијални цели во исто време, но можно е одвраќање на нападите како и ублажување на ефектите преку стратешко подобрување на мерките во борба против терроризмот. Една од најважните напори во заштита преставува заштитата на критичните инфраструктури и клучни ресори – енергетика, прехрана и земјоделството, вода, телекомуникации, здравство, транспорт, одбрана на индустриски бази, владини објекти, пошта и превоз, хемиска индустрија, служба за итни случаи, споменици, информатичка технологија, брани, комерцијални објекти, банки и финасиски објекти и нуклеарни реактори и материјали [62].

## 4.3 Директен и проширен напад против тероризмот

Во борбата против тероризмот, потребна е одлучност, енергичност и нетолеранција на актите на тероризам. Потребна е одлучна акција и против народите кои извршуваат тероризам, и тие коим и даваат засолниште на терористичките активности. Борбата против тероризмот ќе се одвива секогаш и секаде и ништо не

[61] National Strategy for combating Terorism – CIA, 2003

[62] www.un.org /secureworld/report2. pdf. 2004

преставува повозвишена цел од слободна и просперитетна држава.

Заради исполнување на наведените цели, потребно е:

- Преземање на одлучна борба против тероризмот и нациите кои ги кријат терористите,
- Посветување на поголемо внимание на потребните ресурси за вооружените сили,
- Зголемување на капацитетите на разузнавањето,
- Почитување на меѓународните договори и Женевските конвенции и непопречување во потрагата по терористите и
- Охрабрување и соработка со силите на државите кои соработуваат во борбата против тероризмот.

Во поддршка на борбата против тероризмот неопходно но и потребное да се знае и следното:

- Самостојно делување на вооружените сили кога соработката со сојузничките сили се одвива на потежок начин, заради различни политики, интереси и ограничувања,
- Превентивно делување во борба против тероризмот,
- Ослободување на акциите на вооружените сили во борба против тероризмот од разни бирократски ограничувања и
- Користење на воена сила во борба против тероризмот понекогаш предизвикува и загуба на невини животи [63], па потребен е одговор на тероризмот во согласност со националната етика и демократските вредности.

## 4.4 Стратегија за победа во борба против тероризмот

Долгорочното решение во борбата против тероризмот преставува унапредување на слободата и човековото достоинство преку ефективна дипломатија. Ефективните демократии ги почитуваат основните човекови права, вклучувајќи ја и слободата на религијата, совеста, говорот, собирањето, здружувањето. Ефективните демократии

[63] National Military Strategic Plan for the War on Terrorism pdf 2006

вршат ефикасен суверенитет и одржување на редот во сопствените граници, мирно решавање на причините за конфликт, заштита на независниот и непристрасен систем на правда, казнување на криминалот, владеење на правото и спротиставувањ ена корупцијата.

Во водење на ефикасна борба против тероризмот, потребное да се сознае она што води до терористички чин, но и спознавање на она што не преставува терористички акт:

- Тероризмот е неизбежен нус – производ на сиромаштијата (Многу од киднаперите од 11 септември преставувале средна класа),
- Тероризмот не преставува само резултат на американското непријателство во Ирак. Земјите кои не учествувале во напорите на коалицијата во Ирак не биле поштедени од терористички напади и
- Тероризмот не преставува одговор на терористичките напори за да се спречат терористичките напади.

Извори на тероризам со кои се соочуваденешниот свет преставуваат:

- **Политичко отуѓување** – Трансанационалните терористи се регрутирани од населението без глас во нивната сопствена влада и не гледаат легитимен начин за да се промовираат промените во нивните земји. Без удел во постојниот поредок, тие се подложни на манипулација од страна на оние кои се залагаат за перверзна визија врз основа на насилство и уништување,
- **Поплаки за обвинување на другите** – На неуспехот на терористите се чуствуваат и незабележливите неправди од неодамнешните или подалечни мината. Терористичката реторика содржи рани поврзани со минатото кои преставуваат моќна мотивација за одмазда и терор,
- **Субкултури на заговор и дезинформации** – Терористите поефикасно регрутираат популации или членови чии информации за светот се извалкани со лаги и теории за заговор. Нарушувањата содржат поплаки и филтрирани факти кои би предизвикале предрасуди и пропаганди и

- **Идеологија за оправдување на убиството** – Тероризмот во крајна линија зависи од идеологијата која го оправдува, па дури и го величи намерното убивање на невини луѓе.

За победа над тероризмот потребно е решавање на наброените фактори:

- Ефективната демократија ги обезбедува потребните услови за спротиставување и намалување на условите кои се потребни за терористичко делување,
- Наместо отуѓување, демократијата нуди сопствен удел во општеството, шанса за креирање на сопствената иднина,
- Наместо поплаки, демократијата нуди владеење на правото, мирно решавање на споровите и навики за унапредување на интересите преку компромис,
- Наместо култура на заговор и дезинформации, демократијата нуди слобода на говорот, независни медиуми и пазар на идеи каде што можат да се дискредитираат лагите, предрасудите и нечесните пропаганди и
- Наместо идеологија која го оправдува убиството, демократијата нуди почитување на човековото достоинство.

Демократијата преставува антитеза на тиранијата, која ги осудува терористите кои се подготвени да убиваат невини цивили. Демократијата се заснова на правото на зајакнување, додека правото на тероризмот се заснова на тиранија и ропство. Таа ги проширува границите на слобода на своите граѓани, додека тероризмот се обидува да наметнува тесни верувања и ограничувања.

Но демократијата ги гледа поединците како единки по вредност и достоинство, со сопствени потенцијали за создавање, регулирање на самите себеси и за остварување на основните вредности на слобода на говорот и совеста [64].

[64] National Military Strategic Plan for the War on Terrorism pdf, 2006

## 4.5 Елементи на контра – терористичка стратегија

Во глобалната борба против тероризмот, контра – терористичките активности преставуваат непроценлива вредност. Вредноста на овие елементи во воените кампањи, преставуваат јасни и конкретни планови на акција, одлучно лидерство и ефикасни комуникациски ситеми.

Во елементи на контра – терористичка стратегија спаѓаат:

- **Размена на разузнавачки информации** – потребно е континуирано разменување на разузнавачки информации, дипломатски извештаи и формирање на отворен извор за константно информирање и дистрибуција на потребните информации во секое време,
- **Формирање на национален контра – теристилки центар** – примарна улога на центарот би преставувало анализа на сите разузнавачки информации кои се однесуваат на тероризмот, тој ќе служи како заеднички центар на сите информации потребни за борба против тероризмот, ќе преставува извор на податоци потребни на владата за широк спектар на анти – терористички активности и на крај тој би служел како главен советник во разузнавачките операции и анализи во борбата против тероризмот, програми, буџети и предлози за контра – терористичко делување,
- **Меѓународна финансиска соработка** – повеќето од земјите се членки на Меѓународната конвенција за сузбивање на тероризмот, но и повеќето го немаат криминализирано тероризмот како кривично дело. Поради тоа, државите немаат можности и способности за извршување на прописите. Со меѓународната финансиска помош ќе се укажува техничка помош на земјите во отсекување на финансирањето на терористите,
- **Рации во терористичките бази, засолништа и кампови за обука** – Поради локацијата на терористичките кампови и бази на обука во странски држави, се охрабруваат владите за преземање на акции за уништување на ваквите објекти, но бидејќи секој напад на странска

земја повлекува меѓународни правила, потребна е синхронизирана акција на силите и силите на сојузничките земји и

- **Помош во развој** – е обезбедувањето на економската помош за подобрување на економската сигурност и можности за подобрувања на политичкиот живот како мерка би преставувале цели кои би ги одвратиле и би го намалиле чуството на очај и потик за извршување на терористички акт [65].

## 4.6 Национален воен стратегиски план за борба против тероризмот

Министерството за одбрана на било која земја, преставува овластен орган и синџир на команда, кој во координација со други владини агенции и коалициони партенри развива планови кои се однесуваат на:

- Спречување на терористички напади, напади против сојузниците во борба против тероризмот и нивните витални интереси,
- Напади и нарушувања на терористички мрежи во странство со цел предизвикување на неспособност на непријателот во обид да извршува напади,
- Негирање на терористичките мрежи заради поседување или употреба на оружје за масовно уништување,
- Создавање на услови на функционирање на сојузничките држави во ефикасно управување со нивните територии и пораз на тероризмот и
- Придонеси во одржување и воспоставување на глобална животна средина, спротивна на средина во која би делувале терористите и нивните подржувачи.

Во склоп на нацоналната воена стратегија, воениот стратегиски пристап би се фокусирал на воени операции на таков начин, што ќе ги помага останатите елементи на национална моќ во поткопување на непријателските центри и нивната насилна екстремистичка идеологија. Стратегијата и воениот пристап во борбата против тероризмот своето влијание го изразуваат преку начини, цели и средства. Силите

[65] National Military Strategy of the USA, Redefininig Amerca Military

потребни за ваков тип на операции ќе изведуваат директни и индиректни методи на поддршка во активностите во борбата против терористичката идеологија и изградба на капацитетите на сојузничките држави во борба против тероризмот.

Целите, начините и средствата во борба против тероризмот би биле следните:

- **Пораз на терористите и нивните операции** – Воената стратегиска цел би се однесувала на непријателската умешност и способност во изведување на глобални терористички операции. За спречување на ваквите терористички напади, потребен е континуиран воен-оперативен развој и развој во разузнавачките активности кои ќе овозможат напад врз глобалните терористички организации,
- **Контра – државна и недржавна подршка на тероризмот во координација со агенциите и партнерските нации** – Државното спонзорство преставува и обезбедува пристап на екстремистичкото делување до клучните ресурси на државата. Подржувачите на тероризмот преставуваат сериозен товар на финасиското работење на владите. Активностите на државата потребно е да бидат насочени кон де – легализација на непријателската идеологија и да се создадат услови кои би ги изолирале јазлите и конекциите на терористичките мрежи. Во напорите во борба против тероризмот, значителна улога ќе имаат и напорите кои ги спроведуваат и земјите – сојузнички. Улогата на војската во спротиставување на непријателската идеологија и пропаганда ќе има клучен карактер. Тој карактер би се оденсувал на спроведување на воена обука, програми кои би преставувале клуч за потикнување на лидерството во донесување на одлуките и информирањето. Начините на кои вооружените сили би придонеле во борбата против тероризмот би преставувало: обезбедување на самите вооружени сили и безбедноста на нивните операции во борба против непријателската пропаганда и идеологија и спроведување на операциите на таков начин, место и избор кои ќе влијаат на идеолошката поддршка на тероризмот. Познавањето на населението и неговата културна чуствителност и разбирањето на начинот како непријателот работи и ги

користи акциите против вооружените сили, ќе преставуваат патоказ како вооружените сили во иднина би требало да се однесуваат и

- **Хуманитарна помош** – претсавува покажување на добра волја и добродушност во операциите во странство, зајакнување на поддршката со локалните власти и решение за проблемите кои терористите би ги користеле за добивање на подршка на нивната идеологија [66].

## 4.7 Национална воена стратегија

Националната воена стратегија ја нагласува потребата за редефиниција на вооружените сили кон предизвиците на новата ера.

Во редифинирање на вооружените сили би се издвоил следниот израз:

**” Надворешната политика и меѓународната безбедносна структура мора да се продолжуваат да се прилагодуваат на динамичната, безбедносна и животна средина ”.**

Во стратегијата за националната безбедност се потврдени насоките за задржување и дефинирање на националните интереси и тоа се:

- Безбедноста на граѓаните, партнерите и сојузниците,
- Силна, иновативна и растечка економија во отворен меѓународен економски систем базиран на просперитет и можности,
- Почитување на универзалните вредности и
- Помош на меѓународниот поредок во промовирање на мирот и можности преку силни соработки во исполнување на глобалните предизвици.

Во склоп на наведеното, формирани се и националните воени цели:

[66] National strategy for combating terrorism, June, 2011

- Борба против екстремизмот,
- Одвраќање на пораз и агресијата,
- Зајакнување на меѓународната и регионалната безбедност и
- Обликување на силите.

### 4.7.1 Борба против екстремизмот

Стратешка цел во борба против тероризмот би преставувало растурање на Ал Каеда и нејзините структури во Авганистан и Пакистан и спречување на повторна активност во овие земји. За остварување на оваа цел потребна е целосна соработка со НАТО сојузот со што би се зајакнала и проширила мрежата на парнерство за подобрување на капацитетите на пртнерството во остварување на безбедноста.

Во прилагодување на новите предизвици и преземање на напори за совладување на истите, би се преземале чекори за одрекување од терористички придобивки кои тие ги добиваат од нивните извршени напади и би се одговорило на било каков напад од страна на терористичките организации со цел спектар на воени капацитети и соодветни мерки. Дисциплинираната сила во користењена воените капацитети и меѓународното право, би ги зголемиле шансите за стратегиски и оперативни успеси и поефикасен напредок на националните политики во борба против тероризмот.

### 4.7.2 Одвраќање и пораз на агресијата

Спречувањето на војните преставува еден од најврвните приоритети, поради фактот што секоја војна преставува скапа инвестиција. За просперитетен свет потребна е стабилна и безбедна животна средина со отуство на територијална агресија и конфликти помеѓу државите, безбеден сајбер – простор и стабилни пазари. Конфликтите помеѓу државите го нарушуваат стабилното одржување на пазарите и ја прекинуваат трговијата. Целта на вооружените сили би преставувало безбедносен гарант во одвраќање и поразување на регионалните агресии кои би ги загрозувале националните интереси.

### 4.7.3 Зајакнување на регионалната и меѓународната безбедност

САД, како глобална сила и нејзините интереси се длабоко испреплетени со безбедноста и стабилноста на меѓународниот систем – систем на сојузи, партнерства и институции. Целта на ваквиот пристап преставува комбинација на сила потребна за совладување на предизвиците. Во зајакнувањето на регионалната и меѓународна безбедност потребно е секогаш високо мотивирани вооружени сили, глобално достапни, но со регионален фокус. Во изведувањето на мисиите за глобална борба против тероризмот, потребна е синхронизирана активност со партнерските нации. Тоа подразбира пристап до бази, пристаништа, аеродроми со целосна заштита и почитување на економските и безбедносни интереси. Во глобалната борба, потребно е почитување на културните вредности и суверенитет на државите домаќини.

### 4.7.4 Обликување на силите

Во борба против тероризмот, се зголемуваат ризиците како и буџетите потребни за остварување на целите. Кон приспособување на ризиците и притисоците,потребни се вооружени сили и воена структура која нема да пати од неподготвеност и ќе располага со голема воена опрема и обука. Наместо страв и ризик, воените сили ќе ја одржуваат целината, ќе го подигнат квалитетот на војниците, ќе ги одржуваат и развиваат способностите, ќе го одржуваат темпото на ефикасни операции и ќе располагаат со сила потребна за идните предизвици и ризици.

Потребно е одржување на технолошка супериорност, со можност за искористување на капацитеот на силите во секое време, подобрување на капацитетот и нивно модернизирање со ефективно воведување на нова и модерна технологија.
Здружените сили би овозможиле пристап, простор и слобода на маневрирање во домените на:

- Оспособување на силите за изведување на цел спектар на операции,
- Заеднички мисии со останатите сили,

- Воздушни операции – извршување на операции за обезбедување, одржување и обезбедување на непречен пристап, брза глобална мобилност на силите, глобално интегрирано разузнавање, надзор, извидување, команда и контрола и
- Подобрување на сајбер – просторот и негова ефикасна контрола [67].

## 4.8 Здружени сили

Во обезбедување на успесите на мисиите на вооружените сили во справување со тероризмот, важна алка би преставувало исполнување на неколку принципи од програмата за развој и модернизација кое би се состоела од следното:

- Поради неможноста за предвидување на стратешката животна средина, ќе се одржуваат широки воени капацитети и флексибилен спектар на мисии. Одржување на вооружени сили според големиата на мисии и обликување според областите на делување,
- Промени во финансиските институции – промената би се состоела во еволуција на стратешки, оперативни, економски и технолшки области,
- Решеност во обезбедување на подготвена и способна сила во моменти кога би се намалувал нејзиниот капацитет. Спротиставувајќи се на мерката за жртвување на способноста на вооружените сили со цел да се задржи потребната структура, би се обновувале капацитетите кои биле запоставувани и сметани за непотребни,
- Испитување на влијанието на стратегијата во непредвидливи ситуации, заради заштита на ресурсите,
- Преземање на дополнителни мерки во задржување и изградба на клучни мерки на полето на мрежно војување и
- Во адаптирање на стратегиите, би се вложиле максимални напори и средства за одржување на соодветните бази и инвестиции во науката и технологијата, за нивно искористување во борба против тероризмот, нивното влијание како и нивниот брнифит е прикажан во [68].

[67] www.dia.mil/ DIA – Strategic plan 2012 – 2017

[68] www.dia.mil/ DIA – Strategic plan 2012 – 2017

## 4.9 Национална стратегија за внатрешна безбедност

### 4.9.1Спречување на терористички напади

Националната стратегија за внатрешна безбедност преставува придружник на стратегијата за борба против тероризмот и нивните заеднички делови во спречување на терористичките напори и двете истовремено се надополнуваат. Стратегиите имаат за цел спречување на терористичките напади, одрекување на терористите од користење на оружјето за масовно уништување и негови материјали, спречување на влез преку државните граници, спречување на појави предизвикани од исламски радикализам, спречување на регрутација на нови регрути и домашен ганстерски екстремизам

### 4.9.2 Спречување на тероризмот во користење на оружјето за масовно уништување

Цел на терористичките напади преставуваат нанесување на катастрофални штети во човековото секојдневие со презир на човековиот живот и со нивна итрина и способност да дојдат до оружјето за масовно уништување. Во целите на повеќето мисии во борба против тероризмот, преставува и негирање на влез на терористите, нарушување и забрана за користење на оружјето за масовно уништување. Со интегрирање на разузнавачките напори, напорите на владата, приватнит сектор и сојузниците во борба против тероризмот, во склоп со меѓународните закони и законите на институциите на државите, стратегијата за домашна безбедност би се темелела на:

- Утврдување на терористичките намери, способности, како и планови за развивање и здобивање на оружје за масовно уништување,
- Негирање на терористичкиот пристап до материјали, стручност и други способности потребни да се развие оружје за масовно уништување,
- Спречување и одговор на оружје за масовно уништување поврзано со терористичките тактики и
- Дефинирање на природата и изворот на терористичкиот пристап до оружјето за масовно уништување.

Оружјето за масовно уништување во рацете на терористичките организации би преставувало една од најтешките закани за човековото постоење и не смее да се дозволи терористите да дојдат до ова опасно орудие.

### 4.9.3 Негирање на терористите, нивното оружје и други материјали поврзани со закани врз внатрешната безбедност

Негирање на терористичките можности да патуваат на меѓународно ниво, а посебно во рамките на државните граници, сериозно би ја нарушила и намалила нивната ефикасност. Со спречување на терористите и нивните цели на уништување, се спречуваат нивните способности да ги идентификуваат нивните потенцијални цели, нивното планирање и извршување на нападите.

### 4.9.4 Спречување на користење на патишта од страна на терористичките организации

Продолжување на зајканување на слоевитиот систем на заштита кој започнува од странство и продолжува до границите на државите, пристаништа, улици, железници и воздушниот простор, со цел спречување на терористите, нивното оружје, а сето тоа поврзано со нивното влегување во земјите и експлоатација на патиштата. Во лицето на информираните терористи, мора да се продолжи и прошири програмата на биометриско запишување на две до десет отпечатоци од прсти, како и потрага од науката и техниката кои ќе овозможуваат модерни мулти моделни биометриски способности за во иднина за проверка на прсти, мирис, лице или ирис на око.

### 4.9.5 Спречување на насилна екстремистичка радикализација

Апсењето и судското гонење на мал број на насилни исламски екстремисти се покажало дека земјите не се имуни на појавата на нов насилен исламски екстремизам. Потенцијалните катализатори во рамките на муслманските заедници вклучуваат чуства или перцепција на социјална дискриминација кои произведуваат чуство на отуѓеност од опшштеството, недоверба од страна на владата, перцепции на политичка и

економска нееднаквост и незадоволство од страна на домашната политика. Фокусот на стратегијата би се насочил кон спречување на нов насилен естремизам.

### 4.9.6 Идентификација и спречување на изворот на радикализација

Носителите на ансилниот екстремизам се потпираат на пристапот на насочување и воведување на идеологијата на тероризмот во заедниците. Органите на спроведување на законот мораат да продолжат да ги идентификуваат адресите и изворите на насилни екстремистички радикализации во заедницата. Места каде што радикализацијата зема замав преставуваат затворите. Со цел спречување на радикализацијата, ќе се продолжи со мерките на зајканување на заедницата и коренити иницијативи кои јавно би ги осудиле употребата нанасилство и специфичните акти на тероро каде и да бидат пројавени. Ќе се оствари поддршка на заедницата во промоцијха на вредностите на државјанство, демократизација, демократија, интеграција, верска толеранција, како и заштита на граѓанските права и зголемување на соработката помеѓу државните органи и муслиманските заедници во спречување на радикализацијата, особено во затворите.

### 4.9.7 Продолжување на напорите во разбирање на радикализацијата

Во постигнувањето на успех во спречувањето на нови форми на насилен екстремизам, потребно е да се сфати дека исламските екстремисти, ќе созададат нови методи и идеологии во ширењето на омраза и извршување на убиства. Со цел да се идентификуваат новите трендови на појава на насилен ескстремизам, се унапредуваат знаењата преку поддршка на релевантни и јавни приватни истражувања, вклучувајќи ги и односите и слабостите во потклекнувањето на поединци во рацете на насилниот екстремистички тероризам. Се продолжува соработката со муслиманските заедници во подобрување на разбирањето на изворите на насилниот екстремизам и трендовите на радикализација, како и односите кои се случуваат во однос на влијанието на технологијата врз радикализацијата [69].

[69] National strategy for combating terrorism, June, 2011

## 4.8 Глобална стратегија за борба против тероризмот

Клучните цели, според глобалната стратегија во сузбивање на тероризмот преставуваат:

- Потсетувајќи се на клучната улога на Генералното собрание на ОН во следење на имплементацијата и ажурирање на стратегијата и истакнувајќи ја благодарноста до центарот на ОН за борба против тероризмот, иницирани се активности и придонеси за зајакнување на ОН во борба против тероризмот,
- Обновување на непоколебливата посветеност кон зајакнувањето на меѓународната соработка за спречување и борба против тероризмот во сите негови форми и манифестации,
- Потврда, дека тероризмот не може и не треба да биде поврзан со ниту една религија, националност, цивилизација или етничка група,
- Признавајќи дека меѓународната соработка и преземените мерки од страна на земјте – членки за спречување и борба против тероризмот, земјите мора целосно да ги исполнат своите обврски според меѓународното право, вклуќувајќи ја и Повелбата на ОН, особено целите и принципите и релевантните меѓународни конвенции и протоколи, посебно за човековите права, бегалците и меѓународното хуманитарно право,
- Генералното собрание како надлежен орган со универзално членство за решавање на прашањата од меѓународен тероризам,
- Признание на улогите на жртвите од тероризам во сите негови форми и манифестации, можат да играат исклучителна улога нагласувајќи ја потребата да се промовира меѓународната солдарност за поддршка на жртвите на тероризмот и да се осигура дека жртвите на тероризмот се третираат со достоинство и почит,
- Повторување на силната и недвосмислена осуда на тероризмот во сите негови форми и манифестации, извршени од било кого и боло каде и за какви цели и преставува една од најсериозните закани за меѓународниот мир и безбедност,

- Потврда за важноста на интегрирана и избалансирана имплементација на столбовите на Стратегијата и признавајќи ја важноста за зголемено внимание и напори за имплементација на истата,
- Признавање на директна одговорност на земјите-членки за спроведување на Стратегијата, потикнување на понатамошна разработка и развој на национални, субрегионални и регионални планови и поддршка за спроведување на стратегијата,
- Работа и напори од страна на релевантни тела и лица на ОН и други меѓународни, регионални и субрегионални организации во насока и подршка, препознавање и заштита на правата на жртвите од тероризмот во сите негови форми и манифестации и ги повикува земјите-членки да ги забрзаат нивните напори за барање на техничка помош за градење на капацитети на земјите – членки во развој и имплементација на програми и поддршка на жртвите од тероризмот,
- Потврда за подобрување на дијалогот помеѓу преставниците на земјите – членки за промоција на меѓународни, регионални и субрегионални соработки и пошироко значење на стратегијата, со цел борба против тероризмот и во тој поглед потсетувајќи на улогата на системот на ОН во борба против тероризмот, посебно во спроведување на Работната група во промовирање на меѓународна соработка и градење а капацитети како елементи на стратегијата,
- Загриженост за зголемена употреба во глобализираното општество на нови информатички и комуникациски технологии од страна на терорстичките организации преку терористички акти,
- Загриженост за зголемен број на инциденти на киднапирање и земање на заложници со цел прибирање на парични средства или добивање на политички остапки,

- Потреба од продолжување на преземените мерки за спречување и сузбивање на финансирањето на тероризмот и во оваа смисла се охрабруваат субјектите на ОН, да соработуваат со земјите-членки и да продолжат да обезбедуваат помош на нивно барање, особено помош во целосна имплиментација на меѓународните обврски за спречување на финансирање на тероризмот и
- Охрабрување на сите релевантни меѓународни, регионални и субрегионални организации и форуми кои се вклучени во борбата против тероризмот и соработка со ситемот на ОН за поддршка на стратегијата и истакнување на иницијативите кои одат во ваквата насока.

# ЗАКЛУЧОК

Како метод на судир, феномен кој преживеал и еволуирал низ неколку милениуми и кој се развил во модерна информациска придобивка на послабиот против посилниот, тероризмот продолжува да се прилагодува и одговара на новите предизвици и форми на конфликти и максимално да ги користи случувањата и предностите на технологијата и општеството. Тероризмот како феномен покажал и покажува способност да се адаптира на мерките за негово сузбивање и максимално користење на политичките придобивки во едно општество. Терористите потпомогнати од државите – спонзори и користејќи ја модерната технологија развиваат нови способности за напад и ја подобруваат и максимизираат ефикасноста на своите препознатливи методи.

Покрај наведените успеси, терористите во глобалното опкружување се повеќе го покажуваат своето меѓународно влијание, како интегриран дел од некои недржавни субјекти ккао што се криминалните организации, корпоративни организации кои под превезот на легитимноста ги помагаат и финансираат ваквите структури кои постепено зајакнуваат до толкава мерка да ги контролираат владите кои ги симпатизираат нивните цели и начини на дејствувања. Терористите ги покажаа своите способности да се прилагодуваат на техниките и методите на контра – терористичките агенции и разузнавачки организации на подолг рок. Пример за тоа покажува децентрализираност на мрежата која преставува намалување на загубите од при елиминирање на главните врски на организацијата, како дека таквиот тип на организирање ја комплицира работата на безбедносните служби и ја намалува предвидливоста на операциите. Терористите брзо и многу вешто ја користат комуникациската технологија за

адаптација на нивните цели. За остварување на нивните цели и достапноста до потребните информации, тие ги експлоатираат мобилните телефони, интернет кафулињата и други средства за комуникација. Пр. Вгнездување на информации во дигитални слики и графики преставува нов вид на комуникација која ја користат терористите за тајна глобална комуникација.

Моќноста и апетитите на терористите секојдневно со зголемуваат со зголемување на насилството кое не вклучува само одреден сегмент од општеството (влада, полиција, судство), туку денеска е вклучено целото општество (ресторани, градински, болници, училишта ). Прилагодувањето на модерниот свет по правилото на тероризмот и неговите фактори на изненадување и непредвидливост, ја наметнаа потребата на прилагодување, развивање и одржување на сили за одговор на тероризмот. Процесот на одговор започнува со набљудување на потенцијалната терористичка закана, и утврдување на нејзината манифестација на дејствување. Потоа, се определуваат органи и сили за реакција – возвраќање на заканата, како и групи за подршка на одговор на терористичката закана. Во исто време треба да бидат и утвредни нивните мисии, нивната организациска структура, опремување, финансирање и обезбедување. Тие ќе ја преставуваат силата која треба да обезбеди заштита од терористичките закани и дејствивања, борба против тероризмот, патролирање по граничните територии, контра – терористички акции, обезбедување на домашната сигурност и безбедност и на крај обезбедување на хуманитарна помош и помош при катастрофи. Определувањето на потребните сили, во овој случај, концепот на истражување е ставен на вооружените сили (војската) и нејзината во денешни рамки зголемена употреба во справување со различни закани.

Улогата на војската како прв одбранбен одговор останува и ќе останува во иднина заштита на државата и нејзините територијални граници. Глобалниот модерен свет и глобалните предизвици бараат и водат кон размислувања да вооружените сили освен традиционалните закани се определуваат за заштита и на закани од внатрешна природа и задачи за поддршка на операции под цивилна команда. Новите закани придонесуваат да улогата на вооружените сили земат еден посуптилен пристап кој се одразува на заштита на човековите права, човековата безбедност, поддршка на економската безбедност, долгорочни инвестиции во заштита на животната средина и намалување на сиромаштијата како стратегија за намалување на насилството и конфликтите. Улогата на војската во внатрешната безбедност како нова

нетрадиционална задача се разликуваат од земја до земја. Таквата улога, надлежност и ограничувања зависат од историските, правните, социјалните и политичките контексти на секоја земја. Задачи кои војската би ги извршувала би биле: превоспитување на младите во центри или специјализирани центри за обука, изградба на патишта и инфраструктура, инжинеринг, помош на јавната администрација и населението во случај на големи индустриски инциденти, големи терористички напади, санитарни кризи со големи катастрофи или природни катастрофи.

Воените сили во денешно време носат големи предности во совладување на денешните предизвици, тие обично се подобро организирани, обучени, мобилни, добро опремени и достапни. Поради ваквата организираност, потребно е поставување на законска рамка по која тие би постапувале и ќе постојат многу јаки причини заради кои властите во либералните држави многу сериозно, аналитички и со висок степен на претпазливост ќе се одлучуваат да ги стават во функција вооружените сили (случај на претерана репресивна реакција на војската, односно некоја нивна грешка во проценките да предизвика несогледливи последици по оштеството и гинење на цивилното население, злоупотреба на војската поради неправилна обука за внатрешно распоредување и несоодветно разбирање на применливите грачански и кривични закони и процедури, несоодветно финансирање на вооружените сили ќе доведе двојна улога, односно фаворизирање на војската во справување со задачи од внатрешна улога на сметка на цивилните институции).

Глобалниот феномен на денешницата – тероризмот е премногу силен да самата држава како поединец би се спротиставила на ваквиот тренд на дејствување. Глобалниот тероризам подразбира и бара глобално дејствување, бидејќи тој е распространет насекаде.

Терористичките напади од 11 септември довеле до преземање на решителна акција против решителен непријател и обединување на целокупниот свет. НАТО како глобален воен концепт ги обединува вооружените сили и воените операции на алијанста во борба против тероризмот би се темелеле на четири чекори: антитерористички мерки, менаџирање со терористички закани и намалување на таквите последици, контра – терористички мерки, воена соработка и сили на заштита. Заради заштита на националните интереси и остварување на целите за развој на државите, примарни мисии на вооружените сили во денешно време би преставувале: борба против тероризмот, одвраќање на агресија, борба против оружје за масовно

уништување, ефективна соработка во сајберпросторот и спроведување на хуманитарни операции, операции за помош во катастрофи и други операции. Напуштајќи го концептот на гломазни армии и непотребно трошење на потребните ресурси, концептот на закана од друга држава (во денешниот модерен свет сеуште постојат обиди за вакво дејствување), силите на модерниот свет драстично го менуваат својот начин на дејствување и создаваат, модернизират и развиваат тип на сили кои ќе одговорат на дејствување на ваков тип на закани – специјални сили.

Специјалните сили или сили за специјлани операции преставуваат високо обучени единици за извршување на неконвенцијални, најчесто мисии со висок ризик. Тие денес преставуваат орудие на политиката, како и претходница на употреба на вооружените сили и прв чекор кон вооружена агресија.

Денес речиси сите земји располагаат со помали или поголеми формации на вакви сили. Намената на специјалните сили е повеќекратна и се манифстира во борбената, разузнавачко-субверзивната, политичката и психолошко-пропагандантa сфера.

Во истражувањето се преставени специјалните едници на неколку европски држави (Русија, В.Британија, Германија и Франција), како сликовите пример како специјалните единици можат да бидат ефикасни, енергични, но и во исто време опасно мотивирани и убоити. Војната против тероризмот преставува битка на оружје против оружје и борба против терористите и нивната убиствена идеологија. За обезбедување на висока успешност на мисијата-поразување на тероризмот, потребна е организација обука, опрема и секако доктрина на дејствување. Од доктрините и националните воени стратегии би се ивлекувале насоки за насочување на вооружените сили и насоки кои се потребни за успешно водење на силите од страна на воените раководства.

Одлуките не се секогаш лесни, но тие потребно е да бидат направени и донесени. За исполнување на наведените цели, потребно е вложување во личниот развој, квалитет на живот, стабилност и сигурност, придобивки и секако најважното-верување во предизвикот вооружена сила.

Терористичките закани ги исправаат вооружените сили пред досега најголем предизвик, заштита на сопствената држава и нејзините интереси – кој ќе биде победник, а кој поразен – ќе биде оној кој најумешно ќе се прилагоди на идните глобални предизвици.

# Користена литература:

[1]. Одри Курт Кронин, Џејмс М. Лудс, Напад на тероризмот, Нампрес, 2009 година,

[2]. www.terrorism.com,

[3]. www.terrorism – research.com,

[4]. www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm,

[5]. www.fbi.gov,

[6]. www.cia.gov,

[7]. www.cia.gov,

[8]. www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm,

[9]. Адријан Гелке, Новата ера на тероризмот и политичкиот систем, Магор, Скопје 2009 година,

[10]. The United Nations Office on Drugs and Crime (UNODC),

[11]. www.terrorism.about.com,

[12]. www.mi5.gov.uk,

[13]. Globality.cc.stonybrook.edu,

[14]. Митко Котовчевски, Менаџирање со терористички закани, Филозофски Факултет, Скопје, 2011 година,

[15]. www.nps.edu/Academics/Centers/CTIW/files/thenew20terrorism.pdf,

[16]. The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010,

[17]. Facing the Future - United States Department of Defense,

[18]. National strategy Documents – Homeland Security Digitaly Library,

[19]. The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010,

[20]. Hans Born and Aidan Wills, "The Roles of Armed Forces in Council of Europe Member States", European Commission,for Democracy Through Law (Venice Commission), Study on Democratic Control of Armed Forces, Study No. 389, CDL - DEM (2007) 009 (Strasbourg: Council of Europe, 26 September 2007),

[21]. www.envirosecurity.orgJoseph_G_Singh.pdf,

[22]. Royal Decree of 6 July 1994 on Operational Engagement of Military Forces and the Law of 20 May 1994, cited in Pierre d'Argent, "Military Law in Belgium", in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2003),

[23]. “Military Law in France”, in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2000,

[24]. See Royal Decree 1125/1976, Organic Law 4/1981 on the Declaration of Emergency, Law 2/1985 of 21 January 1985 on Civil Protection, cited in Kim Eduard Lioe, Armed Forces in Law Enforcement Operations? The German and European Perspectives (Heidelberg: Springer, 2011),

[25]. Jonathan Stevenson, “The Role of the Armed Forces of the United Kingdom in Securing the State against Terrorism”,

[26]. National Defence and the Canadian Forces,

[27]. “Military Law in France”, in Georg Nolte (ed.), European Military Law Systems (Berlin: De Gruyter Recht, 2003,

[28]. http://globality.cc.stonybrook.edu,

[29]. Law on Defense and Armed Forces, 2005,

[30]. www.languedoc – roussillon.pref.gouv.fr,

[31]. www.legifrance.gouv.fr/affichCode.do;jsessionid,

[32]. Armies in Homeland Security,

[33]. Johann Frank, “A Neutral’s Perspective: The Role of the Austrian Armed Forces in Homeland

Security”, Connections 2005,

[34]. www.fdfmod.org,

[35]. en.wikipedia.org/wiki/Luxembourg_Army,

[36]. Johann Frank, “A Neutral’s Perspective: The Role of the Austrian Armed Forces in Homeland Security”, Connections 2005,

[37]. The Eleventh United Nations Congress on Crime Prevention and Criminal Justice April 2010,

[38]. www.icrc.org/eng/assets/files/other/i-stephens.pdf,

[39]. www.un.org/sc/ctc,

[40]. Albrecht Schnabel and Danail Hristov – “Conceptualising Nontraditional Roles and Tasks of Armed Forces” – 2010,

[41]. Facing the Future - United States Department of Defense,

[42]. en.wikipedia.org/wiki/Armed_forces,

[43]. http://www.marshallcenter.org/mcpublicweb/ F_Publications/m.pdf,

[44]. www.nato.int/cps/en/natolive/76706.htm,

[45]. National Strategy for combating Terorism – CIA, 2003,

[46]. http://armypubs.army.mil/doctrine//pdf,

[47]. Митко Котовчевски, Борба против тероризмот, Скопје 2004 година,

[48]. Владимир Терповски, Специјални сили, Прима, Скопје, 1998 година,

[49]. www.au.af.military/doct.htm, August 2013,

[50]. www.encyclopedia2.thefreedictionary.com/standoff+weapon,

[51]. Plamen Torlakov, Special operations forces in the fight against terrorism on national territory,

[52]. Lord Robertson, NATO Secretary General, "The Role of the Military in Combating Terrorism" (Speech at the NATO – Russia Conference, Moscow, 9 December 2002),<http://www.nato.int /docu/speech/2002/s021209b.htm> (19 Nov. 2005),

[53]. Ping Evolving Internal Roles of th Armed Forces Albrecht Schnabel and Marc Krupanski,

[54]. http://en.wikipedia.org/wiki/Spetsnaz_GRU,

[55]. Russias elite commandos, clandestine of the Federal Security Servic,

[56] http://www.eliteukforces.info/special-air-service,

[57]. http://www.sondereinheiten.de/einheiten/gsg-9,

[58]. http://en.wikipedia.org/wiki/GSG_9#Equipment,

[59]. http://www.gendarmerie.interieur.gouv.fr,

[60]. http://www.isn.ethz.ch/Digital-Library/Publications/Detail/?ots591=0c54e3b3-1e9c-be1e-2c24-a6a8c7060233&lng=en&id=100796,

[61]. National Strategy for combating Terorism – CIA, 2003,

[62]. www.un.org /secureworld/report2. pdf. 2004,

[63]. National Military Strategic Plan for the War on Terrorism pdf 2006,

[64]. National Military Strategic Plan for the War on Terrorism pdf, 2006,

[65]. National Military Strategy of the USA, Redefininig Amerca Military Leadership,

[66]. National strategy for combating terrorism, June, 2011,

[67] www.dia.mil/ DIA – Strategic plan 2012 – 2017,

[68] www.dia.mil/ DIA – Strategic plan 2012 – 2017,

[69] National strategy for combating terrorism, June, 2011.